**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

МИНИСТЕРСТВО

ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# РЕВИДИРАНА ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИ ВО ВРАБОТУВАЊЕ И СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА (р) ЕСРП2022

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2020

**мај 2021**

# СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ..... 5

1.1 Подготовка и организациска структура ..... 6

1.2 Резиме на напредокот во имплементација на ЕСРП ..... 7

2. ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛЕН КОНТЕКСТ И СОСТОЈБИ ..... 13

3. НАПРЕДОК ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ЦЕЛИТЕ НА ЕСРП 2022 ..... 16

3.1.1. ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА СО НЕВРАБОТЕНОСТА, ОСОБЕНО КАЈ НАЈРАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ЛИЦА (МЛАДИ, ДОЛГОРОЧНО НЕВРАБОТЕНИ И ДРУГИ) ..... 16

3.1.1.1. Цел: Подобрување на вработеноста на младите и промовирање на повеќе и подобри работни места за младите лица ..... 17

3.1.1.2. Цел: Намалување на невработеноста на долгорочно невработените и лицата од останатите ранливи групи ..... 18

3.1.1.3. Цел: Поттикнување на интеграцијата на жените на пазарот на труд и ублажување на родовите јазови ..... 20

3.1.2. СПРАВУВАЊЕ СО НЕФОРМАЛНАТА ВРАБОТЕНОСТ ..... 21

3.1.2.1. Цел: Намалување на неформалната вработеност ..... 21

3.1.3. УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТАТА И УСЛУГИТЕ НА ЈАВНАТА СЛУЖБА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ..... 22

3.1.3.1. Цел: Понатамошно подобрување на капацитетите на АВРСМ ..... 22

3.1.3.2. Цел: Понатамошно подобрување на услугите и работата на АВРСМ со клиентите (невработените лица и работодавачите) ..... 22

3.1.4. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ ВО РСМ НА ТРИПАРТИТНО И БИПАРТИТНО НИВО, НА НАЦИОНАЛНО И НА ЛОКАЛНО НИВО, УНАПРЕДУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНОТО ДОГОВАРАЊЕ ..... 23

3.1.4.1. Цел: Јакнење на капацитетите на социјалните партнери и механизмите на социјалниот дијалог ..... 24

3.2.1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТНО ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ И ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ ..... 25

3.2.1.1. Намалување на осипувањето кај учениците и на бројот на лица кои рано го напуштаат образованието ..... 25

3.2.1.2. Унапредување на опфатот и условите за пристап до сите нивоа на образование на лицата (децата/учениците/студентите) со попреченост ..... 26

3.2.1.3. Подобрување на содржините и квалитетот во образованието и јакнење на капацитетите на човечките ресурси (капацитетите на училиштата и наставниот кадар) ..... 26

3.2.2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА ЗА КВАЛИФИКАЦИИ – ОСНОВА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ КВАЛИТЕТ ВО СИСТЕМОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ..... 27

3.2.2.1. Воспоставување одржлив систем на НРК и јакнење на човечките ресурси за негова примена ..... 28

3.2.3. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА НА РАБОТНАТА СИЛА И ГРАДЕЊЕ НА ФЛЕКСИБИЛНИ ПАТИШТА ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ ..... 28

3.2.3.1. Развој, модернизација и зголемување на атрактивноста на стручното образование и обука ..... 29

3.2.3.2. Развој и унапредување на неформалното образование и образованието за возрасни ... 29
3.3.1. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА И ЕФЕКТИВНОСТА НА СИСТЕМОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ ... 30
3.3.1.1. Цел: Подобрување на обемот, опфатот и таргетирањето на системот на социјалната помош ... 30
3.3.2.1. Цел: Развој и унапредување на социјалните услуги и можностите за вклучување различни субјекти во нивно квалитетно и ефикасно обезбедување ... 32
3.3.3.1. Цел: Зајакнување на процесот на деинституционализација ... 33
3.3.4.1. Цел: Понатамошно унапредување на условите и квалитетот на живот, пристапот до услуги и социјалната инклузија на Ромите во Република Македонија ... 35
3.3.5.1. Цел: Зајакнување на финансиската одржливост на пензискиот систем и унапредување на ефикасноста во остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување ... 36
3.3.5.2. Цел: Одржување на адекватноста на пензијата и заштита на стандардот на корисниците на пензија ... 36
3.3.6.1. Цел: Унапредување на пристапот до здравствена заштита за сите граѓани, условите во здравството и квалитетот на здравствените услуги ... 37
3.3.6.2. Цел: Подобрување на стручноста и компетентноста на здравствените работници 37
4. КОМУНИКАЦИЈА ... 38
5. ЗАКЛУЧОЦИ И ИДНИ ЧЕКОРИ ... 40
АНЕКС 1 – СЛЕДЕЊЕ НА ЕРСП МАТРИЦАТА НА ЦЕЛИ И МЕРКИ ... 45
АНЕКС 2 – СЛЕДЕЊЕ НА ЕРСП МАТРИЦАТА НА ИНДИКАТОРИ И ЦЕЛНИ ВРЕДНОСТИ ... 105

# Кратенки

АВРСМ – Агенција за вработување на Република Северна Македонија

БДП –Бруто домашен производ

БЗР – Безбедност и здравје при работа

БРО – Биро за развој на образованието

ВИНУ - Валидација на информално и неформално учење

ГМ – Гаранција за млади

ГМП - Гарантирана минимална помош

ГИЗ - Германско друштво за интернационална соработка

ЕСС - Економско-социјалниот совет

ЕСРП – Програма за реформи во вработувањето и социјална политика

ЕУ – Европска Унија

ИПА – Инструмент за претпристапна помош

ИПВ – Индивидуален план за вработување

ISCED - Меѓународната стандардна класификација на образованието

ЈЗУ - Јавна здравствена установа

ЈУ – Јавна установа

КБ - Клиничка болница

ЛЕСС- Локален економско-сцијален совет

МКФ - Меѓународната класификација на функционирањето

МТСП - Министерство за труд и социјална политика

МОН - Министерство за образование и наука

МОТ –Меѓународна организација на трудот

NEET - Не се вработени ниту во образование и обука

РСМ – Република Северна Македонија

СЗО - Светска здравствена организација

СОО - Стручно образование и обука

ФПИОСМ – Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија

ЦСОО - Центар за стручно образование и обука

УНДП - Програма за развој на Обединети нации

УРУОЈПЗ - Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците

# 1. ВОВЕД

## 1.1 Подготовка и следење на ЕСРП

Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020 (ЕСРП 2020) беше првично усвоена од Владата на Република Северна Македонија во август 2017 година. По усвојувањето на ЕСРП Програмата, се обезбеди редовно следење и известување за напредокот во имплементацијата на Програмата од страна на Работната група за секторот „Образование, вработување и социјална политика“. Во 2018 година се подготви првиот извештај за следење на спроведувањето на ЕСРП. Две години по активно спроведување на целите и мерките од ЕСРП 2020, се наметна потребата од нејзина ревизија. Ревизијата беше поттикната од промените во поставеноста на политиките, од кои дел – како тие во сферата на социјалната политика – имаа структурни поместувања; како и од тековните трендови и движења, преку кои се увиде потреба од ревизија на некои од целните вредности во ЕСРП 2020.

Со ревизијата, се продолжи временската рамка на ЕСРП до 2022 година. **Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022 – (р) ЕСРП 2022** ги утврдува реформите и политиките кои ќе се реализираат во рамките на трите приоритетни области и тоа:

**1. Пазар на труд и вработување**

**2. Човечки капитал и вештини и**

**3. Социјална инклузија и социјална заштита**

Во Ревидираната ЕСРП 2022 беше констатиран напредокот во текот на двете години по донесувањето на ЕСРП 2020, што имплицираше значајна ревизија на мерките и целните вредности на индикаторите. Имено, во Ревидираната ЕСРП 2022, за секоја област се издвојуваат одреден број насловни, исходни и процесни индикатори за мерење на вкупниот напредок во секоја област на ЕСРП. За сите индикатори се утврдија нови целни вредности за 2022.

Следењето на ЕСРП е во надлежност на секторската работна група за „Образование, вработување и социјална политика“. Во подготовката на Ревидираната програма се обезбедија и дополнителни консултации со социјалните партнери и претставници на граѓанското општество активни во областите опфатени со ЕСРП, со цел нивно запознавање со содржината на Ревидираната програма и обезбедување на коментари, забелешки и видувања. Секторската работна група е главна платформа за дијалог за политиките која е заеднички водена од министрите за образование и вработување. Во Секторската работна група членуваат претставници на следните институции: Министерство за труд и социјална политика, Министерство за финансии, Министерство за образование и наука, Министерство за здравство, Кабинет на Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, Кабинет на Министерот без ресор задолжен за Стратегијата за Ромите, Секретаријат за европски прашања, Државен инспекторат за труд, Државен завод за статистика, Биро за развој на образованието, Агенција за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ), Центар за стручно образование и обука, Центар за образование на возрасни, ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност. Во текот на 2020 година, заради ситуацијата со ковид-19 пандемијата и мекрите за заштита на здравјето, секторската работна група одржа два состаноци, наспроти планираните 4 состаноци.

Овој Годишен извештај за имплементацијата на „Ревидираната Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022“ за 2020 година беше разгледан од Секторската работна група на состанокот што се одржа на 25 мај 2021. Извештајот беше усвоен од страна на Владата на Република Северна Македонија во јуни 2021 (75-та седница на Владата на РСМ одржана на 1 јуни 2021).

## 1.2 Резиме на напредокот во имплементација на ЕСРП

Делот 3 во овој извештај детално го презентира напредокот во имплементација на ЕСРП 2022. Врз основа на анализата може да се заклучи дека и покрај предизвиците со кои се соочуваше Северна Македонија во 2020 година, постигнат е напредок во остварување на стратешките цели во трите приоритетни области. Најголем предизвик во 2020 година во Северна Македонија, како и во целиот свет, беше ковид-19 пандемијата, и здравствените и други рестриктивни мерки кои се спроведуваа заради ограничување на ширењето на пандемијата и заштита на здравјето на граѓаните. Покрај тоа, специфично за Северна Македонија е и тоа што во првата половина на 2020 година функционираше т.н. техничка влада, додека пак Собранието не беше функционално, односно беше распуштено заради планираните парламентарни избори во април, кои потоа се одложија за јуни (детално во дел 2). Оттука, сите мерки и политики се имплементираа преку уредби кои ги носеше техничката влада, а кои имаа законска сила.

### Приоритетна област 1: Пазар на труд и вработување

Оваа приоритетна област опфаќа четири стратешки цели. Во 2020 г. значителен напредок (и делумно надминување на таргетите поставени за 2022 година) е постигнат во целта подобрување на состојбата со невработеноста, особено кај најранливите категории, и покрај падот на економската активност, што веројатно се должи на анти-кризните пакети имплементирани од страна на Владата. Напредок е постигнат и во однос на специфичните цели за справување со неформалната вработеност и за зајакнување на социјалниот дијалог. Ограничен напредок е постигнат во унапредување на работата и услугите на АВРСМ, која со истите човечки ресурси требаше да опслужи поголем број клиенти што беа погодени од кризата и во исто време да продолжи да ги спроведува започнатите реформи-Гаранцијата за млади и активација на корисниците на гарантирана минимална помош.

Во однос на насловните индикатори за оваа стратешка цел, напредок е постигнат во два од четирите индикатори и тоа стапка на вработеност на жени (иако е потребен дополнителен напредок за постигнување на таргетот за 2022 година) и стапка на невработеност на млади лица (постигнат таргет).

ЕСРП поставува вкупно 10 индикатори за мерење на **подобрувањето на состојбата со невработеноста, особено кај најранливите категории лица** (млади, долгорочно невработени и други). И покрај здравствената и економска криза, главните индикатори на пазарот на труд се подобрени. Исклучок се вкупната стапка на вработеност (20 - 64), стапката на вработеност (20-64) кај мажите и индикаторот за NEET кои во 2020 година покажуваат одредено влошување после подолг период на намалување. Стапката на невработеноста на младите (15-29) е натфрлена веќе во 2020. И двата индикатори за младите се понеповолни кај жените, отколку кај мажите.

И покрај предизвиците на пазарот на труд поврзани со ковид-19 пандемијата која предизвика значително зголемен прилив во евиденцијата на невработени лица во АВРСМ, Гаранцијата за млади може да се оцени како успешна во 2020 година. Во Гаранцијата за млади во 2020 г. беа вклучени 25.502 лица (12.863 жени). Од нив, 7.684 се вработиле во период од 4 месеци, а 1.257 лица биле вклучени во некоја од активните мерки за вработување кои не водат кон директно вработување, но ја зголемуваат нивната вработливост. Според тоа, успешноста на Гаранција за млади во 2020 засега изнесува 35%. Опфатот на млади лица (15-29) со програми, мерки услуги за вработување, во рамки на годишните Оперативни планови достигна 66,8% за активни мерки и 35,5% за услуги на пазарот на трудот, што претставува натфрлање на поставениот таргет од минимум 30%.

Процентот на невработени лица – корисници на права од центрите за социјални работи, во однос на вкупниот број на учесници во активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот од 3,5% во активни мерки и 16,6% во услуги бележи пад во споредба со 2019 и е под таргетот од 30%.

Во однос на активацијата на лицата со попреченост во 2020, 71,3% од евидентираните вработувања на лица со инвалидност се во отвореното стопанство, во однос на вработувањата

во заштитни друштва што претставува мало влошување во споредба со 2019, но во секој случај го надминува таргетот од 60%.

Одреден напредок е постигнат и во однос на ублажување на родовите јазови, иако ситуацијата со пандемијата (и одлуките за онлајн одвивање на наставата) повторно ги стави жените во понеповолна позиција на пазарот на труд во смисла на тешкотијата за балансирање на работата и грижата околу децата и домот. Во 2020, 44,7% од учесниците во активните мерки за вработување и 51% во услугите на пазарот на трудот биле жени. Дополнително, во рамки на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година, беа субвенционирани 66 бизниси, од кои 11 преку подмерката 1.4 Финансиска поддршка за женско претприемништво. Во Мерката 115 – Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство околу 250 апликации се квалификувале за неповратна финансиска поддршка. Напредок е постигнат и во однос на достапноста на услуги за згрижување на децата, како и сервиси за грижа на стари и изнемоштени лица и лица со попреченост. Во 2020 беа отворени 12 јавни градинки и 2 приватни градинки со што се креираше капацитет за најмалку 761 деца. МТСП додели грантови на 19 општини за воспоставување и развој на услуги за нега и грижа во домот, персонална асистенција, итн.

Напредок е постигнат и во однос на **справување со неформалната вработеност**. ЕСРП вклучува еден индикатор за мерење на напредокот во областа на неформалната економија, а тоа е учество/удел на неформално вработени во вкупниот број вработени лица. Овој индикатор има вредност 13,6% во 2020 со што е надминат поставениот таргет од 16,5% до 2022.

**Унапредување на квалитетот на работата и услугите на јавната служба за вработување.** ЕСРП поставува пет индикатори за мерење на напредокот во унапредување на квалитетот на работата и услугите на АВРСМ. Напредокот во оваа област е побавен од планираното, а тоа се однесува на неколку од планираните активности како воведување на нов модел на услуги, воведување на нов систем за собирање и објавување на слободните работни места, како и дизајнирање нов работен процес, ревидирање на постапките за спроведување и преформулирање на услугите за вработување. Сепак во 2020 година, АВРСМ постигна напредок во дигитализација на услугите што ги прави достапи услугите на Агенцијата од каде било и во кое било време. Порталот ќе поддржи имплементација на е-услуги.

Во текот на 2020 г. беа организирани вкупно 7 обуки за 129 вработени во АВРСМ, што е под поставениот таргет од мин. 550 вработени, односно секој од вработените најмалку еднаш годишно да биде вклучен во обука/семинар. Поради буџетските ограничувања во 2020, Агенцијата не беше во можност да ги реализира планираните модернизации на центрите за вработување, па само беше започнато реновирањето на центарот за вработување во Куманово.

Во 2020 се изработени 3.448 ИПВ-2 (индивидуални планови за вработување за тешко вработливи лица, односно за лица кои се соочуваат со значајни пречки за вклучување на пазарот на трудот), под поставениот таргет од 14.000. 115 (3,3%) од лицата со изработен ИПВ-2 биле вклучени во активна мерка за вработување, наспроти таргетот од 60%. Падот на бројот на изработени планови ИПВ-2 се објаснува со фактот што за изработка на ИПВ е потребно присуство на невработеното лице во центарот за вработување и подолго советување што беше отежнато заради воведените мерки за спречување на ширење на вирусот.

**Зајакнување на социјалниот дијалог и унапредување на колективното договарање.** ЕСРП вклучува пет индикатори за мерење на јакнењето на социјалниот дијалог на трипартитно и бипартитно ниво, на национално и локално ниво, како и унапредување на колективното договарање. Исполнувањето на поставените таргети за 2022 година е делумно, особено во делот на синдикална организираност (каде споредено со вредноста на индикаторите во 2018 има одредено влошување), додека пак кај бројот на колективни договори на ниво на работодавач и стапката на успешно решени колективни работни спорови преку механизмот за мирно решавање на работни спорови има стагнација. Од друга страна, постигнат е напредок во стапката на покриеност со колективно договарање на ниво на гранка и таргетот за 2022 година е веќе постигнат. Исто така, воспоставен и функционален механизам за следење на препораките на ЕСС и редовно следење на бројот на мислења/препораки упатени до владата на РСМ, со тоа што Економско-социјалниот совет веќе е профилиран како важен фактор во

усвојување на економски политики и политики на пазарот на труд, особено за време на кризата.

## Приоритетна област 2: Човечки капитал и вештини

Приоритетната област „Човечки капитал и вештини" вклучува три специфични цели: обезбедување квалитетно инклузивно образование и еднаков пристап до образование за сите; имплементацијата на Националната рамка за квалификации – основа за осигурување квалитет во системот за образование; и обука и зајакнување на вработливоста на работната сила и градење на флексибилни патишта за доживотно учење. Значаен напредок е постигнат во првите две специфични цели, каде таргетите се или веќе постигнати или е речиси сигурно дека ќе се постигнат. Неопходен е натамошен и брз напредок во третата специфична цел, спефицично во однос на населението вклучено во доживотно учење (каде процентот е доста низок, намален е во однос на 2019 година, и е многу под таргетираната вредност), како и стапката на вработеност на лица (20–34 год.) кои неодамна завршиле средно или високо образование.

Напредокот во оваа стратешка цел се мери преку насловниот индикатор Индекс на човеков развој. Сеуште не е достапна вредноста за индикаторот во 2020 година. Индексот на човеков развој во 2019 година изнесуваше 0,774 и е под таргетот од 0,780.

**Обезбедување квалитетно инклузивно образование и еднаков пристап до образование за сите**. ЕСРП предвидува три индикатори за обезбедување на квалитетно инклузивно образование и еднаков пристап до образование за сите. Во 2020 година е остварен напредок кај трите индикатори со тоа што кај стапката на лица кои рано го напуштаат образованието, поставениот таргет за 2020 година од 6,8% е веќе надминат (стапката на напуштање е 5,7% во 2020 година). Кај другите два индикатори е остварен значителен напредок и речиси е сигурно дека ќе се остварат таргетите за 2022 година. Имено, уделот на лицата на возраст 30-34 години кои имаат завршено високо образование се зголеми на 39,7% во 2020 (од 35,7% во 2019 година) и е блиску до таргетот од 40%. Стапката на ученици со посебни потреби вклучени во редовното основно и средно образование се зголеми на 67,1% (од 64,8% во 2018 година) со што поставениот таргет од 70% е остварлив.

Во текот на 2020 година постигнат е делумен напредок во инклузијата на децата од маргинализираните групи, пред сè во основното и средното образование. Во 2020 година беше зголемен и бројот на доделени стипендии во средно образование на средношколци Роми од 800 на 900. Воедно намален е бројот на ученици Роми во специјалните средни училишта. Напредок е постигнат и кон подобрување на интеграцијата и интеракцијата помеѓу ученици кои следат настава на различен јазик. Во учебната 2019/2020 и 2020/2021 ангажирани се образовни и лични асистенти за учениците со попреченост, вклучени во редовните училишта во соработка со УНДП. Започна процесот на трансформација на посебните основни училишта во основни училишта со ресурсен центар. Извршена е реконструкција и изградба/доградба на нови училишта/објекти, како и спортски сали.

**Имплементација на националната рамка за квалификации – основа за осигурување квалитет во системот за образование и обука.** Напредокот во оваа сфера се мери преку три индикатори. Два од поставените индикатори се веќе постигнати. Воспоставена е фунционална Опсерваторија за вештини, како и функционален Регистер на квалификации. Одреден напредок е постигнат во зголемување на бројот на секторски комисии за квалификации (зголемен е бројот од 9 на 10 во 2020 година), но потребен е натамошен напредок за постигнување на целта од 16 секторски комисии во 2020 година. Во 2020 година беше формирана уште една дополнителна Секторска комисија за здравство и социјална заштита.

Усвоени се процедури и упатства за осигурување на квалитет согласно препораките на Европската рамка на квалификации и истите се објавени на веб страницата mrk.mk.

**Зајакнување на вработливоста на работната сила и градење на флексибилни патишта за доживотно учење.** Во ЕСРП 2022 се утврдени четири индикатори за следење на напредокот во остварување на оваа цел. Значаен напредок и надминување на таргетот за 2022 година е постигнат во однос на учество на учениците во средните стручни училишта како % од вкупниот број ученици во средно образование. Овој индикатор изнесува 62,1% во 2020 година (таргет

>60%). Учеството во доживотното учење (2,6%) е сеуште под таргетот за 2022 година од 4%. Одредено влошување е забележано кај стапката на вработеност на лица (20–34 год.) кои неодамна завршиле средно или високо образование, која е намалена на 54.5% (од 57,2% во 2019) и е под таргетот од 55%. Во 2020 година основани се три Регионални центри за стручно образование и обука.

Во насока на обезбедување на поголема усогласеност на стручното образование и обука со потребите на пазарот на труд, реформирано е четиригодишно стручно образование. Наставните програми се изработени во соработка со бизнис заедницата и ги отсликуваат потребите на пазарот на труд.

Од страна на министерот за образование и наука со Решение бр.08-4305/2 од 13.4.2020, на предлог на ЦСОО донесен е Концепт за учење преку работа, во насока на зголемување на практичните вештини на учениците.

### Приоритетна област 3: Социјална инклузија и социјална заштита

Оваа стратешка цел вклучува шест специфични цели: зголемување на ефикасноста и ефективноста на системот на социјална помош; подобрување на достапноста на социјалните услуги; поддршка и унапредување на деинституционализацијата; унапредување на социјалната инклузија на Ромите; справување со клучните предизвици во делот на одржливоста на пензискиот систем; справување со клучните предизвици во областа на здравствениот систем и здравствената заштита на населението. Напредок е постигнат во рамки на сите овие цели, со тоа што потребни се поголеми напори за да се постигнат поставените таргети до 2022 година, особено во областа на подобрување на достапноста на социјалните услуги и за унапредување на социјалната инклузија на Ромите (посебно во делот на домување/социјални станови).

Насловен индикатор за оваа стратешка цел е стапката на сиромаштија. Во 2019 година, стапката на сиромаштија се намали во однос на 2018 година, но е сеуште на високо ниво, 21,6% во 2019. Таргетот за оваа стратешка цел е намалување на стапката на сиромаштија на 16% во 2022 година. Податокот за сиромаштијата за 2020 година ќе биде достапен дури во декември 2021 година, но се очекува дека зголемувањето на бројот и процентот на домаќинства кои се покриени со сите видови парични давања од социјална заштита би придонело кон ублажување на сиромаштијата и доближување до таргетот поставен за 2022.

**Зголемување на ефикасноста и ефективноста на системот за социјална помош.** ЕСРП поставува вкупно четири индикатори за мерење на ефикасноста на системот за социјална помош. Податоците се достапни за дел од поставените индикатори. Засега, индикаторите покажуваат извесен пораст на покриеноста на домаќинствата со социјална помош, како и програмите за заштита на децата и постарите лица над 65 години. Позначајно влијание врз сиромаштијата има само кај децата и постарите.

Како дел од владините анти-кризни пакети, во 2020 година беа направени измени во гарантираната минимална помош (ГМП) со цел да се овозможи брз и олеснат влез во системот на лицата кои ќе останат без работа и приходи, и да се заштити животниот стандард. Од овие измени до декември 2020, бројот на корисници на ГМП е зголемен за 15% на 33.175 домаќинства споредено со бројот на корисници пред воведување на олеснувањата. Во 2020 за 12% бил зголемен бројот на деца корисници на детски додаток и за 178% бројот на корисници на образовен додаток (главно заради проширување на ова право и за децата во основно образование). И покрај значителниот пораст на бројот на корисници (вкупно 69.816 во 2020 година), тој заостанува зад проектираниот опфат од вкупно 140 илјади корисници (75.000 корисници на детски додаток и 65.000 на образовен додаток) во 2022. Олеснатите услови за ГМП влијаеле позитивно врз приходите на најсиромашните сегменти на населението и довеле до распределба на пропорционално поголем удел од средствата во домаќинства со деца. На пример, над 40% од новите корисници на ГМП биле домаќинства со деца, најчесто од албанско и ромско етничко потекло.

Во декември 2020, 8.573 постари лица над 65 годишна возраст, кои неможат да обезбедат средства за егзистенција по други основи го користеле правото на социјална сигурност. Со тоа е надминат и планираниот опфат од 6.000 постари лица.

**Подобрување на достапноста на социјалните услуги.** ЕСРП поставува три индикатори за мерење на напредокот во достапноста на социјалните услуги. Може да се заклучи дека постои напредок во однос на бројот на лиценцирани даватели на услуги од 0 во 2018 на 20 во 2020. Имајќи ги предвид започнатите активности за развој на услугите во 19 општини, може да се очекува дека поставениот таргет за 2022 ќе биде остварен.

Постигнат е извесен напредок во воспоставување на локални совети за социјална заштита, но се очекува тој тренд да се забрза во наредниот период. Не биле воспоставени регионални совети за социјална заштита.

**Поддршка и унапредување на деинституционализацијата.** ЕСРП поставува вкупно три процесни индикатори за мерење на унапредувањето на деинституционализацијата. Кај два од нив, кои се взаемно поврзани (Број на лица сместени во станбени единици за живеење со поддршка или групни домови и Број на лица сместени во резиденцијални установи за социјална заштита) постои значен напредок во 2019 во однос на 2018, но во 2020 стагнираат главно заради времено запирање на преселбата на корисниците. Солиден напредок има кај бројот на корисници на социјални услуги (по тип на услуги: во домот, во заедницата, вон-семејна заштита).

До крајот на 2020, како резултат на лиценцирањето на нови даватели на услуги и подобрување на достапноста на услугите се забележува зголемување на бројот на корисници на социјални услуги и тоа особено на услугите во домот и вон-семејна заштита. Од друга страна, има пад на бројот на корисници на услугите во заедницата, главно заради протоколите што беа воведени за спречување на ширење на пандемијата. Во 2020 имало 4.629 корисници на услугите и со тоа е надминат вкупниот таргет од 4.500 корисници.

**Унапредување на социјалната инклузија на Ромите**. ЕСРП поставува вкупно 10 индикатори за мерење на унапредувањето на социјалната инклузија на Ромите, поделени во три дела: пазар на труд, образование и здравствена заштита. Напредок се забележува кај двата индикатори на пазарот на труд, кај некои од образовните индикатори (Процентот на ученици Роми кои успешно го завршуваат основното образование и Стапката на премин на ученици Роми од средно во високо образование) и кај стапката на доенечка смртност кај Ромите. Се уште нема позначајни промени кај индикаторите во доменот на домување на Ромите, бидејќи сите иницијативи се во рана фаза на имплементација.

Во 2020 речиси се удвоил бројот на Роми вклучени во активните мерки за вработување и е надминат таргетот поставен за 2022. Но, бројот на опслужени Роми со услуги на пазарот на труд бележи пад, заради променетиот режим на работа на центрите за вработување (сличен тренд се забележува кај сите невработени баратели на работа).

Во 2020, доаѓа до опаѓање на вклученоста на ромски деца (0-6) во претшколско образование: 347 деца (споредено со 729 во 2019), што веројатно е резултат на намалениот капацитет на градинките како резултат на Протоколот за работа на градинките во услови на пандемија.

Во областа на социјалното домување и генерално условите за живот, во 2020 бил реализиран еден проект од комуналната инфраструктура во населби со претежно ромско население, што е далеку под таргетот од 23 поставен за 2022. Во тек е изградба на нови социјални станови, но не е извршена распределба на социјални станови во текот на годината.

**Справување со клучните предизвици во делот на одржливоста на пензискиот систем**. ЕСРП вклучува два исходни индикатори за мерење на напредокот во одржливоста на пензискиот систем, кои покажуваат подобрување во 2020 година.  Како резултат на реформите преземени во 2019, % на изворни приходи во однос на вкупни расходи на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Макеоднија (ФПИОСМ) постојано расте од 2018. Во 2020 изворните приходи претставувале 60,02% во однос на вкупните расходи на ФПИОСМ. Таргетот за 2022 е 65%. Просечната пензија претставувала 54,72% во однос на просечна плата и бележи благо зголемување во споредба со 2019, но се уште е под нивото од 2018 (59,5%) и таргетот од 60% поставен за 2022.

**Справување со клучните предизвици во областа на здравствениот систем и здравствената заштита на населението.** Стапката на доенечка смртност во 2019 паднал на 5,6 промили и е под 7 промили согласно поставениот таргет за 2022. За 2020 податоците ќе бидат објавени во

јуни. Во 2020 година беше извршена надградба на интегрираниот здравствен информатички систем „Мој термин“ со 5 нови модули и со тоа таргетот за 2022 е надминат.

# 2. ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛЕН КОНТЕКСТ И СОСТОЈБИ

Пандемијата предизвикана од ковид-19 ја погоди Северна Македонија во текот на период на постојан, но умерен раст на реалниот БДП почнувајќи од 2013 година. Во 2019 година, растот се забрза на 3,6 проценти во споредба со 2,7 проценти во 2018 година. Како и во другите земји, здравствената криза заедно со мерките за заштита на здравјето на луѓето доведоа до пад на економската активност во Северна Македонија. Првичниот одговор од Владата (и општеството) веќе кон крајот на март беше насочен кон заштитата на здравјето на граѓаните и спречување на ширењето на вирусот. Тоа подразбираше преземање на ригорозни мерки како што се затворање на копнените граници, затворање на аеродромите, ограничувања за организирање на јавни настани, затворање ресторани и кафе барови, затворање на училиштата и воведување на полициски час. Потоа, во мај, акцентот се пренасочи кон закрепнување и зачувување на економската активност со омекнување на рестриктивните мерки.

Како резултат на овие мерки, како и намалената глобална побарувачка и прекини во меѓународните синџири на снабдување и на транспорт, растот на БДП во 2020 година беше негативен и изнесуваше 4,5 проценти. Најголем пад на БДП беше остварен во вториот квартал од 2020 година, -12,7%. Според т.н. модел на сегашно предвидување (nowcasting) на Светска Банка, во првиот квартал на 2021 година БДП се намалил за 2,5%.[1]

Карактеристично за Северна Македонија е тоа дека при избувнувањето на здравствената криза, политичкото опкружување беше многу специфично. Имено, на 3 јануари 2020 година беше формирана техничка влада составена од министри од најголемите и опозициски политички партии со цел да обезбеди фер и демократски парламентарни избори на 12 април 2020 година. Мандатот на претходното Собрание заврши на 16 февруари 2020 година, што значи дека земјата всушност остана без законодавна власт. Пандемијата предизвика одложување на парламентарните избори до јули 2020 година, така што економските и здравствените мерки беа осмислени и донесени во многу тежок период. На 18 март, претседателот на Северна Македонија прогласи вонредна состојба со цел да се оневозможи застој во носењето на одлуки и мерки (со оглед на нефункционалното Собрание). Со ова техничката влада доби мандат да донесува уредби со законска сила.[2] На овој начин се обезбеди брз одговор на ситуацијата (дури и побрз од редовниот процес на редовната собраниска процедура).

Во текот на 2020 г., Владата на Република Северна Македонија усвои и спроведе четири анти-кризни пакети кои содржеа 70 мерки. Вкупната вредност на пакетите изнесуваше 1 милијарда евра или 9,2 проценти од БДП во 2020 година. Економските пакети за вонредната состојба ги опфатија следниве области: i) макроекономски мерки за поддршка на економијата и спречување на голем пад на економската активност (преку фискалната и монетарната политика), ii) поддршка на компаниите за надминување на финансиските тешкотии и зачувување на работните места (со посебен фокус на секторите кои беа најмногу погодени од пандемијата), iii) проширување на социјалната заштита на најранливите граѓани кои ги вклучија и неформално вработените работници, iv) стимулација на домашната потрошувачка и домашните производи преку еднократни плаќања на сиромашните граѓани, v) зачувување здравјето и безбедноста на работниците и здравјето на целокупното население и vi) унапредување на конкурентноста на компаниите и поддршка на инвестициите. Анти-кризните мерки имаа влијание и на расходната и на приходната страна на БДП. Намалените приходи и

[1]Извештајот е достапен на следниот линк: https://www.worldbank.org/en/news/press-release/2021/04/27/following-historic-recession-north-macedonia-should-focus-on-rebuilding-fiscal-sustainability-as-the-recovery-takes-hold.

[2]Списокот на сите владини одлуки поврзани со пандемијата е достапен на: https://vlada.mk/COVID19#measures.

зголемени расходи (во рамки на два буџетски ребаланси) доведоа до поголем буџетски дефицит во 2020 година (-8,5% од БДП) во споредба со првично планираниот (-2,3% од БДП).

Здравствената и економска криза ги засили предизвиците со кои се соочува македонската економија. Северна Македонија има многу предизвици на пазарот на труд и образованието кои произлегуваат од реструктурирањето на економијата, но и наследени од претходниот економски систем. Образовниот систем сеуште не произведува работна сила која одговара на променетите потреби на компаниите. Покрај тоа, земјата се соочува и со значителна емиграција и стареење на населението што го отежнува уште повеќе процесот на дизајнирање на политиките.

Во текот на изминатата деценија, трендовите на пазарот на трудот во Северна Македонија беа генерално позитивни. Во 2019 година, бројот на работни места во економијата се зголеми за речиси 40.000 нови работни места, со што вкупната стапка на вработеност за работоспособното население (20–64 години) достигна 59,1%. Ова означи длабока промена во споредба со претходната деценија (2009–18), кога бројот на работни места во просек се зголемуваше за 14.600 нови работни места годишно. И покрај тоа, стапката на вработеност и стапката на активност се сеуште многу ниски (и дополнително бележат пад во 2020), особено во споредба со земјите на ЕУ. Ниските стапки на учество на работната сила може да се припишат главно на ниските стапки на активност на жените, младите луѓе од возрасна група 15-24 години, како и на лицата над 50-годишна возраст.

Сепак, и покрај позитивните стапки на раст и подобрувањето на состојбата на пазарот на трудот, сиромаштијата и социјалната исклученост се задржаа на високо ниво. Во 2019 година, композитниот индикатор за сиромаштија или социјална исклученост порасна на 41,6 проценти во однос на 40,8 проценти во 2018 година. Социјалните трансфери и пензиите го намалија нивото на сиромаштија во 2019 година на 21,6%, при што сиромаштијата имаше нешто поголемо влијание врз жените отколку врз мажите (22% наспроти 21,1%).

Во однос на образовните индикатори, Северна Македонија бележи континуирано подобрување во повеќе индикатори (особено оние за младата популација) и се повеќе се приближува па дури и ги надминува земјите на ЕУ. Во 2020 година учеството на младите на возраст од 30 до 34 години со завршено високо образование во Северна Македонија бил 39,7% (во споредба со 17,1% во 2010 година), со што речиси се изедначиле со младите од ЕУ (40,9%).[3] Слично, поголем процент на млади (15-24) од Северна Македонија имаат завршено ISCED 3-8 (59,6% во 2020) во споредба на младите од ЕУ (52,8% во 2019). Сепак, во индикаторите кои го мерат преминот од образование кон пазар на труд (или вработување), младите Македонци покажуваат послаби резултати (односно подолг процес на транзиција).

Субвенциите за плати со цел заштита и задржување на работните места беа една од мерките со најголем фискален трошок и влијание врз пазарот на трудот. Владата мошне брзо реагираше на новонастанатата состојба со цел да ги зачува работните места. Оваа мерка (со одредени измени) беше дел од вториот, третиот и четвртиот пакет на мерки. Во просек, близу 120.000 работници месечно ја користеа оваа мерка.

Во рамки на анти-кризните пакети, се воведоа три специфични мерки за заштита на приходите на најранливите категории: i) проширување на алатките за социјална заштита (гарантирана минимална помош-ГМП) за лица и домаќинства кои не се квалификуваат за мерките за задржување на работата или надоместок за невработеност, ii) обработка на надоместок во случај на невработеност по скратена постапка за лицата кои ја изгубиле работата за време на пандемијата и iii) еднократна поддршка за работниците со ниски примања, невработените лица и студентите во износи од 3.000 до 9.000 денари. Во два наврати (2 и 24 април), Владата ги омекна критериумите за остварување на правото на ГМП. Во нормални услови, периодот за испитување на приходите на домаќинството за влез во ГМП изнесува три месеци пред поднесувањето на барање; меѓутоа, овој период се намали на еден месец и се олабавија критериумите за сопственост на имот. Овие промени доведоа до зголемување на бројот на

3 Евростат: Население според пол, возраст и ниво на образование, различни години.

корисници на ГМП за 15% на 33.175 домаќинства (споредба декември 2019 и декември 2020) но помалку од очекуваното.

Покрај тоа, со владина одлука им се дозволи на родителите на деца под десетгодишна возраст да останат дома да се грижат за нив (еден од родителите кои работат) и се дозволи продолжено платено отсуство за бременост, породување и родителство. Со ова се создаде значителен притисок врз вработените мајки кои мораа да ја балансираат работата од дома со грижата околу децата (вклучително и школски активности) и домот. Владата им препорача на компаниите бремените жени и хронично болните да бидат привремено ослободени од работа и работни активности.

Може да се заклучи дека 2020 година беше година на предизвици, и од аспект на зачувување на здравјето на граѓаните и од економски аспект. Одговорите на Владата на овие предизвици беа навремени и ефикасни што доведе до зачувување на работните места и спречување на поголем пад на економијата. Сепак, мерките доведоа до значителен раст на буџетскиот дефицит и долг, што ќе претставува главен предизвик во 2021 година.

# 3. НАПРЕДОК ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ЦЕЛИТЕ НА ЕСРП 2022

Овој дел од извештајот содржи информации за напредокот за секоја цел и за напредокот во постигнување на целните вредности на индикаторите. Деталите за остварениот напредок по мерки/активности и предизвиците во спроведувањето на активностите се презентирани во Анексот 1 на извештајот. Во Анексот 2 е даден збирен приказ на напредокот по индикатори.

## ПАЗАР НА ТРУД И ВРАБОТУВАЊЕ

Во однос на насловните индикатори за оваа стратешка цел, напредок е постигнат во два од четирите индикатори и тоа стапка на вработеност на жени (иако е потребен дополнителен напредок за постигнување на таргетот за 2022 година) и стапка на невработеност на млади лица (постигнат таргет).

| Насловен индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стапка на вработеност (15+) (%)** | 45,1 | 47,3 | 47,2 | | 48,5 |
| Стапка на вработеност (15+) - МАЖИ (%) | 54,4 | 56,6 | 55,9 | | 58,7 |
| Стапка на вработеност (15+) - ЖЕНИ (%) | 35,8 | 38,1 | 38,4 | | 39,0 |
| **Стапка на вработеност на млади лица (15-29) (%)** | 30,9 | 34,4 | 33,5 | | 34,5 |

### 3.1.1. ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА СО НЕВРАБОТЕНОСТА, ОСОБЕНО КАЈ НАЈРАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ЛИЦА (МЛАДИ, ДОЛГОРОЧНО НЕВРАБОТЕНИ И ДРУГИ)

ЕСРП поставува вкупно 10 индикатори за мерење на подобрувањето на состојбата со невработеноста, особено кај најранливите категории лица (млади, долгорочно невработени и други). И покрај здравствената и економска криза, главните индикатори на пазарот на труд се подобрени. Исклучок се вкупната стапка на вработеност (20 - 64), стапката на вработеност (20-64) кај мажите и индикаторот за NEET кои во 2020 година покажуваат одредено влошување после подолг период на намалување. Стапката на невработеноста на младите (15-29) е натфрлена веќе во 2020. И двата индикатори за младите се понеповолни кај жените, отколку кај мажите.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на вработеност (20 - 64) (%) | 56,1 | 59,2 | 59,1 | | 59,8 |
| Стапка на вработеност (20 - 64) - МАЖИ (%) | 66,6 | 69,7 | 68,9 | | 70,4 |
| Стапка на вработеност (20 - 64) - ЖЕНИ (%) | 45,2 | 48,4 | 49,0 | | 48,9 |
| Стапка на невработеност (15+) (%) | 20,7 | 17,3 | 16,4 | | 14,0 |
| Стапка на невработеност на млади лица (15-29) (%) | 37,0 | 30,5 | 29,6 | | 30,5 |
| Стапка на долгорочна невработеност (%) | 15,5 | 13,1 | 12,4 | | 11,0 |
| Стапка на млади лица кои не се вработени, ниту во образование или обука (NEET, 15-29) | 29,8 | 24,5 | 26,2 | | 22,9 |
| Вкупен број лица вклучени во различните услуги на пазарот на труд и активни програми и мерки за вработување | 117.347 | 7.598 во активни мерки<br>115.836 во услуги | 10.953 во активни мерки<br>57.087 во | | Мин.60.000 годишно |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | услуги | | |
| Опфат на млади лица (15-29) со програми, мерки услуги за вработување, во рамки на годишните Оперативни планови | 38,8% | 56,45% во активни мерки<br>38,34 % во услуги | 66,8% во активни мерки<br>35,5 % во услуги | | Мин. 30% |
| Сите млади лица кои што првпат се пријавуваат во АВРСМ се профилирани рано, т.е. во текот на првиот месец од периодот на невработеност | √ | √ | √ | | √ |
| Број на млади вклучени (регистрирани) во Гаранцијата за млади | : | 20.302 | 25.502 | | Мин. 10.000 |
| % од младите вклучени во Гаранцијата за млади, кои во период од четири месеци по вклучувањето во ГМ имале успешен излез (или се вработиле или се вклучиле во одредена обука или друга активна мерка) | : | 35% | 35% | | Мин. 30% |
| Процент на невработени лица – корисници на права од Центрите за социјални работи (ГМП), во однос на вкупниот број на учесници во активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот | : | 5,4 % во активни мерки<br>24,3% во услуги | 3,5 % во активни мерки<br>16,6% во услуги | | 30% |
| Процент на евидентирани вработувања на лица со инвалидност во отвореното стопанство, во однос на вработувањата во заштитни друштва | 69% | 73,9% | 71,3 % | | >60% |

### 3.1.1.1. Цел: Подобрување на вработеноста на младите и промовирање на повеќе и подобри работни места за младите лица

Гаранцијата за млади (ГМ) се имплементираше и во текот на 2020 година на територијата на целата држава и постигнат напредок во остварување на сите области на интервеницијa: рано интервенирање; теренски активности; активација; и мерки за интегрирање на пазарот на труд. Сите индикатори во ЕСРП поврзани со Гаранцијата на младите и учеството на младите во активните мерки за вработување на годишно ниво се натфрлени.

Во мерките за интегрирање на пазарот на труд, кои треба да го подобрат пристапот на учесниците **во Гаранцијата за млади до субвенции за вработување, можности за започнување на бизнис, унапредување на вештини на младите итн. беа вклучени 25.502 лица (12.863 жени**). Од нив, 7.684 се вработиле во период од 4 месеци, а 1.257 лица биле вклучени во некоја од активните мерки за вработување кои не водат кон директно вработување, но ја зголемуваат нивната вработливост. Според тоа, **успешноста на Гаранција за млади за 2020 засега изнесува 35%.**

Од 7.684 лица кои се вработиле, 1.070 биле вработени преку некоја од активните мерки за вработување, 487 лица биле вработени преку услугата за посредување при вработување, а 135 станале основачи или управители.

Од 1.070 лица кои се вработиле преку активни мерки за вработување, најголем дел се вработиле преку учество во мерката Субвенционирано вработување (642 лица), програмата Самовработување (207 лица) и мерката Финансиска поддршка за создавање нови работни места (188 лица). Од 1.257 невработени лица кои биле вклучени во некоја од активните мерки кои не водат кон директно вработување, најголемо учество младите лица имале во Програмата практикантство (846 лица). Планот за 2020 за наведените програми и мерки е натфрлен, со исклучок на учеството на младите во обуки за вештини. **Опфатот на млади лица (15-29) со програми, мерки услуги за вработување, во рамки на годишните Оперативни планови достигна 66,8% за активни мерки и 35,5% за услуги на пазарот на трудот.**

Имајќи ја во предвид состојбата со пандемијата на ковид-19 која имаше директно негативно влијание врз состојбите со пазарот на трудот во државата, ефектите од имплементација на

Гаранцијата за млади може да се сметаат за одлични бидејќи продолжува во континуитет високата стапка на заинтересираност на младите лица за учество во оваа програма. Споредбено со 2019 година, кога во Гаранција за млади биле вклучени вкупно 20.322 лица, овогодинешната бројка претставува значително зголемување од 5.200 млади лица или 25%.

Во услови на ковид-19, Агенцијата за вработување продолжи да ги извршува своите функции, меѓу кои и реализација на активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот (помош при барање работа, услуги за советување и насочување, изготвување индивидуални планови за вработување, следење и санкционирање). Лицата кои биле вклучени во Гаранција за млади се вклучувале во услугите кои ги нуди АВРСМ: 3.042 млади лица биле вклучени во некоја од услугите за вработување. Притоа, спроведено е кариерно советување за 67 лица, профилирани се 1.204 лица, изработени се вкупно 1.330 Индивидуални планови за вработување (од кои 15 ИПВ-2 за тешко вработливи лица).

Делот „Активацијата“ на ГМ се однесува на услугите што ги обезбедува АВРСМ и планирано е да се подобри преку структурна и организациска реформа на АВРСМ. Во 2020 спроведени се обуки на 32 вработени соработници во АВРСМ за младинска гаранција. Сепак, не е остварена целта за нови вработувања во АВРСМ. Исто така, комплетирано е реновирањето на еден центар за вработување, а во уште еден ќе заврши набрзо. Меѓутоа, не е исполнет планот за реновирање на три центри. Напредокот во оваа област е побавен од планираното, а тоа се однесува на неколку од планираните активности како воведување на нов модел на услуги, воведување на нов систем за собирање и објавување на слободните работни места, како и дизајнирање нов работен процес, ревидирање на постапките за спроведување и преформулирање на услугите за вработување. Во текот на 2020 година, АВРСМ постигна напредок во дигитализација на услугите што ги прави достапи услугите на Агенцијата од каде било и во кое било време. Порталот ќе поддржи имплементација на е-услуги.

Во делот на „Рано интервенирање“ изготвен е предлог Закон за стручно образование со кој се поставуваат основи за основање на регионалните центри за стручно образование и обука. Почнати се подготовки за опремување на средни училишта кои би станале регионални центри. Напредок е постигнат и во делот на методологии за обуки на наставници и критериуми за акредитација на програми за обука. Во новиот Закон за образование на возрасни кој е во собраниска процедура дадена е законска основа за имплементација на програмата Втора можност, а напредок е постигнат и во воспоставување на постапки за валидација на информално и неформално учење (ВИНУ).

Во рамки на областа „Теренски активности“, клучната цел е развивање на партнерски пристапи за обраќање на младите луѓе, надградба на капацитети на младите теренски работници, општа рамка за следење и “onlajn” прелиминарно регистрирање во ГМ, како и воведување на младинска картичка. Притоа во 2020 година не е постигнат напредок во овие области што е делумно поврзано со ковид-19 пандемијата и грижата за здравјето (избегнување на лични контакти). Напредок е постигнат во однос на Еразмус + програмата преку која е овозможена мобилност на 163 млади со високо образование. Законските решенија, насоки, препораки и мерки донесени од Владата на РСМ за спречување и ублажување на здравствената и економска криза, со кои инаку се уредуваат начинот и условите на евидентирање како невработено лице, доведоа до зголемување на бројот на лица евидентирани во АВРСМ и со тоа на извесен начин се компензираше улогата на теренските активности.

Како дополнување на ГМ, имплементацијата на неколку локални иницијативи, како што се локалното партнерство за вработување во Битола и нововоспоставениот Младинскиот ресурсен центар “I can” во Гостивар потврдуваат дека локалните пристапи имаат потенцијал да креираат нови бизниси и нови работни места особено во период на економска криза.

#### 3.1.1.2. Цел: Намалување на невработеноста на долгорочно невработените и лицата од останатите ранливи групи

Во текот на изминатата година се имплементираше Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд за 2020 година (со вклучена Гаранција за млади).

**10.953 лица биле вклучени во различните услуги на пазарот на труд и активни програми и мерки за вработување, а 57.087 во услуги на пазарот на трудот, што е над поставениот минимум/таргет во ЕСРП од 60.000 (за мерки и услуги)**.

Со имплементацијата на Оперативниот план за 2020 година, постигнати се следните резултати:

- 1.468 лица беа вработени во програмите за поддршка на самовработување;
- 2.428 лица се вработени во програмите за субвенционирано вработување, вработување и раст на правни субјекти;
- 189 лица се вработени со програмите за поддршка за вработување на лица со попреченост;
- 787 невработени лица се вклучени во различните програми и мерки за обука;
- 1.544 невработени беа вклучени во програмата за практикантство;
- 613 невработени лица се вклучени во програмата за работи во заедницата (Општинско корисна работа);
- 450 невработени лица беа ангажирани во програмата за јавни работи;
- 3.474 подржани млади лица преку програмата за младински додаток.

Согласно резултатите, реализацијата на сите активни програми и мерки за вработување за 2020 година изнесува повеќе од 94,5%.

Во однос на услугите за вработување, во 2020 година (состојба 31.12.2020 година) беа реализирани следните услуги:

- на 39.479 невработени лица им била обезбедена помош при барање на работа,
- 380 невработени лица биле вклучени во мотивациски обуки,
- 16 невработени лица биле вклучени во обуки „Подготовка за вработување и за работа",
- 532 невработени лица биле вклучени во професионална ориентација и кариерно советување.

Паралелно со програмите и мерките од Оперативниот план, во текот на годината се спроведуваа и Проектот за самовработување со кредитирање и Проектот за кредитирање на правни субјекти за отворање нови работни места, како и пакетите на економски мерки за подршка на стопанството. Имајќи ја предвид состојбата со ковид-19 и намалувањето на работните места предизвикани од пандемијата, вработувањата поддржани од Оперативниот план беа од важност за реалниот сектор, со оглед на тоа што овозможуваат отворање нови работни места и плаќање придонеси.

**Процентот на невработени лица – корисници на права од Центрите за социјални работи, во однос на вкупниот број на учесници во активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот од 3,5 % во активни мерки и 16,6% во услуги бележи пад во споредба со 2019 и е под таргетот од 30%**

Поконкретно, во 2020 година во активните програми и мерки за вработување беа вклучени вкупно 154 корисници на ГМП, а беа изработени планови за активација за 981 лица. Овие планови се подготвуваат заеднички од центарот за социјална работа и центарот за вработување на корисниците на ГМП, селектирани како најлесно вработливи лица во домаќинството, и како такви потенцијални кандидати за вклучување во пазарот на трудот.

Треба да се истакне дека со цел да се олесни пристапот до ГМП за лицата што останаа без приходи по избувнување на пандемијата, беа донесени уредби со законска сила и законски измени, со кои корисниците на ГМП беа ослободени од обврската да се пријавуваат редовно во Агенцијата за вработување на РСМ како активни баратели на работа. Разлабувањето на обврските веројатно се одрази на однесувањето на корисниците на ГМП и нивната спремност да бараат и прифатат учество во активна мерка за вработување или понуда за вработување. На тоа се надоврзува и економската криза и намалена економска активност на претпријатијата.

Приливот на клиенти од една страна и променетиот начин на работа на службите за социјална работа и вработување го помести фокусот на оние што останале без минимален приход и на оние што останале без работа.

Друг фактор што ја отежнува активацијата е непостоење електронска размена во реално време на податоци за корисниците на ГМП помеѓу центрите за социјална работа и центрите за вработување, чие воспоставување сè уште е во тек. Со потешкотии се одвива и воведувањето на специјализирани услуги за советување и менторство на корисниците на ГМП, главно поради новитетот на услугата и недостиг на компетентни даватели на услугите.

Активација на невработени Роми се одвиваше согласно моделот Acceder и менторска програма за Роми. Во рамките на овие услуги во 2020 година беа информирани вкупно 4.200 лица, а за 2014 лица беа пополнети прашалници за профилирање и вреднување на професионалните капацитети на невработеното лице за вклучување во активните мерки. 216 лица се вклучиле во некоја активна мерка за вработување и 107 лица биле директно вработени во приватниот сектор.

**Во однос на активацијата на лицата со попреченост во 2020, 71,3% од евидентираните вработувања на лица со инвалидност се во отвореното стопанство, во однос на вработувањата во заштитни друштва што претставува мало влошување во споредба со 2019, но во секој случај го надминува таргетот од 60%.**

Поддршката за вработување на лица со попреченост продолжи да се реализира согласно Законот за вработување на инвалидни лица. Во овој период се склучени договори за вработување на 189 лица, 20 лица со попреченост се самовработиле, се склучиле 35 договори за набавка на опрема и 2 за адаптација. Се пилотираше и работно ориентирана рехабилитација и поддршка за вработување на лица со поречености во рамки на Центарот за работно-ориентирана рехабилитација на здружението Избор во Струмица и во Јавната установа „Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје“ во Топанско поле (поддржани од УНДП и Швајцарската развојна агенција).

За активација на поединците во ранлива положба, од голема важност е усвојувањето и спроведувањето на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија, што се подготви во изминатата година и чија цел е развој на одржлив еко-систем кој ќе биде поттикнувачки и овозможувачки за социјалните претпријатија во земјата.

### 3.1.1.3. Цел: Поттикнување на интеграцијата на жените на пазарот на труд и ублажување на родовите јазови

При имплементацијата на програмите и мерките за вработување, како и услугите на пазарот на трудот, се почитува принципот на диверзитет и инклузивност за сите општествени категории во приватниот сектор согласно принципите на правична и адекватна застапеност на полова основа. Во 2020, 44,7% од учесниците во активните мерки за вработување и 51% во услугите на пазарот на трудот биле жени. Дополнително, во рамки на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година, беа субвенционирани 66 бизниси, од кои 11 преку подмерката 1.4 Финансиска поддршка за женско претприемништво. Во Мерката 115 – Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство околу 260 апликации се квалификувале за неповратна финансиска поддршка.

Со почетокот на кризата за спречување на ширење на заразата беа затворени градинките и училиштата и се воведе мерката за ослободување од работа на еден од родителите поради грижа за дете со навршена возраст до 10 години (или активно 4 одделение) за времетрање на кризниот период. Во пракса оваа мерка беше повеќе користена од вработените жени. Друга мерка е и продолжувањето на платеното породилно отсуство кое завршува во кризните месеци со почетокот на кризата. Во третиот пакет мерки првпат се издвоија економски мерки со посебен фокус на жените и се однесуваат на бескаматни кредити и делумно неповратни средства (30 проценти грант) за микро и мали компании кои се водени или основани од жени (поддржано од ИПА).

Новодонесениот Закон за спречување и заштита од дискриминација забранува дискриминација по род и пол во работата и работните односи, додека Законот за спречување

и заштита од насилство врз жените и семејното насилство треба да придонесе за спречување на родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство, како и ефективна заштита на жртвите од каков било облик на родово-базирано насилство.

Достапноста на услуги за згрижување на децата, како и сервиси за грижа на стари и изнемоштени лица и лица со попреченост е важна за усогласување на работата со семејните обврски. Владата продолжи со инвестициите во предучилишни установи, па во 2020 беа отворени 12 јавни градинки и 2 приватни градинки со што се креираше капацитет за најмалку 761 деца. Министерството за труд и социјална политика додели грантови на 19 општини за воспоставување и развој на услуги за нега и грижа во домот, персонална асистенција, итн.

Постојат сознанија дека повеќе жени споредено со мажи продолжиле со работа од дома за време на кризата. Ситуацијата со пандемијата (и одлуките за онлајн одвивање на наставата) повторно ги стави жените во понеповолна позиција на пазарот на труд во смисла на тешкотијата за балансирање на работата и грижата околу децата и домот. Во таа смисла, подобрувањето на флексибилните аранжмани за родителите што се предвидува во новиот Закон за работните односи (во подготовка) е значајно од аспект на порамномерна распределба на домашните обврски за грижа на децата, како и за намалување на дискриминацијата на жените на пазарот на трудот.

### 3.1.2. СПРАВУВАЊЕ СО НЕФОРМАЛНАТА ВРАБОТЕНОСТ

ЕСРП поставува еден индикатор за мерење на справувањето со неформалната вработеност, и тоа уделот на неформално вработени во вкупен број на вработени. Притоа, со остварената вредност во 2020 година од 13,6%, целната вредност за 2022 од 16,5% е надмината.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Учество/удел на неформално вработени во вкупниот број вработени (%) | 18,6 | 16,1 | 13,6 | | 16,5% |

#### 3.1.2.1. Цел: Намалување на неформалната вработеност

Стратегија за формализација на неформалната економија 2018-2022 со Акциски план за период од 2018 до 2020 година продолжи да се спроведува, а во 2020 година се подготви и Извештај за реализацијата и ревидирање на Акцискиот план.

Продолжи имплементација на проектот за „Подобрување на условите за работа“ кој се спроведува од ноември 2019 година во рамки на ИПА II. Започнати се активности во делот на идентификување, мерење и справување со неформалната економија и неформалното вработување. Во наредниот период, фокусот ќе биде на воведување механизми за формализирање на неформалната работа во сектори со најголема веројатност дека постои непријавена работа, што се совпаѓа и со мерката 12 од Програмата за економски реформи.

Постигнат е извесен напредок во однос на зајакнување на капацитетите и на ефективноста на инспекциските служби во справувањето со непријавена работа, вклучително и подобрување на усогласеноста со стандардите на Европската унија и практичното спроведување на прописите во делот на работните односи и безбедноста и здравјето при работа. Така, беа реализирани вкупно 5 нови вработувања на инспектори (4 од областа на работни односи и еден од БЗР) со што бројот на инспектори се зголеми на 118 инспектори (80 од областа на работните односи и 38 од областа на БЗР), а реализирани се и 4 унапредувања на инспектори.

Продолжија активностите во рамки на процесот на унапредување на законската рамка за безбедност и здравје при работа (БЗР) и подготовка на нов закон, со кој ќе се подобри имплементацијата на политиките, стандардите и мерките во оваа област. Подготвен е нацрт-текст на Законот, кој во наредниот период ќе биде предмет на понатамошни консултации и доусогласувања, со цел да се добие една подобрена, современа и ефикасно применлива законска рамка во однос на здравјето и безбедноста на работниците.

### 3.1.3. УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТАТА И УСЛУГИТЕ НА ЈАВНАТА СЛУЖБА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

ЕСРП поставува вкупно пет индикатори за мерење на унапредувањето на квалитетот на работата и услугите на јавната служба за вработување. Во 2020 година не е направен позначаен напредок кон постигнувањето на поставените целни вредности за 2022 година.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на реновирани/реконструирани подрачни центри за вработување со значително подобрени услови за работа | 15 | 1 | 1 | | 25 |
| Број на вработени во АВРСМ и број на лица вклучени во активности за јакнење на нивите капацитети (обуки, работилници, семинари и сл.) | 430 | 127 | 129 | | мин. 550 секој од враб. најмалку еднаш годишно вклучен во обука/семинар |
| Број на невработени лица за кои е изготвен ИПВ-2 | 6.213 | 7.514 | 3.448[i] | | 14.000<br>Од кои мин. 60% вклучени во активна мерка или услуга |
| Број на барања за посредување при вработување до АВРСМ од работодавачи | 4.824<br>3.164 (66%) позитивно решени | 4.705<br>3.013 (64,04%) позитивно решени | 3.646<br>2.767 (75,9%) позитивно решени | | 6.000<br>Најголем дел позитивно решени |

#### 3.1.3.1. Цел: Понатамошно подобрување на капацитетите на АВРСМ

Со Годишниот план за вработување за 2020 година беа планирани 16 нови вработувања од кои во тековната година имаше реализирано само едно вработување на неопределено време, додека другите вработувања останаа нереализирани поради низа објективни причини (изборен процес, состојбата со ковид-19, усогласување на актот за ситематизација на работните места со измените и дополнувањата на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и сл.).

АВРСМ се грижи за развој, јакнење и унапредување на човечките ресурси односно на нивните вештини, знаења и компетенции, но во текот на 2020 година заради состојбата со вирусот ковид-19 во земјата беше отежнато организирањето и спроведувањето на групни обуки, семинари, советувања или работилници за вработените. Така, **во текот на годината беа организирани вкупно 7 обуки за 129 вработени** на тема ,,Воедначено постапување и примена на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност и Законот за општа управна постапка" ,,Надградба на капацитетите на вработените за професионални услуги за советување на работодавачи и посредување при вработување" и „Младинска гаранција". **Поставениот таргет е мин. 550, односно секој од вработените најмалку еднаш годишно да биде вклучен во обука/семинар.**

Поради буџетските ограничувања во 2020, Агенцијата не беше во можност да ги реализира планираните модернизации на центрите за вработување, **па само беше започнато реновирањето на центарот за вработување во Куманово.**

#### 3.1.3.2. Цел: Понатамошно подобрување на услугите и работата на АВРСМ со клиентите (невработените лица и работодавачите)

Поради настанатата ситуација со ковид-19, одредени видови услуги на пазарот на трудот се реализираа со намален обем.

Услугата помош при барање работа што опфаќа профилирање и подготовка на индивидуални планови за вработување за невработените лица, советување за вработување, давање информации за потребите на пазарот на трудот, слободни работни места, и др. била дадена на 39.479 лица од кои 20.138 жени и 14.296 млади лица до 29 години.

Во рамки на услугата направено е профилирање на вработливоста на 10.311 лица и изработени се 18.945 индивидуални планови за вработување-ИПВ-1 (за лица кои се директно вработливи или со умерени потешкотии при вработувањето) и **3.448 ИПВ-2 (индивидуални планови за вработување за тешко вработливи лица, односно за лица кои се соочуваат со значајни пречки за вклучување на пазарот на трудот). 115 од лицата со изработен ИПВ-2 биле вклучени во активна мерка за вработување.** Падот на бројот на изработени планови ИПВ-2 се објаснува со фактот што за изработка на ИПВ е потребно присуство на невработеното лице во центарот за вработување и подолго советување што беше отежнато заради воведените мерки за спречување на ширење на вирусот. Покрај тоа, дел од невработените лица на евиденција веќе претходно имале изработен ИПВ-2 или им бил променет статусот, а бројот на лица за кои ќе биде изработен ИПВ-2, односно ИПВ за тешко вработливи лица зависи од бројот на невработени лица за кои врз основа на профилирањето е утврдено дека припаѓаат на категорија на тешко вработливи лица.

Во 2020 беше намален бројот на доставените барања за посредување при вработување од работодавачите заради ситуацијата со ковид-19 бидејќи имаше помалку барања за вработување на нови работници, а врз бројот на доставените барања за посредување при вработување до АВРСМ влијае и тоа што дел од работодавачите обезбедувале соодветна работна сила заради вработување и преку користење на активните мерки за вработување (пр. мерката Субвенционирање на плати и др.). **Во текот на 2020 година беа доставени вкупно 3.646 барања за посредување при вработување, споредено со таргетот од 6.000**. Во посредувањето беа вклучени вкупно 14.646 лица и беа вработени 2.767 лица.

### 3.1.4. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ ВО РСМ НА ТРИПАРТИТНО И БИПАРТИТНО НИВО, НА НАЦИОНАЛНО И НА ЛОКАЛНО НИВО, УНАПРЕДУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНОТО ДОГОВАРАЊЕ

ЕСРП поставува вкупно пет индикатори за мерење на зајакнувањето на социјалниот дијалог на трипартитно и бипартитно ниво, на национално и на локално ниво, унапредување на колективното договарање. Притоа, постигнувањето на целните вредности за 2022 година, мерено во 2018 година засега е делумно, особено во делот на синдикалната организираност (каде што е евидентиран благ пад), додека кај стапката на покриеност со колективно договарање на ниво на работодавач и стапката на успешно решени колективни работни спорови преку механизмот за мирно решавање на работни спорови е евидентирана стагнација. Од друга страна, постои добар напредок кај стапката на покриеност со колективно договарање на ниво на гранка и таргетот за 2022 беше натфрлен веќе во 2020. Исто така, механизмот за следење на препораките на Економско-социјалниот совет  и редовно следење на бројот на мислења/препораки упатени до владата на РСМ е воспоставен и функционален и ЕСС се профилира како важен и видлив фактор во носењето на економски политики и политики на пазарот на трудот, особено во периодот на кризата.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на синдикална организираност (%) | 21,16 | 19,83 | 17,29 | | >26 |
| Стапка на покриеност со колективно договарање на ниво на гранка, односно оддел (%) | 32,68 | | 38,46 | | 37 |
| Број на колективни договори на ниво на работодавач | 85 | 92 | 92 | | 95-100 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на успешно решени колективни работни спорови преку механизмот за мирно решавање на работни спорови | 60% | 60% | 60% | | Мин. 70% |
| Воспоставен и функционален механизам за следење на препораките на ЕСС / редовно следење на бројот на мислења/препораки упатени до владата на РМ | 7 мисл./преп. | 10 мисл./преп. | 2 мисл./преп. | | Мин. 3 мисл./преп. |

### 3.1.4.1. Цел: Јакнење на капацитетите на социјалните партнери и механизмите на социјалниот дијалог

Економско-социјалниот совет непречено функционираше одржувајќи вкупно 11 седници, при што се разгледуваа поголем број на прописи и документи од економско-социјалната сфера. На повеќето седници во фокусот беа предложување и усвојување на политики за надминување на здравствено-економската криза предизвикана од пандемијата со ковид-19. Повеќето разгледувани прописи и документи беа усвоени со позитивно мислење и без забелешки од страна на Економско-социјалниот совет, а имаше и такви кои се усвоија со заклучоци со конкретни предлози кои беа усвоени во натамошната владина процедура. Во однос на креирањето на мерките за надминување на здравствено-економската криза како последица на пандемијата со ковид-19, земени се предвид изнесените предлози на седниците на ЕСС посветени на таа тема. Започната е кампања под покровителство на ЕСС за подигање на свеста во однос на правата од работен однос со наслов „Мој труд, мои права“, во согласност со Комуникациската стратегија на ЕСС.

Во насока на развој на трипартитниот социјален дијалог на локално ниво беа потпишани четири Локални пактови за вработување во четири општини чие спроведување е координирано од Локалните економско-социјални совети. Пактот во една општина се пилотира под покровителство на МОТ, каде е отворен и start-up центар за обука на лица во започнување на бизнис и обука за побарувани занимања и со тоа обезбедување квалификуван кадар на локално ниво.

Во извештајниот период се склучија два грански колективни договори, за здравство и за вработените во јавната администрација. Продолжија и активностите за изработка на новиот Закон за работните односи со зачестена динамика, како резултат на пролонгирањето на овие активности кое се јави во почетните месеци на пандемијата. Предмет на уредување, меѓу другото, е и бипартитниот социјален дијалог, каде во консултација со сите засегнати страни се тежнее кон дефинирање на правна рамка која значително ќе го унапреди и олесни ваквиот социјален дијалог.

Во рамки на проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог“, во изминатиот период реализирани се и активности за модернизација на услугите на социјалните партнери, со цел да се поттикне зголемување на нивното членство, а со тоа да се влијае и на стапката на организираност.

## ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ И ВЕШТИНИ

Напредокот во оваа стратешка цел се мери преку насловниот индикатор Индекс на човеков развој. Сеуште не е достапна вредноста за индикаторот во 2020 година. Индексот на човеков развој во 2019 година изнесуваше 0,774 и е под таргетот од 0,780.

| Насловен индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Индекс на човеков развој** | 0,759 | 0,774 | / | | 0,780 |

### 3.2.1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТНО ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ И ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ

ЕСРП предвидува 3 индикатори за обезбедување на квалитетно инклузивно образование и еднаков пристап до образование за сите. Во 2020 година е остварен напредок кај трите индикатори со тоа што кај стапката на лица кои рано го напуштаат образованието, поставениот таргет за 2020 година од 6,8% е веќе надминат (стапката на напуштање е 5,7% во 2020 година). Кај другите два индикатори е остварен значителен напредок и речиси е сигурно дека ќе се остварат таргетите за 2022 година. Имено, уделот на лицата на возраст 30-34 години кои имаат завршено високо образование се зголеми на 39,7% во 2020 (од 35,7% во 2019 година) и е блиску до таргетот од 40%. Стапката на ученици со посебни потреби вклучени во редовното основно и средно образование се зголеми на 67,1% (од 64,8% во 2018 година) со што поставениот таргет од 70% е остварлив.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на лица кои рано го напуштаат образованието (%) | 7,1 | 7,1 | **5,7** | | 6,8 |
| Удел на лицата на возраст 30-34 години кои имаат завршено високо образование (%) | 33,3 | 35,7 | **39,7** | | 40 |
| Стапка на ученици со посебни потреби вклучени во редовното основно и средно образование (%) | 64,8 | | **67,1** | | 70 |

#### 3.2.1.1. Намалување на осипувањето кај учениците и на бројот на лица кои рано го напуштаат образованието

Во текот на 2020 година постигнат е делумен напредок во инклузијата на децата од маргинализираните групи, пред сè во основното и средното образование. Во насока на подобрување на пристапот до образование на децата кои не биле вклучени во настава, во 2020 година беа донесени повеќе акти кои подетално ја уредуваат оваа област и со кои се надминуваат одредени административни бариери за поголема инклузија. Беше донесена Концепција за инклузивно образование (која се однесува и на ученици со надмината возраст кои се надвор од образовниот систем), Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за признавање на свидетелство – за ослободување на трошоци за корисници на гарантирана минимална помош, Програма за обезбедување туторство на ученици од основното образование, Прилагодени наставни програми со кои ќе се овозможи вклучување во соодветно одделение на основно образование за деца кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница, итн.

Во јули 2020 потпишан е Меморандумот за размена на податоци на национално и локално ниво за идентификација на децата на училишна возраст, кој ќе се применува од учебната 2021/2022 година.

Во 2020 година беше зголемен и бројот на доделени стипендии во средно образование на средношколци Роми во пет категории од 800 на 900. Воедно намален е бројот на ученици Роми во специјалните средни училишта. Голем предизвик во остварувањето на целите претставуваше наставата на далечина, заради немањето соодветни услови за реализација на истата (ИКТ, интернет, итн), кај одреден дел на ранливите категории на семејства.

Во основно образование е зголемен бројот на медијатори за ученици Роми и општините на дејствување во рамките на периодот од 2019 до 2020 година, од 30 на 35 медијатори и од 23 на 26 општини. Продолжија со имплементација два проекта за инклузија на ученици од маргинализираните групи, пред се ученици Роми.

Во учебната 2019/2020 и учебната 2020/2021 обезбедени се бесплатни учебници за сите ученици во основните и средните училишта. Бидејќи поголемиот број на ученици наставата во

учебната 2020/2021 година ја следат од далечина се наметна потребата од објавување на електронски содржини на учебници на порталот е-учебници како алатка за олеснување на процесот на учење.

Целосно се имплементираше мерката за обезбедување на бесплатно сместување на учениците во ученичките домови од градовите каде нема средни училишта (гимназиски и стручни училишта). Притоа, како одговор на ковид пандемијата, се воведоа посебни протоколи за сместување во ученичките домови, со што се ограничи бројот на ученици кои може да се сместат во домовите. Учениците на кои им беше потребно сместување се пријавуваа на посебна интернет платформата www.digitalizirajse.mon.gov.mk

Напредок е постигнат и кон подобрување на интеграцијата и интеракцијата помеѓу ученици кои следат настава на различен јазик. Во рамки на секое училиште формиран е тим за училишна интеграција кој планира и организира активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалог/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција. Доделени се грантови за реализација на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција и толеранција во основните и средните училишта, согласно Законите за основното односно средното образование и во 2019 и во 2020 година.

#### 3.2.1.2. Унапредување на опфатот и условите за пристап до сите нивоа на образование на лицата (децата/учениците/студентите) со попреченост

Една од специфичните цели на ЕСРП е обезбедување услови за зголемена вклученост на децата со посебни потреби во предучилишното образование. Сепак, поради пандемијата и Протоколите за постапување во градинките, намалени се воспитните групи на 15 деца во група (од 2-6 годишна возраст) и на 12 деца во група (0-2 годишна возраст), а предност се дава на деца на самохрани родители и на двајца родители кои се на работа.

Во 2020 година беа донесени шест подзаконски акти согласно Законот за основно образование, а кои се однесуваат на инклузивното образование. Од страна на училиштата формирани се инклузивни тимови и се изготвуваат индивидуални образовни планови за учениците за кои има потреба.

Во текот на 2019 и 2020 година интензивно работеше ноформираното Национално стручно тело, согласно новиот модел на проценка за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на дете или младинец, базиран на меѓународната класификација на функционирањето –МКФ. Во учебната 2019/2020 и 2020/2021 ангажирани се образовни и лични асистенти за учениците со попреченост, вклучени во редовните училишта во соработка со УНДП. Започна процесот на трансформација на посебните основни училишта во основни училишта со ресурсен центар.

За зголемување на инклузивноста во образованието, МОН работи на две програми со Делегацијата на ЕУ. Со првата, 12 образовни објекти, по 4 од основно, средно и високо образование, ќе бидат реконструирани и ќе добијат пристапни рампи и пристапност до просториите. Исто така, во рамки на програмата „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“, доделени се и 287 стипендии за деца со попреченост коишто се вклучени во редовното образование, за прво и второ одделение, се со цел да се поддржат семејства и учениците со основните материјали коишто им се потребни.

Формирана е Работна група која работи на нов Закон за средно образование, кој меѓу другото ќе има и одредби за зголемување на опфатот и вклученоста на учениците со попреченост во средното образование (по примерот на Законот за основно образование).

#### 3.2.1.3. Подобрување на содржините и квалитетот во образованието и јакнење на капацитетите на човечките ресурси (капацитетите на училиштата и наставниот кадар)

Една од целите на ЕСРП е подобрување на средината за учење, вклучително и содржините, методите и техниките на учење во насока на обезбедување на индивидуален пристап кон учениците. Во таа насока во 2020 година беше изработена предлог Национална концепција.

Предлог Националната концепција во текот на ноември - декември 2020 и јануари-февруари 2021, помина низ процес на широка консултација со сите засегнати страни.

Врз основа на Концепцијата утврдени се и националните стандарди за постигањата на учениците на крајот на основното образование. Врз основа на клучните компетенции за доживотно учење од Европската референтна рамка, како и врз основа на рамките на одделните компетенции развиени од Европската комисија (за странски јазици, за дигитални компетенции, за претприемништво), како и националниот контекст, определени се осум подрачја на националните стандарди во основното образование во нашата земја. Во нив се вклучени трансверзални компетенции и/или компетенции поврзани со определени предметни подрачја.

Во текот на 2020 година завршена е реконструкцијата на 23 училишта, а во фаза на изградба/доградба се шест нови училишта/објекти. Завршени се со изградба 12 училишни спортски сали, а во фаза на изградба се седум училишни спортски сали.

Врз основа на новиот Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта (усвоен во август 2019), во текот на 2020 година донесени се сите подзаконски акти кои се однесуваат на професионалниот и кариерниот развој на наставниците и стручните соработници. Во сите основни и средни училишта формирани се тимови за професионален развој, согласно Законот за наставници и соработници во основните и средните училишта

Развиен и пуштен е во употреба е-системот за кариерен развој. Владата на 35-та седница одржана на 29.12.2020 донесе Одлука за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници во основните училишта кои можат да се стекнат со звања наставник-ментор, за фискалната 2021 година. Во јануари 2021 објавен е јавен повик до наставниците во основните училишта за доставување на барања за напредување во звање наставник-ментор.

### 3.2.2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА ЗА КВАЛИФИКАЦИИ – ОСНОВА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ КВАЛИТЕТ ВО СИСТЕМОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Напредокот во оваа сфера се мери преку три индикатори. Два од поставените индикатори се веќе постигнати. Воспоставена е фунционална Опсерваторија за вештини, како и функционален Регистер на квалификации. Одреден напредок е постигнат во зголемување на бројот на секторски комисии за квалификации (зголемен е бројот од 9 на 10 во 2020 година), но потребен е натамошен напредок за постигнување на целта од 16 секторски комисии во 2020 година.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на формирани Секторски Комисии за квалификации (за развој и проверка на квалитетот на квалификациите во одредени сектори) | 9 | 9 | 10 | | 16 |
| Воспоставена и функционална Опсерваторија за вештини (за предвидување на потребите од вештини на пазарот на труд) | Не е воспоставена | Не е функционална. Внесени се одредби во новиот Закон за основно образование (од 2019 година) за обработка на лични податоци за потребите на Опсерваторија на вештини, а потребно е да се внесат одредби и во Законот за средно и Законот | Фукционална е Внесени се одредби во Законот за средно образование (од 2020 година) за обработка на лични податоци за потребите на Опсерваторија на вештини, а потребно е да се внесат одредби и во Законот за високо образаование за да може да се добиваат | | Воспоставена е |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | за високо образование за да биде функционална | статистички податоци и анализи за високото образование | | |
| Функционален Регистер на квалификации (за преглед и транспарентност на квалификациите) | Воспоставен регистер | Воспоставен регистер | Функционален регистар за стандард на квалификации | | Функционален и надграден регистар со модул за регистар стандарди на занимање и модул за ревизија на стандард на занимање |

### 3.2.2.1. Воспоставување одржлив систем на НРК и јакнење на човечките ресурси за негова примена

Во 2020 година беше воспоставена уште една дополнителна Секторска комисија за здравство и социјална заштита.

Усвоени се процедури и упатства за осигурување на квалитет согласно препораките на Европската рамка на квалификации и истите се објавени на веб страницата mrk.mk

## 3.2.3. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА НА РАБОТНАТА СИЛА И ГРАДЕЊЕ НА ФЛЕКСИБИЛНИ ПАТИШТА ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

Во ЕСРП 2022 се утврдени четири индикатори за следење на напредокот во остварување на оваа цел. Значаен напредок и надминување на таргетот за 2022 година е постигнат во однос на учество на учениците во средните стручни училишта како % од вкупниот број ученици во средно образование. Овој индикатор изнесува 62,1% во 2020 година (таргет >60%). Учеството во доживотното учење (2,6%) е сеуште под таргетот за 2022 година од 4%. Одредено влошување е забележано кај стапката на вработеност на лица (20–34 год.) кои неодамна завршиле средно или високо образование, која е намалена на 54,5% (од 57,2% во 2019) и е под таргетот од 55%. Во 2020 година основани се три Регионални центри за стручно образование и обука.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Учество на учениците во средните училишта во системот на СОО (%) | 60,0 | 61,8 | 62,1 | | >60% |
| Учество во доживотно учење (%) | 2,4 | 2,8 | 2,6 | | >4.0% |
| Стапка на вработеност на лица (20–34 год.) кои неодамна завршиле средно или високо образование (%) | 49,1 | 57,2 | 54,5 | | 55% |
| Број на Регионални центри за стручно образование и обука (РЦСОО) | Нема | Активностите се отпочнати. Направени се измени на Законот за стручно образование и обука и определени се трите средни стручни училишта кои ќе се трансформираат во РЦСОО | Три<br>На 24-та седница на Владата, одржана на 24.11.2020 донесени се Одлуки со кои три општински училишта продолжуваат со работа како Регионални центри за стручно образование и обука.<br>Врз основа на одлуките, трите училишта ги изменија | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | статутите, а МОН издаде решенија за согласност | | |

### 3.2.3.1. Развој, модернизација и зголемување на атрактивноста на стручното образование и обука

Во насока на обезбедување на поголема усогласеност на СОО со потребите на пазарот на труд, реформирано е четиригодишно стручно образование. Изработени се и формално донесени нови модуларно дизајнирани наставни програми, за сите нови квалификации/ образовни профили во средно стручно образование кои се базирани на резултати од учење, изразени со EQVET кредити и поени за општо-образовните и стручните предмети од прва до четврта година, кои започнаа да се имплементираат од учебната 2019-2020 година (прва година). Во учебната 2020/2021 започнаа да се применуваат новите наставни програми во средните стручни училишта во втората година. Наставните програми за трета и четврта година сукцесивно ќе се воведат во следните две учебни години.

Наставните програми се изработени во соработка со бизнис заедницата и ги отсликуваат потребите на пазарот на труд.

Донесени се наставните програми за дуалното стручно образование, за трета година, за училиштата во кои се спроведува дуално стручно образование. Во првиот квартал од 2021г. под слоганот „Учи паметно, работи стручно" беа организирани низа средби со компаниите за отворање на барани профили во стручните училишта. Имено, преку социјален дијалог со компаниите и бизнис заедницата на локално ниво, МОН заедно со општините работеше на утврдување кои профили ќе бидат отворени во средните стручни училишта во учебната 2021/2022 година.

Донесени се стандардите за простор и опрема за осумте квалификации кои ќе се обучуваат во трите регионални центри, изготвени од страна на Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО). Донесени се Одлуки од страна на Владата на РСМ со кои три средни стручни училишта се транформираа и продолжуваат со работа како Регионални центри за стручно образование и обука од 1.1.2021 година.

Од страна на министерот за образование и наука со Решение бр.08-4305/2 од 13.4.2020, на предлог на ЦСОО донесен е Концепт за учење преку работа, во насока на зголемување на практичните вештини на учениците.

### 3.2.3.2. Развој и унапредување на неформалното образование и образованието за возрасни

Во текот на 2020 изработен е нов Закон за образование на возрасни кој е усвоен од страна на Владата во јануари 2021 и истиот е доставен до Собранието со цел негово донесување. Со законот целосно се унапредува системот на неформално образование на возрасните, а се уредува и системот на валидација на знаењата, вештините и компетенциите стекнати преку неформалното образование.

## СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Вкупниот напредок во делот на социјалната инклузија и социјалната заштита се мери преку стапката на релативна сиромаштија, која во 2019 (според објавените податоци во 2020) бележи пад за 0,3 процентни поени.

| Насловен индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стапка на сиромаштија (%)** | 21,9% | 21,6% | Податокот за 2020 ќе биде објавен во декември 2021 | | 16,0 |

### 3.3.1. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА И ЕФЕКТИВНОСТА НА СИСТЕМОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ

ЕСРП поставува вкупно четири индикатори за мерење на ефикасноста на системот за социјална помош. Податоците се достапни за дел од поставените индикатори. Засега, индикаторите покажуваат извесен пораст на покриеноста на домаќинствата со социјална помош, како и програмите за заштита на децата и постарите лица над 65 години. Позначајно влијание врз сиромаштијата има само кај децата и постарите.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| % на домаќинства кои се покриени со сите видови парични давања од социјална заштита | 8 | 8,5 | Податокот за 2020 ќе биде објавен во јуни 2021 | | 14 |
| % на апсолутна сиромаштија | : | : | : | | <1,0 |
| Број на деца опфатени со програмите за детска заштита (детски додаток и образовен додаток) | 43.000 д.д.<br>3.800 о.д. | 38.855 д.д.<br>9.408 о.д. | 43.649 д.д<br>26.167 о.д | | 75.000 д.д.<br>65.000 о.д. |
| Број на лица корисници на право од социјална сигурност на старите лица | : | 6.495 | 8.573 | | 6.000 |

#### 3.3.1.1. Цел: Подобрување на обемот, опфатот и таргетирањето на системот на социјалната помош

Како одговор на пандемијата ковид-19, Владата на Република Северна Македонија во април 2020 година, донесе Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за социјална заштита за време на вонредна состојба, којашто овозможи олеснет пристап до правото на гарантирана минимална помош за лицата на кои им престанал работниот однос за време на пандемијата, пресметана од месец април до декември 2020 година. Со оглед дека состојбата со пандемијата ковид-19 продолжи и во 2021 година, а со цел за обезбедување на полесен пристап до остварување на правото на гарантирана минимална помош во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), донесен е Закон за дополнување на Законот за социјалната заштита[ii]. Се измени и подзаконскиот акт со цел да се овозможи полесен пристап во услови на вонредни околности до правото на гарантирана минимална помош во делот на утврдување на имотот од кој корисникот на правото на гарантирана минимална помош може да се издржува.

Од донесувањето на уредбата до декември 2020, бројот на корисници на ГМП е зголемен за 15% на 33.175 домаќинства споредено со бројот на корисници пред воведување на олеснувањата. **Податоците од Анкета за приходи и услови за живеење за 2020 не се сè уште достапни, но се очекува дека разлабувањето на критериумите доведува до зголемување на % на домаќинства кои се покриени со сите видови парични давања од социјална заштита и доближување до таргетот поставен за 2022.**

Со измените и дополнувањата на Законот за заштита на децата се овозможи пристап до правата за детски додаток и за децата од домаќинства/семејства со ниски примања и на приматели на гарантирана минимална помош. Со овој закон е регулирано и правото на додаток за образование, за деца од основно и средно образование од семејства со ниски примања и за деца на корисници на гарантирана минимална помош. **Во 2020 за 12% бил зголемен бројот на деца корисници на детски додаток и за 178% бројот на корисници на образовен додаток (главно заради проширување на ова право и за децата во основно образование), односно 43.649 деца користеле детски доддаток и 26.167 деца образовен**

**додаток. И покрај значителниот пораст на бројот на корисници, тој заостанува зад проектираниот опфат од 75.000 корисници на детски додаток и 65.000 на образовен додаток во 2022.**

По прогласувањето на пандемијата, мерките на Владата за задржување на работните места, олабавување на критериумите за гарантирана минимална помош и еднократната финансиска поддршка имаа тенденција да распределат пропорционално поголем удел од средства во домаќинства со деца. На пример, над 40% од новите корисници на ГМП биле домаќинства со деца, најчесто од албанско и ромско етничко потекло. Се проценува дека олеснатите услови за ГМП влијаеле позитивно врз приходите на најсиромашните сегменти на населението.

**Во декември 2020, 8.573 постари лица над 65 годишна возраст, кои неможат да обезбедат средства за егзистенција по други основи го користеле правото на социјална сигурност. Со тоа е надминат и планираниот опфат од 6.000 постари лица.**

Реформата на системот на социјална заштита од 2019 придонесе за подобрување на условите за живот на децата и постарите лица. Стапката на детска сиромаштија (0-17) во 2019 во споредба со 2018 бележи намалување од 29,3% на 27,8%, а намалување бележат и стапките на сиромаштија кај сите домаќинствата со издржувани деца, со исклучок на самохраните родители. Меѓутоа, вкупната сиромашија не се намали (21,6%) и над 448.1 илјади лица живеа под прагот на релативната сиромаштија. Имено, другите политики на Владата како порастот на минималната плата, субвенционирањето на платите и порастот на економијата го поместија во нагорна линија прагот на сиромаштијата, а со тоа стапката на релативна сиромаштија се задржа на исто ниво.

Сиромаштијата кај невработените лица која изнесува 41,7% бележи благо намалување во однос на 2018, додека сиромаштијата кај другите неактивни лица пораснала од 31,1% во 2018 на 32,9% во 2019. Од таа причина од исклучително значење е активацијата на корисниците на системот на социјална заштита и нивно вклучување на пазарот на трудот. Активацијата започна во 2020, но со бавно темпо, што меѓу другото се должи на разлабавувањето на обврските за редовно пријавување во Агенцијата за вработување како активни баратели на работа, како и на економската криза и намалена економска активност на претпријатијата.

### 3.3.2. ПОДОБРУВАЊЕ НА ДОСТАПНОСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ

ЕСРП поставува вкупно 3 индикатори за мерење на развиеноста на социјалните услуги. Добри резултати се постигнати во делот на достапноста на социјалните услуги мерена преку бројот на лиценцирани нејавни даватели на услуги. Благ напредок има кај воспоставените локални совети за социјална заштита, но тој тренд се очекува да се забрза во наредниот период. Не бил воспоставен ниту еден регионален совет за социјална заштита.

| Насловен индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на воспоставени локални совети за социјална заштита | 0 | 9 | 11 | | 81 |
| Број на воспоставени регионални совети за социјална заштита | : | 0 | 0 | | 8 |
| Број на лиценцирани даватели на услуги (според типот на услуги; во домот на корисникот, во заедницата, вон-семејна заштита) | : | 12 (10-услуги во домот, 1-услуги во заедницата, 1-услуги вон-семејна заштита) | 20 (12-услуги во домот, 2-услуги во заедницата, 6-услуги вон-семејна заштита) | | 30 |

#### 3.3.2.1. Цел: Развој и унапредување на социјалните услуги и можностите за вклучување различни субјекти во нивно квалитетно и ефикасно обезбедување

Во поглед на развојот на социјални услуги, клучниот исчекор беше направен со донесувањето на Законот за социјалната заштита во 2019 година. За првпат во земјата се предвидени неколку нови социјални услуги, како: лична асистенција, помош и нега во домот, одмена на семејната грижа (respite care), наменети за лицата со попреченост и старите лица. Се воведе систем на лиценцирање на нејавни даватели на социјалните услуги и систем за јавно финансирање на нејавните даватели на социјалните услуги.

Со цел развивање и давање на социјални услуги од лиценцирани и овластени даватели (здруженија и приватни даватели) формирани се Комисија за лиценцирање на даватели на социјални услуги и Комисијата за обезбедување средства за социјални услуги од општините и другите даватели.

Врз основа на мислењето на Комисија за лиценцирање на даватели на социјални услуги, заклучно со декември 2020 издадени се 20 лиценци за давање на социјални услуги на здруженија и приватни субјекти.

Согласно воспоставениот систем за доделување на средства на лиценцирани даватели на социјални услуги во 2020 година, по спроведената постапка доделени се средства за давање на социјални услуги и тоа лична асистенција, живеење со поддршка и сместување во установа за третман и рехабилитација на лица кои имаат проблем со зависности и други маргинализирани лица.

Во рамките на Проектот за подобрување на социјалните услуги, кој Министерството за труд и социјална политика го спроведува со заем од Светска Банка, по објавениот повик и извршената селекција на апликации од 64 општини за развој на социјални услуги на локално ниво, Министерството за труд и социјална политика склучи договори со 19 општини за доделување на грантови за воспоставување и развој на социјални услуги. Најголем дел од новосоздадените услуги се услуги за помош и нега на стари лица, дневен престој за лица со попреченост, услуга за рехабилитација и реинтеграција на лица со попреченост, дневен престој за стари лица, дневен престој за деца со попреченост, привремен престој на жртви за семејно насилство, лична асистенција, советување на семејства во социјален ризик, дневен престој на деца во социјален ризик). Вкупниот планиран број на корисници (вкупен капацитет) на сите новокреирани услуги е 995 лица, при што 95% од корисниците би биле постари лица 65+.

**Може да се заклучи дека постои напредок во однос на бројот на лиценцирани даватели на услуги од 0 во 2018 на 20 во 2020. Имајќи ги предвид започнатите активности за развој на услугите во 19 општини, може да се очекува дека поставениот таргет за 2022 ќе биде остварен.**

**До крајот на 2020, 9 од вкупно 81 општини воспоставиле локални совети за социјална заштита.** Со поддршка на ЕУ беа подготвени и усвоени десет акциски планови за унапредување на социјалната заштита, со фокус на социјалните услуги, во десет општини. Истовремено, со поддршка на УНДП се работеше на зајакнување на капацитетите за социјална заштита на локално ниво. Во претстојниот период ќе треба да се продолжи со спроведување на политики, мерки и активности кои ќе придонесуваат кон натамошно јакнење на капацитетите на сите релевантни субјекти на локално ниво за креирање и спроведување на ефикасни локални политики прилагодени на локалните потреби и за обезбедување квалитетни и ефикасни социјални услуги.

### 3.3.3. ПОДДРШКА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА

ЕСРП поставува вкупно три процесни индикатори за мерење на унапредувањето на деинституционализацијата. Кај два од нив, кои се взаемно поврзани (Број на лица сместени во станбени единици за живеење со поддршка или групни домови и Број на лица сместени во резиденцијални установи за социјална заштита) постои значен напредок во 2019 во однос на 2018, но во 2020 стагнираат главно заради времено запирање на преселбата на корисниците. Солиден напредок има кај бројот на корисници на социјални услуги (по тип на услуги: во домот, во заедницата, вон-семејна заштита).

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| Број на лица сместени во станбени единици за живеење со поддршка или групни домови | 173 | 226 | 226 | 250 |
| Број на корисници на социјални услуги (по тип на услуги: во домот, во заедницата, вон-семејна заштита) | 3.058 | Вкупно 4620<br>(423-услуги во домот, 2042-услуги во зедницата, 2155 вон-семејна<br>(*опфаќа згрижувачки семејства и сместување во установи за стари лица, податокот за организирано живеење што исто така е вон-семејна е погоре наведен) | Вкупно 4629<br>(454-услуги во домот, 1728-услуги во зедницата, 2447 вон-семејна<br>(*опфаќа згрижувачки семејства и сместување во установи за стари лица, податокот за организирано живеење што исто така е вон-семејна е погоре наведен | 4.500 |
| Број на лица сместени во резиденцијални установи за социјална заштита | 376 | 260 (во фаза на деинституционализација – Бања Банско, Т.Поле и Демир Капија) | 261 | 0 |

### 3.3.3.1. Цел: Зајакнување на процесот на деинституционализација

Националната стратегија за деинституционализација 2018-2027, усвоена од Владата во септември 2018 година, ги содржи клучните приоритети и насоки за транзиција од институционална грижа во грижа во заедницата. Стратегијата беше интензивно и успешно спроведувана до почетокот на 2020 година, т.е. почетокот на пандемијата со ковид-19.

Од почетокот на пандемијата со ковид-19 во март 2020 година, напорите на Министерството за труд и социјална политика беа насочени кон превенција на ширењето на вирусот во резиденцијалните институции, малите групни домови и помеѓу корисниците на социјалните услуги. За сите институции беа обезбедени лични заштитни средства и дезинфекциски средства и беа развиени посебни протоколи за работа, во соработка со Министерството за здравство. Наспроти навремено преземените мерки, првите случаи на зараза со ковид-19 помеѓу корисниците беа забележани во ноември 2020 година во две (од трите преостанати) резиденцијални институции.

Од друга страна, работата на дневните центри за деца и лица со попреченост беше запрена во март 2020 година, при што Владата овозможи еден од родителите (доколку се вработени) на корисниците да се грижи за своето дете во домашни услови, исплаќајќи ја платата на сметка на државниот буџет. Во август 2020 година дневните центри продолжија со работа, согласно новоподготвениот протокол и со намален капацитет за 50%.

Како дел од трансформацијата на услугите во завршна фаза се подготовките за отворање на првите два центри за поддршка на згрижувачките семејства при поранешните детски резиденцијални институции во Скопје и во Битола, како и на центар за одмена на семејната грижа при Специјалниот завод Демир Капија. Во трите објекти се завршени потребните реконструктивни работи, подготвени се програми за работа и соодветни интерни акти, а во тек се опремувањето и изборот и обуките на идните вработени.

На крајот на 2020 година, започнаа подготовките за повторно започнување на преселбата на корисници со попреченост од преостанатите резиденцијални социјални установи за лица со попреченост, со посебни протоколи соодветни на пандемиските услови. Се подготвуваат две единици за вкупно осум корисници и нивното отворање се очекува во април 2021 година. До

средината на 2022 година се очекува, во соработка со три проекти финансирани од ЕУ, од Специјалниот завод Демир Капија во заедницата, т.е. во живеење со поддршка да бидат преселени повеќе од 100 корисници.

Состојбата со пандемијата со ковид-19 значително ги отежна подготовките, поради отежнатите услови за директна комуникација и координација со вклучените актери. Контактите со вклучените институции беа сведени на онлајн и телефонска комуникација за да се намалат можностите за ширење на вирусот помеѓу вработените и корисниците на институциите.

Оттука, **вредностите на двата индикатори за бројот на лица сместени во резиденцијалните установи за социјална заштита и бројот на лица сместени во станбени единици за живеење со поддршка или групни домови се непроменети во 2020. Со интервенциите што се планираат во 2021 и 2022 се очекува таргетот во однос на бројот на лица сместени во станбени единици за живеење со поддршка или групни домови во целост да се оствари.**

**До крајот на 2020, како резултат на лиценцирањето на нови даватели на услуги и подобрување на достапноста на услугите се забележува зголемување на бројот на корисници на социјални услуги и тоа особено на услугите во домот и вон-семејна заштита, додека има пад на бројот на корисници на услугите во заедницата, главно заради протоколите што беа воведени за спречување на ширење на пандемијата. Во 2020 имало 4.629 корисници на услугите и со тоа е надминат вкупниот таргет од 4.500 корисници.**

### 3.3.4. УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ИНКЛУЗИЈА НА РОМИТЕ

ЕСРП поставува вкупно 10 индикатори за мерење на унапредувањето на социјалната инклузија на Ромите, поделени во три дела: пазар на труд, образование и здравствена заштита. Напредок се забележува кај двата индикатори на пазарот на труд, кај некои од образовните индикатори (Процентот на ученици Роми кои успешно го завршуваат основното образование и Стапката на премин на ученици Роми од средно во високо образование) и кај стапката на доенечка смртност кај Ромите. Се уште нема позначајни промени кај индикаторите во доменот на домување на Ромите, бидејќи сите иницијативи се во рана фаза на имплементација.

| Насловен индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| Вклученост на Роми во услугите на пазарот на труд и активните програми и мерки за вработување | 227 (во акт. прог. и мерки за враб.) 8.071 (услуги) | 251 во активни мерки<br>9.736 во услугите | 431 (во активни програми и мерки за вработување)<br>6.539 вклучени во услугите за вработување.<br>Во Гаранција за млади вклучени 1.530 млади невработени лица Роми | 325 апмв<br>10.000 услуги |
| Учество на Ромите во вкупниот број на регистрирани невработени лица во АВРСМ (%) | 8,52 | 9,1 | 9,2 | 8,7 |
| Вклученост на Ромски деца (0-6) во претшколско образование | 729 | 762 | 347[iii] | 1.000 |
| Процент на ученици Роми кои успешно го завршуваат основното образование (%) | 77 | 80% | Податокот се уште не е достапен од УРУОЈПЗ | 83% |
| Број на запишани студенти-Роми во високо образование | 300 | 192 | Податокот се уште не е достапен од УРУОЈПЗ | 400 |
| Стапка на премин на ученици Роми од основно во средно образование (%) | 87,0 | 77,4 % | Податокот се уште не е достапен од УРУОЈПЗ | 92 |
| Стапка на премин на ученици Роми од средно во високо образование (%) | 38,0 | 40,5% | Податокот се уште не е достапен од УРУОЈПЗ | 45 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на ромски семејства кои имаат пристап до социјални станови | 118 | 0 | 0 | | 150 |
| Број на реализирани проекти од комуналната инфраструктура во населби со претежно ромско население | : | | 1 | | 23 |
| Стапка на доенечка смртност кај ромската популација (на 1,000 живородени деца, промили, ‰) | 10,2 | 7,1 | Податокот за 2020 ќе биде објавен во јуни 2021 | | <7 |

#### 3.3.4.1. Цел: Понатамошно унапредување на условите и квалитетот на живот, пристапот до услуги и социјалната инклузија на Ромите во Република Македонија

Поради состојбата со пандемијата предизвикана од ковид-19, активностите на сите чинители беа фокусирани на обезбедување хуманитарна поддршка и следење на владините мерки. Во соработка со општините, повеќе донатори и ромски невладини организации, се дистрибуираа прехрамбени и хигиенски пакети за најсиромашните ромски семејства.

**Во 2020 речиси се удвоил бројот на Роми вклучени во активните мерки за вработување и е надминат таргетот поставен за 2022. Но, бројот на опслужени Роми со услуги на пазарот на труд бележи пад, заради променетиот режим на работа на центрите за вработување (сличен тренд се забележува кај сите невработени баратели на работа).**

Олеснетите услови за стекнување на правото на гарантирана минимална помош доведоа до зголемување на бројот на домаќинства корисници за 15% во споредба со периодот пред пандемијата, при што значаен дел биле со ромско етничко потекло.

**Во 2020, доаѓа до опаѓање на вклученоста на ромски деца (0-6) во претшколско образование: 347 деца (споредено со 729 во 2019), што веројатно е резултат на намалениот капацитет на градинките поради примена на Протоколот за работа на градинките во услови на пандемија.**

Податоците за најголем дел од индикаторите во сферата на образованието се уште не се достапни. Во насока на подобрување на пристапот до образование на децата кои не биле вклучени во настава, во текот на 2020 година беа донесени поголем број акти за инклузивно образование. Треба да се истакне дека во 2020 зголемен е и бројот на доделени стипендии во средно образование на средношколци Роми во пет категории од 800 на 900. Воедно намален е бројот на ученици Роми во специјалните средни училишта.

**Во областа на социјалното домување и генерално условите за живот, во 2020 бил реализиран еден проект од комуналната инфраструктура во населби со претежно ромско население, што е далеку под таргетот од 23 поставен за 2022. Во тек е изградба на нови социјални станови, но не е извршена распределба на социјални станови.** Со забавено темпо се одвиваат двата проекти финансирани преку Инструментот за претпристапна помош во општините Виница, Шуто Оризари и Велес,кои опфаќаат измена на урбанистичките планови, легализација на куќи на ромски семејства, рехабилитација на куќи, реновирање на оддели од здравствена установа, обука преку работа на млади Роми, управување со цврст отпад, итн.

### 3.3.5. СПРАВУВАЊЕ СО КЛУЧНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ДЕЛОТ НА ОДРЖЛИВОСТА НА ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ

ЕСРП поставува два исходни индикатори за мерење на справувањето со клучните предизвици во делот на одржливоста на пензискиот систем, кои покажуваат напредок во 2020.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| % на изворни приходи во однос на вкупни расходи на ФПИОСМ | 53,1 | 57,33 | 60,02 | | 65 |
| % на просечна пензија во просечна плата | 59,5 | 54,41 | 54,72 | | 60 |

### 3.3.5.1. Цел: Зајакнување на финансиската одржливост на пензискиот систем и унапредување на ефикасноста во остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување

Пензискиот систем е стабилен и одржлив, што подразбира редовна и навремена исплата на пензиите, како и грижа за сегашните пензионери, но и за сите оние што целиот свој работен век плаќале пензиски придонес, за да можат пристојно да живеат во пензионерските денови.

**Како резултат на реформите преземени во 2019, % на изворни приходи во однос на вкупни расходи на ФПИОСМ постојано расте од 2018. Во 2020 изворните приходи претставувале 60,02% во однос на вкупните расходи на Фондот на ПИОСМ. Таргетот за 2022 е 65%.**

Во 2020 година започна спроведувањето на проектот за подобрување на квалитетот на услугите што вклучува дизајн и воспоставување Единствен централизиран регистар за социјално осигурување (Single Unified Registry System - SURS) и за консолидација на податоците на ПИОМ во врска со придонесите на осигурените лица.

### 3.3.5.2. Цел: Одржување на адекватноста на пензијата и заштита на стандардот на корисниците на пензија

**Просечната пензија претставувала 54,72% во однос на просечна плата и бележи благо зголемување во споредба со 2019, но се уште е под нивото од 2018 (59,5%) и таргетот од 60% поставен за 2022.**

Владата на Република Северна Македонија донесе Одлука за дополнително усогласување на пензиите за 2020 година сметано од 1 јануари 2020 година во висина од 5% од вкупниот износ за исплата на пензиите за јануари 2020 година, односно сметано од периодот од 1 јули 2020 година пензиите беа усогласени за 0,6%.

Заради заштита на пензионерите од вирусот ковид-19 од почетокот на пандемијата, односно од април 2020 година се врши предвремена исплата на пензиите.

## 3.3.6. СПРАВУВАЊЕ СО КЛУЧНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ И ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на доенечка смртност (промили, ‰) | 9,2 | 5,6 | Податокот за 2020 ќе биде објавен во јуни 2021 | | <7,0 |
| Број на новоизградени и реконструирани јавно-здравствени објекти | 1 нов<br>3 рек. | 7 | 0[iv] | | 2 нови<br>4 рек. |
| Извршена надградба со нови модули на интегрираниот здравствен информатички систем „Мој термин“ | 31 (4 нови) функционални модули | 3 нови функционални модули | 5 нови функционални модули | | 33 функционални модули |

### 3.3.6.1. Цел: Унапредување на пристапот до здравствена заштита за сите граѓани, условите во здравството и квалитетот на здравствените услуги

**Исходниот индикатор стапка на доенечка смртност во 2019 паднал на 5,6 промили и е под 7 промили согласно поставениот таргет за 2022. За 2020, податоците ќе бидат објавени во јуни.**

Имајќи ја во предвид кризата на здравствениот систем која произлезе од справувањето со ковид-19, дел од проектите за изградба и реконструкција на ЈЗУ претрпеа промена на динамиката, односно временската рамка за целосна реализација е продолжена. Во однос на новонастаната ситуација, Министерството за здравство спроведе низа активности за зголемување и подобрување на условите за третман на инфективни пациенти и постави модуларна монтажна болница со тријажен центар во рамки на ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни и фебрилна состојби како и монтажно модуларен објект за потребите на амбулантски активности за ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија. Во 2020 започна и поставувањето на 16 монтажно модуларни центри за третман на ковид-19 на територијата на целата држава со што се зголеми вкупниот капацитет на болнички легла и достапноста на здравствените услуги до граѓаните. Започна изградба на нова поликлиника во Сарај и се изврши реконструкција на јавните простори и тоалети во зградата на интерни клиники и хирургија.

**Во однос на извршената надградба со нови модули на интегрираниот здравствен информатички систем „Мој термин", во 2020 беше извршена надградба со пет нови модули и со тоа таргетот за 2022 е надминат.**

За унапредување на системот за превенција и контрола на заразни болести се воспостави Центар за епидемиолошко следење и управување со здравствени кризи за 24/7 следење на состојбата со ковид-19, и се врши анализирање на сите расположливи податоци и споделување со референтни институции (СЗО, Европскиот центар за спречување и контрола на болести) според востановени процедури. Во завршна фаза е изработката на оперативен систем за електронско пријавување на заразни болести, како и АЛЕРТ систем за синдромско пријавување во реално време.

### 3.3.6.2. Цел: Подобрување на стручноста и компетентноста на здравствените работници

Беа обезбедени можности за подобрување на стручноста и компетенциите преку доделување специјализации/супспецијализации за вработените во јавните здравствени установи.

# 4. КОМУНИКАЦИЈА

За спроведување на политиките и програмите во областа на вработување, образованието и социјалната заштита се спроведоа разновидни комуникациски активности, како на пример комуникациски кампањи, подготовка и дисеминација на материјали и соопштенија за медиумите, средби на локално ниво или со деловната заедница (во ограничен обем и со помала публика заради запазување на протоколите за спречување на ширење на ковид-19), интервјуа и настапи на медиумите, итн.

Комуникациски активности се одвиваа во текот на целата година, паралелно за сите клучни теми. Главни канали на комуникација во 2020 беа веб страниците на министерствата, социјалните медиуми, онлајн медиумите и соодветни дигитални инфо-платформи, специјализирани медиуми/платформи фокусирани и тематски настани и иницијативи. Пристапот што се применуваше е лично и фокусирано обраќање, конкретизирана содржина, едноставни и лесно читливи визуелни и аудио решенија, практични совети и насочувања, технички необременети со административна терминологија. Во комуникациските активности се вклучени двете ресорни министерства и други надлежни институции, релевантни меѓународни организации, корисници, итн.

Поради ограничувањата воведени за спречување на ширење на вирусот, социјалните медиуми и онлајн медиумите станаа доминантни канали за промовирање на политиките и програмите на пошироката заедница.

Во 2020, продолжија да се спроведуваат неколку кампања за доближување на започнатите реформи до граѓаните, деловната заедница и граѓанскиот сектор:

#ШансаЗаСите




Станува збор за интегрирана промотивна кампања во чиј состав се продуцираат продукти кои го пренесуваат искуството на вистински корисници на мерките за вработување. Промотивните активности се реализираа зависно од динамиката и достапноста, како и пополнување на опфатот на програмите и мерките за вработување. На крајот на годината, се реализираше краткорочна кампања за промовирање на успешните резултати пласирана генерално на социјалните медиуми.




Во текот на 2020 година продолжи заедничката кампања „Снајди се со стручно!"за промовирање на стручните занимања и стручното образование реализирана од неколку партнери кои спроведуваат активности фокусирани на истата тема. Координативното тело составени од претставници на различните субјекти работеше во правец на креирање и имплементирање на дополнителни комуникациски канали и продукти за поуспешно таргетирање на учениците, но и до бизнис субјектите кои треба да обезбедат соодветни предуслови за привлекување на квалификуван професионален кадар. Информациите се објавуваат на https://zanimanja.mk/ и https://www.facebook.com/snajdisesostrucno/




УЧИ ПАМЕТНО, РАБОТИ СТРУЧНО




Под слоганот „Учи паметно, работи стручно" беа организирани низа средби со компаниите за отворање на барани профили во стручните училишта. Имено, преку социјален дијалог со компаниите и бизнис заедницата на локално ниво, МОН заедно со општините работеше на утврдување кои профили ќе бидат отворени во средните стручни училишта во учебната 2021/2022 година.

Повеќегодишна кампања за запознавање на јавноста со реформите во сферата на социјалната и детската заштита.

Информациите се однесуваат на инвестициите за развој и унапредување на социјалните услуги, како и на раниот детски развој и образование. Информациите се објавуваат на: https://www.ssip.mk/ и

https://www.facebook.com/Se.Grizhime








Треба да се истакне дека во 2020 година, особено важно беше да се информираат навреме граѓаните и сите други чинители за препораките, протоколите и мерките усвоени од Владата за заштита и превенција на заболувањето ковид-19, како и за мерките за ублажување на последиците од вирусот. Веб-страницата https://koronavirus.gov.mk/ се одржува од Секторот за односи со јавноста на Владата на Република Северна Македонија. Дополнително, министерствата објавуваа информации и соопштенија поврзани со корона вирусот за работи во рамки на нивните надлежности, особено за протоколите за работа и учење, за начинот на остварување на правата од социјална заштита, итн.




Конечно, интересно е да се спомне и кампањата што се спроведува под покровителство на Економско-социјалниот совет со поддршка на МОТ и ЕУ во функција на јакнење на работничките права, што е значајно во услови на огромните промени во светот на работа по настапувањето на пандемијата.

МОЈ ТРУД, МОИ ПРАВА

Кампања се спроведува за подигање на свеста во однос на правата од работен однос. Работниците, работодавачите и другите заинтересирани граѓани се упатуваат на веб-страница https://mojtrudmoiprava.mk/, за да се информираат за сè во врска со работничките права.



# 5. ЗАКЛУЧОЦИ И ИДНИ ЧЕКОРИ

Во овој дел се презентирани клучните активности што се планираат или треба да се преземат во 2021 во трите приоритетни области заради остварување на зацртаните цели и целните вредности на индикаторите за 2022 година.

ЕСРП предвидува вкупно 78 мерки/активности во трите приоритетни области. Речиси сите активности се повеќегодишни, односно за целото времетраење на програмата. Дел од активностите се спроведуваат според годишни оперативни планови, па оценката за степенот на реализација е донесена според тоа дали се остварени годишните планови. Треба да има предвид дека и во случај на целосна имплементација на активноста во 2020, истата активност е релевантна и продолжува да се спроведува и во наредните години (таков е примерот со спроведувањето на активните мерки за вработување). Од друга страна, некои мерки се спроведуваат сукцесивно, па ако нивното спроведување е започнато и во тек, општата оценка е дека тие делумно се спроведени и во наредниот период, треба да се преземат чекори до целосна реализација.

За 37 мерки е оценето дека целосно се имплементирани, 37 мерки делумно и 4 активности не се започнати со имплементација.

За спроведување на мерките биле потрошени 236,7 мил. евра, но овие средства се потценети бидејќи не ги опфаќаат, на пример административните трошоци на институциите одговорни за обезбедување на услугите. Исто така, не се одразени средствата за економските мерки за справување со пандемијата.

Во 2021 продолжува спроведувањето на активностите во сите приоритетни области, како што е наведено во продолжение.

### Приоритетна област 1: Пазар на труд и вработување

- **Гаранцијата за млади** продолжува да се спроведува и во 2021 со опфат на најмалку 10.000 млади лица од кои, во период од 4 месеци најмалку 30% ќе бидат вработени, повторно вклучени во образовниот процес или ќе бидат вклучени во активни програми и мерки за вработување. Потребно е зајакнување на теренските активности во насока на активирање на неактивните млади лица, чие спроведувањето секако ќе зависи од условите и мерките за спречување на ширење на пандемијата заради потребата од директни контакти на младинските работници со младите лица.

  Агенцијата за вработување е носител на Гаранцијата за млади и зголемувањето на нејзините кадровски, информатички, физички и финансиски ресурси е неопходно за успешно спроведување на програмата. Се очекува дека АВРСМ ќе успее да го реализира Планот за вработувања за 2021, да дигитализира дел од своите процеси и да ги оствари планираните подобрувања на условите за работа и давање на услугите во дел од центрите за вработување.

  Во делот на „Раната интервенција“ ќе се продолжи со континуирано промовирање и подобрување на стручните училишта, организирање на советодавни средби со локалната заедница и бизнис секторот усогласување на уписната политика во средните стручни училишта согласно потребите на пазарот на трудот. Понатаму, по донесување на Законот за образование на возрасни, ќе бидат донесени сите подзаконски акти со кои се уредуваат механизмите за валидација на неформалното образование и информалното учење (акредитација на понудувачи на услуги за валидација, креирање регистар). Измените на Законот за високо образование би овозможиле да започне употребата на информациониот систем „Опсерваторија на вештини“ заради следење на исходите од образовните процеси и усогласување на образованието со пазарот на трудот.

- Инвестициите во активни мерки, нивното продолжувањето и зголемување е значајно, особено за справување со предизвиците од економската и здравствената криза. Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година ќе поддржи 11.889 невработени лица, за што е алоциран буџет на АВРСМ и МТСП во износ од околу 21,9 милиони евра, додека вкупниот буџет од сите

извори е околу 24,7 милиони евра. Од посебна важност се програмите со кои се креираат работни места и обуките за оспособување за работа.

- Предизвик за 2021 е и доследно спроведување на политиките за **активација на социјално загрозените лица** (корисници на Гарантирана минимална помош, Роми и др.), кои се спроведуваа со забавено темпо изминатата година. Електронската размена во реално време на податоци за корисниците на ГМП треба да профункционира помеѓу центарите за социјална работа и центрите за вработување и да ја олесни соработката при подготовка на индивидуалните планови за активација. Се очекува во текот на годината да започне да се обезбедува услугата Советување и мотивација (менторство, психосоцијална поддршка) за полесно вклучување на корисниците на ГМП во активните мерки.

- Што се однесува до **вработувањето на лицата со попреченост** продолжува пилотирањето на работно-ориентираната рехабилитација. Фокусот ќе биде на работно-ориентирани обуки за лицата со попреченост и поддршка при вработување. Ќе започне разработкатата на нов концепт за вработување на лицата со попреченост, со кој ќе се воспостави и нов систем на професионална рехабилитација скроена на реалните потреби на лицата со попречености.

- Во 2021 ќе биде усвоена **Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија**. Ќе започне подготовката на законска рамка и ќе се воспостави национален центар за поддршка на социјалните претпријатија, меѓу другото во функција на отворање работни места и вклучување на најранливите категории на пазарот на труд.

- **Зголемување на учеството на жените на пазарот на трудот и намалување на родовиот јаз** е еден од приоритетите во новата Стратегијата за родова еднаквост 2021-2026 која се планира да се донесе во 2021. Ќе се продолжи со мерки за активација на жените и намалена родова нееднаквост на пазарот на труд. Ќе биде донесен и нов Закон за родова еднаквост со цел воспоставување на ефикасен систем на родова еднаквост.

  За **усогласување на професионалниот и приватниот живот**, посебно важно е донесувањето на нов Закон за работните односи со кој ќе се воведе отсуство заради татковство, можност за користење на родителско отсуство и од татковците, платено отсуство од работа за давање нега и право на работа со флексибилна форма заради грижа и нега на дете. Министерството за труд и социјална политика и понатаму ќе инвестира во создавање капацитети за опфат на поголем број на деца во предучилишно образование, како и со натамошен развој на сервиси за грижа на стари и изнемоштени лица.

- **Справувањето со неформалната вработеност** во државата е уште еден приоритет за ефикасно и долгорочно подобрување на состојбите на пазарот на труд. Во 2021 ќе се работи на развој на ваучерски модел во секторот на услуги, со фокус на личните услуги и услугите во домаќинството, ќе се спроведе кампања за непријавената работа и ќе се усвои моделот за размена на податоците и за пресметка на индикаторите за следење на Стратегијата за неформална економија. Со донесување на новиот Закон за работните односи ќе се унапреди начинот на регулирање на сезонското и другите облици на флексибилно вработување. Продолжува и зајакнувањето на капацитетите на Државниот инспекторат за труд.

- Во однос на **унапредување на квалитетот на работата и услугите на јавната служба за вработување**, приоритет е зајакнување на човечките ресурси и преструјување на работењето на Агенцијата за вработување, имајќи го предвид и зголемениот наплив на клиенти и останатите предизвици што ги наметна пандемијата. Се очекува Агенцијата да вработи 35 лица во центрите за вработување, во секторот за активни мерки и во одделението за вработување на млади. Согласно предвидените средства и можности, се планира реконструкција на еден поголем центар за вработување и тоа во Полошкиот регион. Ќе се дигитализираат одредени услуги кон клиентите, а важно е и да профункционира размената на податоци помеѓу центрите за вработување и центрите за социјална работа за потребите на активацијата на клиентите од социјално ранливите групи.

- Се очекува **социјалниот дијалог** да продолжи да игра клучна улога во обликување на економските, социјалните и политиките на пазарот на трудот за периодот по 2021 година. Економско-социјалниот совет ќе ја разгледува состојбата на колективното договарање во земјата. Ќе биде обезбедена натамошна поддршка на синдикатите и здруженијата на работодавачи за воведување нови услуги, подобрување на видливоста и прилагодување на новата реалност. Продолжува и спроведување на локалниот пакт за вработување во Битола и споделување на ова искуство со останатите локални економско-социјални совети.

### Приоритетна област 2: Човечки капитал и вештини

- За **поттикнување на инклузијата на децата од маргинализираните групи** во основното образование се планира континуирана работа и зголемување на бројот на ромски образовни медијатори во основно образование. Во средно образование се враќа менторската/туторската поддршка на средношколците Роми добитници на стипендии и натамошно зголемување на бројот на стипендии на средношколци Роми.

  Заради осовременување на наставата и следење на светските трендови се пристапи кон изработка на нов концепт за основно образование, што ќе резултира и со донесување на нов Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали.

  Во иднина се планираат обуки на наставниот кадар од основните училишта за инклузивното образование, но и специјализирани обуки за кадарот кој ќе работи во основните училишта со ресурсни центри. Истовремено, следува и подобрување на капацитетите (материјални и човечки) во основните училишта, основните училишта со ресурсни центри, центрите за поддршка на учењето во насока на подобрување на квалитетот на инклузивното образование.

  Вклученоста на учениците со попреченост во средното образование ќе се унапреди со донесување нов Закон за средно образование и отворање ресурсни центри, додека за подобрување на пристапноста и достапноста во високото образование за студентите со попреченост се предвидува донесување на уредба согласно Законот за високо образование и имплементација на проектот за пристапност на четири високо-образовни установи.

  Во насока на подобрување на можностите за учење на возрасните лица со попреченост се очекува верификација на поголем број на програми за неформално образование за возрасни лица со попреченост и целосно оспособување на сите функционалности на регионалните центри за стручно образование и обука.

- За **подобрување на содржините и квалитетот во образованието** следува целосна сукцесивна имплементација на новата Концепција за основно образование, врз основа на која ќе бидат изработени нови наставни програми и ќе се спроведат обуки за наставниците.

  Во функција на јакнење на капацитетите на човечките ресурси во образованието се планира изработка на Каталог на акредитирани програми за обука на воспитно-образовниот кадар и имплементација на системот за кариерен развој на стручните соработници во основно образование и за наставниците и стручните соработници во средно образование. Во Програмите за инвестиции за 2021 година предвидена е изградба/доградба на 12 училишни објекти и реконструкција на 20 училишта.

- Во однос на имплементацијата на Националната рамка за квалификации за доживотно учење се очекува понатамошно активно учество на Националниот одбор на Македонската рамка на квалификации во креирањето на политиките за квалификациите. Потребно е да се формираат преостанатите секторски комисии за квалификации. Планирано е да се работи и на комуникациска стратегија и политики за комуникација на рамката и прегледност на квалификациите.

- Во делот на **зајакнување на вработливоста на работната сила и градење на флексибилни патишта за доживотно учење** се планира континуирано промовирање и подобрување на стручните училишта, организирање на советодавни средби со локалната заедница и бизнис секторот, во насока на усогласување на уписната политика во средните стручни

училишта согласно потребите на пазарот на трудот. Во новиот Закон за стручно образование и обука ќе се уреди системот на постсредно образование. Во него ќе бидат вградени одредби од Концептот за учење преку работа и ќе се развие нова формула за начинот на финансирање на стручното образование (земајќи го предвид учењето преку работа). Трите регионални центри за стручно образование и обука ќе се реновираат и ќе се зајакнат нивните капацитети. По донесување на Законот за образование на возрасни, ќе бидат донесени сите подзаконски акти со кои системски се уредуваат механизмите за валидација на неформалното образование и информалното учење.

### Приоритетна област 3: Социјална инклузија и социјална заштита

- Продолжува примената на законите во сферата на **социјалната и детската заштита** од аспект на адекватноста и опфатот на програмите. Ќе започне развој на интегриран софтвер на социјалните надоместоци и социјалните услуги. Во однос на достапноста на социјалните услуги, и понатаму ќе се обезбедува финансиска и техничка поддршка за развој на нови социјални услуги, како и лиценцирање на ново воспоставените сервиси. Се интензивираат активностите за јакнење на системот на следење и квалитет на социјалните услуги и за подобрување на капацитетите на сегашните и потенцијалните даватели на социјални услуги, вклучувајќи ги општините.

- Продолжува и имплементацијата на **Националната стратегија за деинституционализација** со подготовка за преселба на 100на корисници од Специјалниот завод во Демир Капија во живеење со поддршка, трансформација на постојните установи (отворање на центрите за поддршка на згрижувачките семејства во Скопје и во Битола, отворање на центарот за одмена на семејната грижа во Демир Капија, отворање дневен центар за деца и млади со интелектуална попреченост на возраст од 14 до 26 години при Заводот за рехабилитација на деца и млади Скопје – Топанско Поле).

- Активностите на АВРСМ за зголемување на можностите за **вработувањето на Ромите** продолжуваат со реализација на ОП за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година. Продолжува и активацијата на невработени Роми и други лица во ризик од социјално исклучување согласно моделот Acceder и менторска програма за Роми. Ќе се спроведе анализа на влијанието на социјалните надоместоци на активацијата на Ромите и др. корисници на ГМП на пазарот на трудот.

  Ромските образовни медијатори во основно образование продолжуваат со работа, а се зголемува и нивниот број со цел зголемување на опфатот на децата **Роми** во основното образование, намалување на бројот на ученици кои го напуштаат училиштето, намалување на бројот на ученици Роми запишани во училишта за деца со посебни потреби, зајакнување на врските на ромската заедница и родителите со училиштето, преку борба против социјалната исклученост (десегрегација и дискриминација) и почитување на разликите и преку промовирање на интеркултурното образование. Во средно образование се враќа менторската/туторската поддршка на средношколците Роми добитници на стипендии и од година во година се зголемува бројот на стипендии на средношколци Роми.

  Ќе се подготват интервенции во Законот за домување во делот на подобрување на пристапот до социјалното домување. Во Прилеп, Битола, Штип и Берово ќе се легализираат куќите на околу 6800 ромски домаќинства, ќе се изградат 80 нови живеалишта во Штип и Кичево, а истовремено ќе реконструктурираат 65 куќи во Прилеп и Берово (со поддршка на ИПА).

- Во континуитет ќе се преземаат соодветни мерки за обезбедување социјалната сигурност на пензионерите. Во 2021 фокусот ќе биде на развој на Единствен унифициран регистарски систем и подготовка на потребните законски измени. Истовремено се вршат подготовки за воспоставување централизиран систем за вештачење на инвалидноста, односно способноста за работа и Централно координативно тело за утврдување инвалидност.

- Целосна имплементација на започнатите проекти (КБ Штип, Општа болница Струмица, УК Св. Наум Охридски, Специјална болница Св. Еразмо), продолжување на изведбата на Општа болница Кичево втора фаза, реконструкција на повеќе објекти од амбулантско-

поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје како и интензивирање на активностите за изградба на нов клинички центар на локација во Ѓорче Петров.

- Интегрирање на ИТ системите на Министерството за здравство и Фондот на здравствено осигурување, за дефинирање на стандарди и основно решение за Единствениот регистер на пациенти за сите здравствени установи,

Во однос на унапредување на системот за превенција и контрола на заразни болести, потребно е подобрување на управувањето со податоците за ковид-19 во соработка со Управата за електронско здравство во делот на интегрираниот здравствен информатички систем „Мој термин“. Исто така, законски ќе се регулира електронското пријавување на заразни болести и АЛЕРТ систем, ќе се финализира електронскиот систем во соработка со „Мој термин“ и едукација на здравствените работници за негова правилна употреба со што системот ќе стане целосно функционален.

# АНЕКС 1 – СЛЕДЕЊЕ НА ЕРСП МАТРИЦАТА НА ЦЕЛИ И МЕРКИ

## ПАЗАР НА ТРУД И ВРАБОТУВАЊЕ

### 3.1.1. ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА СО НЕВРАБОТЕНОСТА, ОСОБЕНО КАЈ НАЈРАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ЛИЦА (МЛАДИ, ДОЛГОРОЧНО НЕВРАБОТЕНИ И ДРУГИ)

#### 3.1.1.1. Цел: Подобрување на вработеноста на младите и промовирање на повеќе и подобри работни места за младите лица

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Поддршка на интегрирањето на младите на пазарот на трудот - поддршка на вработувањето, продолжување на образованието, практикантство (ГМ – интегрирање на пазарот на труд) | **АВРСМ**<br><br>МТСП, ЦОВ и др. локални институции, провајдери на услуги, работодавачи | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>Целосно се имплементирани активностите предвидени за 2020 во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот; Активноста продолжува да се спроведува и во 2021 година.<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во 2020 (01.01.-31.12.2020) 25.502 невработени млади лица (12.863 жени) беа вклучени во Гаранцијата за млади. Од нив, 7.684 се вработиле во период од 4 месеци, а 1.257 лица биле вклучени во некоја од активните мерки за вработување кои не водат кон директно вработување, но ја зголемуваат нивната вработливост. Според тоа, успешноста на Гаранција за млади засега изнесува 35%[v].<br><br>Од 7.684 лица кои се вработиле, 1.070 биле вработени преку некоја од активните мерки за вработување, 487 лица биле вработени преку услугата за посредување при вработување, а 135 станале основачи или управители. | **Проблеми**:<br><br>* Во 2020 дојде до зголемување на бројот на лица евидентирани во АВРСМ , како резултат на економската криза предизвикана од пандемијата, но и заради фактот што економските мерки што Владата ги усвои за справување со кризата ги таргетираа невработените лица евидентирани во Агенцијата за вработување на РСМ. Сите препораки и мерки донесени од Владата на РСМ, како што се Уредбата со законска сила за примена на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност за време на вонредна состојба, Уредбата која се однесува на издавање платежни картички за купување македонски производи, мерката Платежна картичка за граѓаните за поголема потрошувачка со која беа опфатени и другите лица кои бараат работа евидентирани во Агенцијата за вработување, а со кои се уредува начинот и условите на евидентирање како невработено лице имаат директно влијание на зголемување на бројот на лица евидентирани во АВРСМ. | Средствата се претставени под 3.1.1.2. а/ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Од 1.070 лица кои се вработиле преку активни мерки за вработување, најголем дел се вработиле преку учество во мерката Субвенционирано вработување (642 лица), програмата Самовработување (207 лица) и мерката Финансиска поддршка за создавање нови работни места (188 лица).Од 1.257 невработени лица кои биле вклучени во некоја од активните мерки кои не водат кон директно вработување, најголемо учество младите лица имале во Програмата практикантство (846 лица). | *Недостасуваат програми за втора шанса преку кои ниско квалификуваните би можеле да се стекнат со вештини и квалификации потребни за нивна интеграција на пазарот на трудот. Во новиот Закон за образование на возрасни кој е во собраниска процедура[vi] дадена е законска основа за имплементација на програмата Втора можност.<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Активноста продолжува да се спроведува и во 2021. Планираниот годишен опфат на учесници во Гаранција за млади на целата територија на Република Северна Македонија е околу 10.000 млади лица. Програмата ќе се смета за успешна доколку најмалку 30% од вклучените лица во ГМ, успешно излезат од истата во период од 4 месеци, односно ќе бидат вработени, повторно вклучени во образовниот процес или ќе бидат вклучени во активни програми и мерки за вработување. За таа цел, потребна е координирана и заедничка акција на повеќе владини институции, пред се на МТСП, АВРСМ и МОН, социјални партнери и граѓански организации. | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| б/ Унапредување и проширување на услугите на Агенцијата за вработување насочени кон младите невработени лица (ГМ – активности за активација) | **АВРСМ**<br><br>МТСП | 2022 | **Статус:** Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во услови на ковид-19, Агенцијата за вработување продолжи да ги извршува своите функции, меѓу кои и реализација на активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот (помош при барање работа, услуги за советување и насочување, изготвување индивидуални планови за вработување, следење и санкционирање). Лицата кои биле вклучени во Гаранција за млади се вклучувале во услугите кои ги нуди АВРСМ: 3.042 лица биле вклучени во некоја од услугите за вработување. Притоа, спроведено е кариерно советување за 67 лица, профилирани се 1.204 лица, изработени се вкупно 1.330 Индивидуални планови за вработување (од кои 15 ИПВ-2 за тешко вработливи лица).<br><br>АВРСМ континуирано се грижи за развој, јакнење и унапредување на човечките ресурси односно на нивните вештини, знаења и компетенции, но во текот на 2020 година заради состојбата со вирусот ковид-19 беше отежнато организирањето и спроведувањето на групни обуки, семинари, советувања или работилници за вработените. Така, во текот на 2020 беа организирани вкупно 7 обуки за 129 вработени на тема ,,Воедначено постапување и примена на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност и Законот за општа управна постапка“, ,,Надградба на капацитетите на вработените за професионални услуги за советување на работодавачи и посредување при вработување“ и „Младинска гаранција” | **Проблеми**:<br><br>Вработувањата во институциите на јавниот сектор се вршат врз основа на годишни планови кои се доставуваат на мислење до Министерство за финансии и Министерство за информатичко општество и администрација најдоцна до 1 септември во тековната година. АВРСМ навремено има доставено Годишен план за вработување за 2020 година бр.04-2923/1 од 20.08.2019 година, по однос на кој е добиено позитивно мислење и од Министерство за финансии и од Министерство за информатичко општество и администрација. Со Годишниот план за вработување за 2020 година беа планирани 16 нови вработувања од кои во тековната година имаше реализирано само едно вработување на неопределено време, додека другите вработувања останаа нереализирани поради низа објективни причини (изборен процес, состојбата со ковид-19, усогласување на актот за систематизација на работните места со измените и дополнувањата на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и сл.)<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Во 2021 ќе заврши модернизацијата на центарот за вработување во Куманово, а се планира реновирање и на еден поголем центар за вработување согласно расположливите буџетски средства.<br><br>*Согласно член 20-а и 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор, АВРСМ има доставено Годишен план за вработување за 2021 година бр.04-2323/1 од 13.08.2020 година, по однос на кој е добиено позитивно мислење и од Министерство за финансии и од Министерство за информатичко општество и администрација. | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| в/ Унапредување и реформи на образовниот систем, со посебен акцент на квалитетот и содржината на стручното образование и обука и неговата релевантност за подготовка на младите за полесна транзиција и интеграција на пазарот на труд (ГМ - рана интервенција) | **МОН**<br><br>МТСП, БРО, ЦССОО, ЦОВ, ДПИ | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>Целосно се имплементирани активностите предвидени за 2020<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*Реформирано е четиригодишно стручно образование. Изработени се и формално донесени нови модуларно дизајнирани наставни програми, за сите нови квалификации/ образовни профили во средно стручно обрзование кои се базирани на резултати од учење, изразени со EQVET кредити и поени за општо-образовните и стручните предмети од прва до четврта година, кои започнаа да се имплементираат од учебната 2019-2020 година (прва година). Во учебната 2020/2021 започнаа да се применуваат новите наставни програми во средните стручни училишта во втора година. Наставните програми за трета и четврта година сукцесивно ќе се воведат во следните две учебни години.<br><br>*Донесени се наставните програми за дуалното стручно образование за трета година, за училиштата во кои се спроведува дуално стручно образование.<br><br>*Донесени се стандардите за простор и опрема за осумте квалификации кои ќе се обучуваат во трите регионални центри, изготвени од страна на ЦСОО. Донесени се Одлуки од страна на Владата на РСМ со кои три средни стручни училишта се трансформираа и продолжуваат со работа како Регионални центри за стручно образование и обука од 1.1.2021г.<br><br>*Од страна на министерот за образование и наука со Решение бр.08-4305/2 од 13.4.2020, на предлог на ЦСОО донесен е Концепт за учење преку работа, во насока на зголемување на практичните вештини на учениците.<br><br>*Во насока на подобро запознавање на учениците кои завршуваат основно образование со видовите струки и образовни профили кои им се на располагање при изборот на средното училиште каде ќе го продолжат воспитно – образовниот процес, Центарот за стручно образование и обука со поддршка на проектот Е4Е - Образование за вработување во Северна Македонија, изготви „Водич низ квалификациите во стручното образование“. Истиот е објавен на интернет страниците на МОН, ЦСОО и БРО. | **Проблеми**:<br><br>Слаба заинтересираност за упис на ученици во средно стручно образование, со исклучок здравствена струка, економско-правна и трговска струка како електротехничка струка, како и неусогласеност помеѓу уписната политика и потребите на пазарот на труд.<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Континуирано промовирање и подобрување на стручните училишта, организирање на советодавни средби со локалната заедница и бизнис секторот, во насока на усогласување на уписната политика во средните стручни училишта согласно потребите на пазарот на трудот. | 2.341.710€ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| г/ Воведување и имплементација на ефикасни механизми за валидација на неформалното и информалното учење (ГМ - рана интервенција) | **МОН**<br><br>МТСП, БРО, ЦССОО, ЦОВ, ДПИ | 2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во текот на 2020 г. продолжија активностите за пилотирање на механизмите за валидација на неформалното образование и информалното учење за неколку избрани квалификации.<br><br>Врз основа на постигнатите резултати од пилотирањето подготвен и усвоен од страна на Владата е нов Закон за образование на возрасни (кој е во собраниска процедура за донесување) со кој се уредува целосно постапката/механизмите за валидација на неформалното и информалното учење**.** | **Проблеми**:<br><br>Во моментот нема системски (законски уреден) систем за валидација, имајќи предвид дека Законот е во собраниска процедура на донесување.<br><br>**Идни чекори**:<br><br>По донесување на Законот за образование на возрасни, ќе бидат донесени сите подзаконски акти со кои се уредуваат механизмите за валидација на неформалното образование и информалното учење, со што истото ќе биде имплементирано системски (акредитација на понудувачи на услуги за валидација, креирање на регистар). | Нема фискални импликации |
| д/ Надградување и унапредување на постојните модели и информациски системи во функција на креирање порелевантни политики за образование и вработување на младите лица (ГМ - рана интервенција) | **МОН**<br><br>МТСП | 2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Со Законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование (Службен весник бр.229/20) воведен е законски основ со кој се воспоставува Информационен систем „Опсерваторија на вештини“.<br><br>Законски основ за размена на податоци за потребите на Опсерваторијата за вештини е даден и во Законот за основно образование (донесен во август 2019)<br><br>Информациониот систем „Опсерваторија на вештини“ е изграден, но со цел истиот да може да започне со употреба, потребни се измени на Законот за високо образование. | **Проблеми**:<br><br>Не се донесени измени на Законот за високо образование со цел воведување на законски основ за размена на податоци за потребите на Опсерваторијата на вештини, поради што не е отпочната со работа Опсерваторијата на вештини.<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Измени на Законот за високо образование, со што непречно би можела да започне употребата на Информациониот систем „Опсерваторија на вештини”. | Нема фискални импликации |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ѓ/ Идентификување, информирање и мобилизирање на младите за учество во програмите за вклучување на пазарот на труд и зголемување на вработливоста (ГМ – теренски активности) | **АВРСМ**<br><br>МТСП, Агенција за млади и спорт, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, младински, граѓански организацииdав атели на услуги | 2022 | **Статус**: Не е имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*****Со оглед на состојбата со ковид-19, не се спроведоа теренски активности како во изминатите години. Сепак, мора да се спомене дека бројот на невработени лица кои се евидентираат во Агенцијата за вработување, во текот на 2020 година бележи зголемување, а особено во периодот на кризата предизвикана од ковид -19 вирусот.<br><br>Имено, беше донесена Уредбата со законска сила која овозможи остварување на паричен надоместок во случај на невработеност за време на вонредна состојба од невработените лица на кои работниот однос им престанал во периодот 11.3 – 30.4.2020 година, независно од времето поминато во работен однос и Уредбата која се однесува на издавање платежни картички за купување македонски производи. Еден од критериумите за остварување на правото, согласно наведените Уредби е лицето да биде евидентирано во Агенцијата за вработување како невработено лице-активен барател на работа.<br><br>Понатаму носителите на Гарантирана минимална помош и сите работноспособни членови на домаќинството, кои се невработени, потребно е редовно месечно да се пријавуваат во Агенцијата за вработување како невработени лица – активни баратели на работа.<br><br>Сите погоре наведени законски решенија, насоки, препораки и мерки донесени од Владата на РСМ, со кои се уредуваат начинот и условите на евидентирање како невработено лице, доведоа до зголемување на бројот на лица евидентирани во АВРСМ. | **Проблеми**:<br><br>Со оглед на состојбата со ковид 19, не се спроведоа теренски активности како во изминатите години.<br><br>**Идни чекори**<br><br>*Зајакнување на теренските активности во насока на активирање на неактивните млади лица (спроведувањето ќе зависи од условите и мерките за спречување на ширење на пандемијата заради потребата од директни контакти на младинските работници со младите лица). | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Во функција на кариерното советување на младите, како битен елемент на Гаранцијата за млади, се продолжи со активностите поврзани со одржувањето и надополнувањето на Моделот за преглед на занимања (Occupational Outlook) достапен на web-страната www.zanimanja.mk. Согласно усвоената Методологија и Работен план за изработка и ажурирање на Прегледот на занимања за периодот од 2018 до 2021 година, во 2020 година изработени се 15 нови описи/прегледи на занимања. Извршено е и ажурирање на постојните описи со најнови статистички податоци. Со тоа, вкупниот број на занимања во рамките на Прегледот изнесува 60. | | |
| е/ Јакнење на локалниот пристап за подобрување на вработеноста на младите лица | **МТСП**<br><br>АВРСМ, локални институции, ЛЕСС, социјални партнери, МОТ | 2021 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>Целосно се имплементирани активностите предвидени за 2020; Активноста продолжува и во 2021 година.<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*Вкупно 12 ЛЕСС-ви изразија интерес за концептот на локално партнерство за вработување (ЛПВ), но беа избрани 4 ЛЕСС-ви од вкупно 6 прелиминарно определени за развој на ЛПВ (Битола, Куманово, Скопје и Велес). Локалното партнерство за вработување во Битола е избрано како најрелевантно и изводливо за спроведување. Овој локален пакт за вработување се имплементира преку ЛЕСС во Битола со директна поддршка од ЕУ проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог“, спроведуван од МОТ со што во јуни 2020 е започната имплементацијата и воспоставен е Стартап центарот во Битола. Во извештајниот период преку Стартап центарот се организирани програми за обуки и менторство и избрани се 4 стартап идеи за нивно финансирање и поддршка.<br><br>*Беа подготвени и дијагностики на пазарот на труд во пет општини Битола, Кичево, Куманово, Струмица и Тетово.<br><br>*Со поддршка на Швајцарската развојна агенција и УНДП, беше отворен Младинскиот ресурсен центар “I can” во Гостивар, наменет за младите од Полошкиот регион. Мисијата на Центарот е подготовка на младите за активно учество на пазарот на трудот, поттикнување на претприемачкиот дух и иновативни бизнис решенија, поддршка на дигитализацијата и зелени идеи, како воспоставување поблиска соработка со приватниот сектор од регионот. | **Проблеми**: /<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Во 2021 продолжува имплементацијата на локалното партнерство за вработување во Битола што треба да резултира со креирање нови бизниси и нови работни места.<br><br>*Ќе се подготват и дијагностики на пазарот на труд со препораки за општините Ресен, Струга, Штип и Свети Николе.<br><br>* Младинскиот ресурсен центар “I can” ќе продолжи со креирање и спроведување курсеви за младите и компаниите во Полошкиот регион, обезбедување консултации, менторство и совети на сите засегнатите страни, поттикнување на соработката меѓу сите чинители, поддршка за дигитализација на бизнисите во овој регион, итн. | Средствата за ЛЕСС-те се прикажани под 3.1.11. г/<br><br>**144 480€**<br><br>Швајцарската развојна агенција и УНДП |

| 3.1.1.2. Цел: Намалување на невработеноста на долгорочно невработените и лицата од останатите ранливи групи | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Подготовка и имплементација на годишните Оперативни планови за услуги на пазарот на труд и активни програми и мерки за вработување, со фокус на дизајнирање на сет од разновидни услуги и мерки прилагодени на потребите на различните специфични ранливи групи на невработени лица | **АВРСМ**<br><br>МТСП социјални партнери, провајдери на услуги | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>Целосно се имплементирани активностите предвидени за 2020 во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот; Активноста продолжува да се спроведува и во 2021 година.<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Се имплементираше Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд за 2020 година (со вклучена Гаранција за млади). Реализацијата на сите активни програми и мерки за вработување за 2020 година изнесува повеќе од 94,5% (планирани 11.596, реализирани 10.953).<br><br>Постигнати се следните резултати:<br><br>- 1.468 лица беа вработени во програмите за поддршка на самовработување;<br>- 2.428 лица се вработени во програмите за субвенционирано вработување, вработување и раст на правни субјекти; | **Проблеми**:<br><br>Поради настанатата ситуација со ковид-19 одредени видови услуги на пазарот на трудот се реализираа со намален обем поради тоа што не можеа да се спроведуваат на начин како што е предвидено (на пример групни активности во рамките на повеќе видови услуги и др). Активностите на центрите за вработување беа насочени кон оние услуги кои се спроведуваа со индивидуален приод во работењето со невработените лица преку информирање, советување, мотивирање и други активности за зајакнување нивните капацитети. Исто така, редовно се реализираа услугите и соработката со работодавачите преку посредувањето при вработување, советување и давање информации и др., преку посети на работодавачите и индивидуални контакти во центрите за вработување. | **20.479.900€** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | - 189 лица се вработени со програмите за поддршка за вработување на лица со попреченост;<br>- 787 невработени лица се вклучени во различните програми и мерки за обука;<br>- 1.544 невработени се вклучени во програмата за практикантство;<br>- 613 невработени лица се вклучени во програмата за работи во заедницата (Општинско корисна работа);<br>- 450 невработени лица беа ангажирани во програмата за јавни работи;<br>- 3.474 подржани млади лица преку програмата за младински додаток.<br>Имајќи ја предвид состојбата ковид-19 и намалувањето на работните места предизвикани од пандемијата, вработувањата поддржани од Оперативниот план се од голема важност во реалниот сектор, со оглед на тоа што овозможуваат и отворање на нови работни места и плаќање придонеси. Во текот на годината, се направија адаптации и дел од средствата се пренасочија кон мерки што водат кон креирање работни места, пред се преку зголемување на опфатот на корисници во програмите за субвенционирано вработување.<br>Во однос на услугите за вработување, во 2020 година (состојба 31.12.2020) беа реализирани следните услуги: | **Идни чекори**:<br>Со новиот Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, планираниот опфат на лица во програми за вработување и услуги на пазарот на труд за 2021 година изнесува 11.889 невработени лица, за што е алоциран буџет на АВРСМ и МТСП во износ од 1.360.000.000 денари (околу 21,9 милиони евра), додека вкупниот буџет од сите извори е 1.531.023.886 денари (околу 24,7 милиони евра). | |
| | | | - на 39.479 невработени лица им била обезбедена помош при барање на работа,<br>- 380 невработени лица биле вклучени во мотивациски обуки,<br>- 16 невработени лица биле вклучени во обуки „Подготовка за вработување и за работа“,<br>- 532 невработени лица биле вклучени во професионална ориентација и кариерно советување. | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Во делот кој се однесува на активација на невработени Роми, бројот на информирани невработени лица е 2014 при што беа пополнети „Прашалници за профилирање и вреднување на професионалните капацитети на невработено лице за вклучување во активни мерки“ за 298 лица.<br><br>Во текот на 2020 година во посредувањето при вработување беа вклучени вкупно 14.646 лица и беа вработени 2.767 лица. 3.818 работодавачи беа опфатени со услугите за работодавачите преку посети и средби во центрите за вработување (за информирање за можностите за користење на активни мерки и услуги, поволности при вработување на невработени лица и др). | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| б/ Развивање и спроведување специфични мерки за активација и поддршка на вработувањето на социјално загрозените лица (корисници на Гарантирана минимална помош, Роми и др.), за поттикнување на нивното активно учество на пазарот на труд, барањето работа и вработување | **АВРСМ**<br><br>МТСП; Центри за социјална работа; социјални партнери; провајдери на услуги; | 2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*Започнаа активностите за активација и вклучување на ранливите групи, особено корисниците на гарантиран минимален приход, на пазарот на трудот, преку нивно вклучување во програми за развој на вештини. Процесот на активација во прво време се спроведува со финансиска поддршка од Инструмент за претпристапна помош (ИПА II), преку проектот „Активација на ранливи групи на пазарот на трудот". Во 2020 година во активните програми и мерки за вработување беа вклучени вкупно 154 корисници на гарантиран минимален приход, а беа изработени планови за активација (вклучување во активни мерки и услуги за вработување) за 981 лица. Овие планови се подготвуваат заеднички од центарот за социјална работа  и центарот за вработување на селектираните ГМП корисници, како најлесно вработливи лица во домаќинството, и како такви потенцијални кандидати за вклучување во пазарот на трудот.<br><br>*Активација на невработени Роми и други лица во ризик од социјално исклучување согласно моделот Acceder и менторска програма за Роми - Невработените Роми и други лица под ризик од социјално исклучување  се поддржани и во рамките на проектот „Креирање можности за работа за сите". Во соработка со граѓански организации се обезбедува поддршка при вработување според шпанскиот Acceder модел. Дополнително , невработените лица имааа пристап до (15) ментори во 19 општини кои ги информираа и мотивираа за можностите за вработување или за подобрување на нивните професионални капацитети за вработување. Во рамките на овие услуги во 2020 година беа информирани вкупно 4.200 лица, а за 2.14 лица (1.778 со поддршка на ментори+226 преку Acceder програмата) беа пополнети прашалници за профилирање и вреднување на професионалните капацитети на невработеното лице за вклучување во активните мерки. 216 лица се вклучиле во некоја активна мерка за вработување и 107 лица (83 со поддршка на ментори+24 преку Acceder програмата) биле директно вработени во приватниот сектор. Услугата ја спроведува УНДП во соработка со АВРСМ. | **Проблеми**:<br><br>*Со цел да се олесни пристапот до ГМП за лицата што останаа без приходи по избувнување на пандемијата, беа донесени уредби со законска сила и законски измени, со кои корисниците на ГМП беа ослободени од обврската да се пријавуваат редовно во Агенцијата за вработување на РСМ како активни баратели на работа. Разлабувањето на обврските веројатно ќе се одрази на однесувањето на корисниците на ГМП и нивната спремност да бараат и прифатат учество во активна мерка за вработување или понуда за вработување.<br><br>*Приливот на клиенти од една страна и променетиот начин на работа на службите за социјална работа и вработување го помести фокусот на оние што останале без минимален приход и оние што останале без работа.<br><br>*  Економската криза и намалена економска активност на претпријатијата.<br><br>*Ангажирањето на давателите на услугата Советување и мотивација (психосоцијална поддршка и менторство) за корисниците на гарантирана минимална помош се одвива со заснување имајќи предвид дека се работи за нова услуга. Постапките на ангажирање на провајдери ќе се завршат во 2021.<br><br>* Непостоење електронска размена во реално време на податоци за корисниците на ГМП помеѓу центрите за социјална работа  и центрите за вработување. Воспоставувањето на веб сервиси е во тек.<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Воведување на услугата Советување и мотивација (менторство, психосоцијална поддршка);<br><br>* Воспоставување електронска размена во реално време на податоци за корисниците на ГМП помеѓу центрите за социјална работа  и центрите за вработување;<br><br>* Продолжува активацијата на невработени Роми и други лица во ризик од социјално исклучување согласно моделот Acceder и менторска програма за Роми;<br><br>*Анализа на влијанието на социјалните надоместоци на активацијата на Ромите и др. | **307.927€**<br><br>Од кои:<br><br>„Активација на ранливи групи на пазарот на трудот":<br><br>237.683€ (ИПА)<br><br>и<br><br>Acceder и менторска програма за Роми:<br><br>70.244€<br><br>Швајцарската развојна агенција и УНДП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| в/ Поддршка на вработувањето на лицата со попреченост | **АВРСМ,**<br><br>МТСП, УНДП | 2022 | **Статус**: : Целосно имплементирана<br>Имплементирани се активностите предвидени за 2020; Активноста продолжува и во 2021 година.<br>**Остварен напредок:**<br>* Преку мерката Самовработување на 20 лица со попречености, им се овозможи отворање бизнис со неповратен грант и им се додели менторска поддршка да ги води низ процесот.<br>Мерката Поддршка за вработување на лица со попреченост се реализира согласно Законот за вработување на инвалидни лица и доделени се средства за вработување на 189 лица со попреченост (90,9% од планираниот опфат од 208 лица) од кои 56 лица се жени и 14 лица се Роми.<br>* Во овој период склучени се договори за вработување на 189 лица (доделени се средства во износ од 90.305.140 денари), склучени се 35 договори за набавка на опрема (доделени се средства во износ од 52.886.811 денари) и склучени се два договори за адаптација (доделени се средства во износ од 200.000 денари)<br>(Мерката Поддршка за вработување на лица со попреченост се реализира согласно Законот за вработување на инвалидни лица. Финансиските средства се обезбедуваат од вкупно остварените средства од постојниот придонес за вработување од кој 10% се издвојуваат на потсметката во Агенцијата за вработување). | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**:<br>* Разработка на нов концепт за вработување на лицата со попреченост, со кој ќе се воспостави и нов систем на професионална рехабилитација скроена на реалните потреби на лицата со попречености. Подготовка на нов закон за вработување на инвалидни лица, кој ќе го уредува новиот концепт на вработување на инвалидни лица.<br>*Продолжува пилотирањето на работно-ориентираната рехабилитација, со постепен премин кон самоодржливост на услугите. Фокусот ќе биде на работно-ориентирани обуки за лицата со попреченост и поддршка при вработување. | **2.747.445€**<br><br>2.508.180€<br>Посебен фонд, АВРСМ (средствата се веќе одразени во 3.1.1.2.а/)<br><br>239.265€<br>Швајцарската развојна агенција и УНДП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | * Направена е анализата во рамки на проектот за администрирање на социјалното осигурување, која покажа дека е потребно е да се направат измени во начинот на доделување на средства од посебниот фонд за вработување на лица со попреченост, да се воведе основ за доделување средства за професионална рехабилитација и да се поттикнуваат работодавачите за вработување на отворен пазар на труд, а не само во заштитни трговски друштва.<br><br>* Започна пилотирање на работно – ориентираната рехабилитација, со која се нуди структуриран и индивидуален пристап кон лицата со попреченост, врз основа на функционална проценка и изготвување индивидуален план за работно ориентирана рехабилитација. Лицата со попреченост добиваат стручна поддршка која ги води кон вклучување на пазарот на трудот. Работно ориентирана рехабилитација и поддршка за вработување на лица со поречености се испорачуваат во рамки на Центарот за работно-ориентирана рехабилитација на здружението Избор во Струмица и во Јавната установа „Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје“ во Топанско поле во која се организираше и систематизираше Служба за професионална рехабилитација на лица со попречености. Пилотирањето е поддржано од Швајцарската развојна агенција и УНДП. | | |
| г/ Развој на социјалното претприемништво, во функција на отворање работни места и вклучување на најранливите категории на пазарот на труд | **МТСП,**<br><br>МЕ, АВРСМ, МФ, АППРМ, ФИТР, НВО, банки и финансиски институции, бизнис сектор | 2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>Имплементирани се активностите предвидени за 2020; Активноста продолжува и во 2021 година.<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во текот на годината се подготви нацрт предлог и се одржа јавна расправа по однос на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија, чија цел е развој на одржлив еко-систем кој ќе биде поттикнувачки и овозможувачки за социјалните претпријатија во земјата. Стратегијата предвидува мерки и активности групирани во четири стратешки приоритети: Креирање на култура на социјално претприемаштво; Развој на капацитетите на социјалните претпријатија и на актерите во еко-системот; Развој на пазари за социјалните претпријатија и Градење на финансиски еко-систем за социјалните претпријатија. | **Проблеми**: /<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Во 2021 ќе биде усвоена Националната Стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија 2021–2024 со Акциски план за нејзино спроведување. Ќе започне подготовката на законска рамка и ќе се воспостави национален центар за поддршка на социјалните претпријатија. Воедно ќе се обезбеди финансиска поддршка за раст и развој на социјалните претпријатија. | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| д/ Редовно и континуирано мониторирање и оценка на успешноста на активните мерки за вработување и услуги на пазарот на труд, поставување на таргети и следење на нивното исполнување | **АВРСМ,**<br><br>МТСП; социјални партнери; | 2022 | **Статус**: : Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во годишниот Оперативен план е наведено дека мониторингот се спроведува „како секојдневно мониторирање на локално ниво од страна на центрите за вработување и на национално ниво од Агенцијата за вработување “. На месечно, квартално и годишно ниво мониторингот се спроведува од МТСП, национален координатор, директор и Одборот за надзор. Оперативните насоки за спроведување на ОП, подготвени на годишно ниво, дополнително ги специфицираат постапките и документацијата потребна за секоја активна мерка на пазарот на трудот, вклучена во Оперативниот план. Агенцијата за вработување има добро разработен ИТ софтверски систем кој обезбедува солидна основа за собирање и обработка на податоци потребни за мониторинг. | **Проблеми**:/<br><br>**Идни чекори**<br><br>*Во 2021 година, планирано е Агенцијата за вработување со поддршка на Регионалниот совет за соработка да спроведе анализа и оценување на влијанието на активните програми и мерки на пазарот на трудот.<br><br>*Во функција на подобрување на информациите за идните движења на пазарот на трудот ќе се направи надградба на моделот ХЕРМАК на Министерството за труд и социјална политика за долготрајно предвидување на пазарот на трудот. | |

## 3.1.1.3. Цел: Поттикнување на интеграцијата на жените на пазарот на труд и ублажување на родовите јазови

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Поттикнување на учеството и вработеноста на жените и намалување на родовиот јаз на пазарот на труд | **МТСП,**<br><br>АВРМ, МЕ, МЗШВ, социјални партнери, ДИТ, релевантни невладини организации, бизнис сектор | 2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*При имплементацијата на програмите и мерките за вработување, како и услугите на пазарот на трудот, се почитува принципот на диверзитет и инклузивност за сите општествени категории во приватниот сектор согласно принципите на правична и адекватна застапеност на полова основа. Во 2020 44,7% од учесниците во активните мерки за вработување биле жени и 51% во услугите на пазарот на трудот.<br><br>*Во рамки на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година, област А – Поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство беа субвенционирани 66 бизниси, од кои 11 преку подмерката 1.4 Финансиска поддршка за женско претприемништво.<br><br>*Во Мерката 115 – Поддршка за активен женски член во | **Проблеми**:<br><br>Кризата имаше силно влијание на сигурноста, социо-економската и здравствената положба на жените, особено на најранливите. Со почетокот на ширењето на ковид-19, покрај здравствениот сектор неколку други дејности се издвоија како есенцијални за секојдневното функционирање - производство и продажба на прехрамбени продукти, работа во аптеки, продавници и супермаркети, финансиско-услужни дејности, одржување на хигиена, како и професиите од здравствена заштита. Овие дејности бараа физичко присуство на работното место за вработени, а со тоа се зголемија ризикот од изложеност на заразата и потешките услови за извршување на работните обврски. 30% од вработените жени наспроти 16% од вработените мажи се вработени во овие сектори. 74% од вкупно вработените во секторот здравствена | **243.000€**<br><br>Мерки за развој и поддршка на претприемниш твото<br><br>**650.000€**<br><br>Мерка 115<br><br>Средствата за активни мерки се претставени под 3.1.1.2. а/ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | земјоделското домаќинство околу 250 апликации успешно ја минале фазата на евалуација и се квалификувале за финансиски грант во висина од 180.000 денари за набавка на опрема. Тоа е проследено со пораст на бројот на регистрирани жени-носители на земјоделски – стопанства од 36.048 во 2019 на 38.241 жени, кои регистрирале земјоделско стопанство[vii].<br><br>* Во рамките на првите два пакета владини мерки донесени со почетокот на кризата за спречување на ширење на заразата две мерки имаа влијание на жените на пазарот на трудот: со затворањето на градинките и училиштата се воведе мерката за ослободување од работа на еден од родителите поради грижа за дете со навршена возраст до 10 години (или активно 4 одделение) се додека трае кризниот период. Во пракса оваа мерка е повеќе користена од вработените жени. Други мерки се и продолжувањето на платеното породилно отсуство кое завршува во кризните месеци со почетокот на кризата. Во третиот пакет мерки првпат се издвоија економски мерки со посебен фокус на жените и се однесуваат на бескаматни кредити и делумно неповратни средства (30 проценти грант) за микро и мали компании кои се водени или основани од жени (поддржани од ИПА)<br><br>*Донесен е Законот за спречување и заштита од дискриминација[viii] кој меѓу другото забранува дискриминација по род и пол во работата и работните односи. Заштита во случај на дискриминацијата во областа на вработувањето се остварува пред Комисијата за заштита од дискриминација.<br><br>*****Донесен е Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство[ix] чија цел е превенција и спречување на родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство, ефективна заштита на жртвите од каков било облик на родовобазирано насилство врз жени како и на жртвите на семејно насилство. Целта на законот се заснова на принципот на еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги. | заштита се жени[x].<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Усвојување на Стратегијата за родова еднаквост 2021-2026. Нацрт Стратегијата предвидува специфична цел „Зголемувањето на учеството на жените на пазарот на трудот за целокупната економија и намалување на родовиот јаз во економскиот живот“. Поважни исходи за остварување на оваа цел се: 1)Зголемена активација на жените и намалена родова нееднаквост на пазарот на труд, со посебен фокус на жените од маргинализираните заедници, 2) Намален родов јаз во платите преку соодветни мерки, 3) Намалена секторска и хиерархиска сегрегација на работните места, 4) Подобрен квалитет на работа на жените, 5) Воспоставени мерки за усогласување на професионалниот и приватниот живот, во согласност со Директивата на ЕУ за баланс на професионален и приватен живот[xi], 6) Родово сензитивни мерки за ублажување на последиците од кризни и вонредни состојби врз жените во економијата. Се подготвува со експертска поддршка од Мисијата на ОБСЕ<br><br>* Ратификација на Конвенцијата на МОТ број 190 за насилство и вознемирување (C190 - Violence and Harassment Convention, 2019) и измени на Законот за заштита од вознемирување на работно место заради унапредување на мерките за елиминирање на сексуалното вознемирување на работното место. | |
| б/ Усогласување на приватниот и професионалниот живот | **МТСП,**<br><br>ДИТ, ДЗС, УЈП, Државен пазарен | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>Имплементирани се активностите предвидени за 2020; Активноста продолжува и во 2021 година.<br><br>**Остварен напредок:** | **Проблеми:**<br><br>Затворањето на градинките и училиштата доведе до значаен пораст на времето поминато во грижа и домашни обврски од страна на жените. Сето тоа влијаеше на зголемување на обемот на неплатена работа која жените ја извршуваат во | **4.329.087€**<br><br>Буџет РСМ (Капитални инвестиции) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | инспекторат, Централен регистар | | *(Пред)училишните установи беа затворени шест месеци од прогласување на пандемијата, а Владата во март донесе препорака за ослободување од работа на еден од родителите поради грижа за дете со навршена возраст до 10 години (или активно 4 одделение), Во септември, градинките беа отворени за работа, но со редуциран капацитет. Приоритет за посетување на градинка имаат децата на самохраните родители и децата на двајца родители кои се вработени, а работните задачи не може да ги извршуваат од дома. Од работа беа и ослободени родителите на деца со попреченост, заради привремено затворање на дневните центри.<br><br>* Беа отворени 12 јавни градинки и 2 приватни градинки со што се креираше капацитет за најмалку 761 деца. Згрижувањето и воспитание на деца од раното детство се организира во 105 установи за деца- детски градинки од кои 76 јавни детски градинки со вкупно3 20 објекти и 29 приватни детски градинки со вкупно 30 објекти со капацитет за згрижување на 33.974 деца.<br><br>* Продолжија активностите за развој на сервиси за грижа на стари и изнемоштени лица и лица со попреченост, како што се услуги за нега и грижа во домот, персонална асистенција, отворање на резиденцијални установи за стари лица, итн. Министерството за труд и социјална политика склучи договори со 19 општини за доделување на грантови за воспоставување и развој на социјални услуги. | текот на пандемијата, додека истовремено се посветени на извршување на работните обврски и задачи.<br><br>**Идни чекори:**<br><br>* Донесување Закон за работните односи со нови решенија со кои ќе се воведе отсуство заради татковство, можност за користење на родителско отсуство и од татковците, платено отсуство од работа за давање нега и право на работа со флексибилна форма заради грижа и нега на дете, во согласност со Директивата за родителско отсуство на ЕУ и меѓународните трудови стандарди.<br><br>* Усвојување на Стратегијата за родова еднаквост 2021-2026 која предвидува и имплементација на минимум стандарди за еднаква распределба на одговорностите во домот од Директивата за рамнотежа помеѓу домот и работата.<br><br>*Донесување нов Закон за родова еднаквост со цел воспоставување на ефикасен систем на родова еднаквост.<br><br>*Изградба на нови објекти на установите за ран детски развој и создавање капацитети за опфат на поголем број на деца.<br><br>*Натамошен развој на сервиси за грижа на стари и изнемоштени лица. | 1.328.687 € (99,7%реализа ција)<br><br>Буџет на РСМ (Заем на Светска банка):<br><br>3.000.400€<br><br>Средствата за сервиси за стари лица се претставени под 3.3.2.1. б/ |

## 3.1.2. СПРАВУВАЊЕ СО НЕФОРМАЛНАТА ВРАБОТЕНОСТ

| 3.1.2.1. Цел: Намалување на неформалната вработеност | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Унапредување на процесите и механизмите на мерење, следење и детектирање на | **МТСП**<br><br>МЗШВ, МФ, УЈП, социјални | 2021 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во рамки на проектот „Подобрување на условите за работа", направена е длабинска анализа на достапноста и квалитетот | **Проблеми**:/<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Усвојување на моделот за размена на податоците и негова операционализација; | **66.000€**<br><br>(ЕУ,проект „Подобрување на условите за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| неформалната економија[xii] | партнери | | на податоците за неформалната работа во РСМ. Се разработуваат решенија за воспоставување на систем за прибирање и размена на податоци за неформалната работа во РСМ, за следење на неформалната економија и за насочување на напорите на инспекциските служби за справување со непријавената работа. | пресметка на индикаторите за следење на Стратегијата за неформална економија. | работа“) |
| б/ Мерки за стимулирање и поддршка на формализацијата на неформалните економски активности[xiii] | **МТСП**<br><br>МЗШВ, МФ, УЈП, социјални партнери | 2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во делот на подобрување на состојбите во однос на неформалната економија и неформалното вработување, се имплементираше проектот за „Зголемување на можностите за вработување за сезонски работници“, поддржан од ГИЗ во рамки на кој се направи детална анализа на сезонските вработувања во земјоделието и угостителските објекти, а се предложија три модели за регулирање на сезонското вработување, вклучително и препораки за законското дефинирање на сезонско/флексибилно вработување во земјоделието и угостителските објекти | **Проблеми**:/<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Развој на ваучерски модел во секторот на услуги, со фокус на личните услуги и услугите во домаќинството. Ќе се спроведе и истражување, што ќе биде основа за предложениот модел.<br><br>*Унапредување на законското решение за сезонските вработувања во новиот Закон за работните односи | |
| в/ Спроведување промотивни активности за информирање и подигнување на јавната свест за потребата и придобивките од формализацијата на неформалната економија, како и за ризиците и штетните ефекти од неформалната работа | **МТСП**<br><br>ДИТ, УЈП, инспекциски служби, социјални партнери | 2022 | **Статус**: Не е имплементирана<br><br>Активноста е планирано да започне во 2021.<br><br>**Остварен напредок:** | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Активноста ќе се спроведе во 2021 и 2022. | |
| г/ Зајакнување на капацитетите и на ефективноста на инспекциските служби во справувањето со непријавена работа, вклучително и подобрување на усогласеноста со стандардите на | **МТСП**<br><br>ДИТ, инспекциски служби, УЈП социјални партнери, МОТ | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>Имплементирани се активностите предвидени за 2020; Активноста продолжува и во 2021 година.<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*Во 2020 година беа извршени вкупно 32.116 надзори (19.057 од областа на работните односи и 13.110 од областа на<br><br>БЗР), при што беа утврдени недостатоци и неправилности за | **Проблеми**:/<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Во 2021 година планирано е вработување на 14 нови инспектори (7 од работни односи и 7 од БЗР) и унапредување на четири инспектори. Предвидено е зголемување на платите на инспекторите за 10% согласно Законот за инспекциски надзор како право на додаток на | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Европската унија и практичното спроведување на прописите во делот на работните односи и безбедноста и здравјето при работа | | | што се донесоа вкупно 2.968 решенија (1.968 од областа на работните односи и 1.000 од областа на БЗР).<br><br>Од вкупниот број на извршени надзори, 22.866 надзори се извршени од март до декември 2020 година како вонредни инспекциски надзори и истите беа надвор од Програмата за работа на Државниот инспекторат за труд за 2020 година заради појавата на пандемијата од ковид-19. Работата на државните инспектори за труд беше насочена на спроведување на мерките, уредбите, одлуките и препораките на Владата на Република Северна Македонија за справување со пандемијата од ковид-19 кои беа со законска сила во текот на вонредната состојба од март до јуни 2020 година. По престанокот на вонредната состојба се донесоа нови уредби, измени и дополнувања на Законот за заштита на населението од заразни болести со кои ингеренциите на инспекторите се зголемија, се донесоа многубројни протоколи за одредени дејности, па нивната работа беше насочена кон спроведување на новините во регулативата, се со цел справување со пандемијата во нашата земја. Врз основа на спроведените вонредни инспекциски надзори заради пандемијата од ковид-19, беа донесени 685 решенија за отстранување на утврдени недостатоци и неправилности и беа изречени 21 прекршочна пријава.<br><br>* Беа реализирани вкупно пет нови вработувања на инспектори (4 од областа на работни односи и еден од БЗР) со што бројот на инспектори се зголеми на 118 инспектори (80 од областа на работните односи и 38 од областа на БЗР), а реализирани се и четири унапредувања на инспектори.<br><br>* Во текот на 2020 година реализирани се вкупно седум online обуки (4 специјализирани и 3 генерички) на државните инспектори за труд.<br><br>* Продолжија активностите во рамки на процесот на унапредување на законската рамка за безбедност и здравје при работа (БЗР) и подготовка на нов закон, со кој ќе се подобри имплементацијата на политиките, стандардите и мерките во оваа област. Подготвен е нацрт-текст на Законот, кој во наредниот период ќе биде предмет на понатамошни консултации и доусогласувања, со цел да се добие една подобрена, современа и ефикасно применлива законска рамка во однос на здравјето и безбедноста на работниците. | плата заради постоење на висок ризик по живот и здравје на инспекторите.<br><br>*За 2021 година предвидени се две генерички и осум специјализирани обуки (4 за инспекторите од областа на работните односи и 4 за инспекторите од областа на БЗР) за надградување на основните компетенции и вештини на инспекторите.<br><br>*Во 2021 година буџетот на Државниот инспекторат за труд е 129,7 милиони денари. Истиот е зголемен за 5,65 милиони денари во споредба со буџетот за 2020 година.<br><br>*Продолжуваат активностите во рамки на процесот на унапредување на законската рамка за безбедност и здравје при работа. Новиот и усогласен текст на Законот за БЗР се очекува да се финализира и да се достави до Владата до крајот на 2021 година. | |

## 3.1.3. УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТАТА И УСЛУГИТЕ НА ЈАВНАТА СЛУЖБА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

### 3.1.3.1. Цел: Понатамошно подобрување на капацитетите на АВРСМ

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Подобрување на физичките капацитети и условите за работа во службата за вработување | **АВРСМ** | 2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>Активноста е започната и е во тек<br>**Остварен напредок:**<br>Реновирањето на Центарот за вработување Куманово е во завршна фаза. Во тек се градежните работи за реконструкција, санација и адаптација на зградата на Центарот. | **Проблеми**:<br>Поради буџетските ограничувања во 2020, Агенцијата не беше во можност да ги реализира планираните модернизации на центрите за вработување.<br>**Идни чекори**:<br>*Во 2021, согласно одобрениот Буџет на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и Планот за јавни набавки за 2021 година, предвиден е вкупен износ од 14.297.500 денари за реконсрткукција на деловни објекти. Согласно предвидените средства и можности, подготовките се во тек и се планира реконтрукција на еден поголем центар за вработување и тоа во Полошкиот регион.<br>* Дигитализација на услугите што ги нуди АВРСМ преку имплементација на јавен портал кој ќе ги прави достапни услугите на Агенцијата од каде било и во кое било време. Порталот ќе поддржи имплементација на е-услуги и ќе им овозможи на корисниците да го иницираат процесот за поднесување на барање/пријава за активна мерка додека за Агенцијата ќе овозможи нов канал за комуникација и соработка. | **235.352€** |
| в/ Унапредување на човечките ресурси во јавната служба за вработување преку зголемување на бројот на вработени и обезбедување на | **АВРСМ** | 2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>*Агенцијата за вработување се состои од една централна канцеларија, триесет центри за вработување и дваесет и пет диспензирани канцеларии. Во централната канцеларија се | **Проблеми**:<br>*Поради буџетските ограничувања во 2020 и други објективни причини (види 3.1.1.1.б/) не се спроведоа планираните вработувања на нови кадри. | **4.266.685€** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| нивен континуиран развој | | | вработени 72 вработени (вклучувајќи ги и извршниот директор и заменик директорот), додека 453 лица се вработени во локалните центри за вработување.<br><br>Вкупниот број на вработени во Агенцијата за вработување е 525. Од вкупниот број на вработени, околу 310 вработени извршуваат работни задачи во областа на обезбедување услуги на клиенти (баратели на работа и работодавци).<br><br>Секторот за активни политики и мерки на пазарот на трудот има вкупно 16 вработени.<br><br>Со оглед на фактот дека целото функционирање на АВРСМ се реализира преку електронски систем во секторот за ИТ вкупно вработени се седум лица.<br><br>Земајќи го предвид обемот на надлежностите на Агенцијата за вработување и услугите што ги обезбедуваат, секогаш се потенцира потребата од дополнителни човечки ресурси, но секое вработување е ограничено со законски прописи, односно со добивање финансиска согласност од Министерството за финансии.<br><br>*Во текот на 2020 година беа организирани три обуки на тема: ,Воедначено постапување и примена на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност и Законот за општа управна постапка во Скопје,Штип и Охрид на која учество имаа 48 вработени кои работат на предмети за остварување на право на паричен надоместок за време на невработеност, како и три обуки на тема: Надградба на капацитетите на вработените за професионални услуги за советување на работодавачи и посредување при вработување, во Охрид, Струмица и Скопје на која учествуваа вкупно 49 вработени кои работат на спроведувањето на активните мерки и услуги за вработување на пазарот на трудот и една обука на тема: Младинска гаранција на која учествуваа 32 советници од центрите за вработување на АВРСМ кои се одговорни за реализација на Гаранцијата за млади, или вкупно 7 обуки со 129 учесници. | *За време на кризата бројот на клиенти што активно бараат работа се зголеми за 1,5 пати, што создаде дополнителен притисок врз вработените во Агенцијата за вработување.<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Вкупниот број предвидени работни места со актот за систематизација е 645, од кои 551 се административен персонал, 49 помошници и 49 вработени во техничка поддршка. Во текот на 2021 година планирано е да се вработат 35 лица на неопределено време, од кои меѓу другото 22 нови вработувања во центрите за вработување, 6 во секторот за активни мерки и 3 нови вработувања во одделението за вработување на млади. | |

| 3.1.3.2. Цел: Понатамошно подобрување на услугите и работата на АВРСМ со клиентите (невработените лица и работодавачите) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Унапредување на процесот на профилирање и на изготвување и квалитетот на индивидуалните планови за вработување и нивно поврзување со активните програми и мерки за вработување | **АВРСМ** | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>Имплементирани се активностите предвидени за 2020; Активноста продолжува и во 2021 година.<br>**Остварен напредок:**<br>Помош при барање работа опфаќа профилирање и подготовка на индивидуални планови за вработување за невработените лица, советување за вработување, давање информации за потребите на пазарот на трудот, слободни работни места, и др. - со оваа услуга беа опфатени 39.479 лица од кои 20.138 жени и 14.296 млади лица до 29 години.<br>Во рамки на услугата направено е профилирање на вработливоста на 10.311 лица и изработени се индивидуални планови за вработување: 18.945 ИПВ-1 (за лица кои се директно вработливи или со умерени потешкотии при вработувањето) и 3.448 ИПВ-2 (индивидуални планови за вработување за тешко вработливи лица, односно за лица кои се соочуваат со значајни пречки за вклучување на пазарот на трудот). 115 од лицата со изработен ИПВ-2 биле вклучени во активна мерка за вработување. | **Проблеми**:<br>*Во однос на месец март 2020 година (почеток на ковид-19 кризата), бројот на невработени лица евидентирани во АВРСМ, бележи зголемување за 50.616 невработени лица, односно бројот на активни баратели на работа се зголеми за 1,5 пати.<br>*Следејќи ги насоките на Владата на РСМ за спречување на ширење на ковид-19, АВРСМ времено го запре редовното пријавување на невработените лица, вклучувајќи ги и корисниците на паричен надоместок и корисниците на гарантирана минимална помош.<br>*Поради настанатата ситуација со ковид-19 одредени видови услуги на пазарот на трудот се реализираа со намален обем. За изработка на ИПВ е потребно присуство на невработеното лице во центарот за вработување и подолго советување што беше отежнато во настаните услови. Дел од невработените лица на евиденција веќе претходно имале изработен ИПВ.<br>**Идни чекори**:<br>*Обезбедување на услугите согласно законските прописи | Види 3.1.3.1.в/ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| б/ Унапредување на соработката со работодавачите | **АВРСМ** | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>Имплементирани се активностите предвидени за 2020; Активноста продолжува и во 2021 година.<br>**Остварен напредок:**<br>*Во текот на 2020 година беа доставени вкупно 3.646 барања за посредување при вработување. Во посредувањето беа вклучени вкупно 14.646 лица и беа вработени 2.767 лица. Од вкупниот број на доставените барања, само од работодавачите од приватниот сектор (освен државни и јавни) беа доставени 742 барања за посредување. Во посредувањето беа вклучени вкупно 9.453 лица и беа вработени 386 лица.<br>*Во 2020 година, беа реализирани 3.600 средби со работодавачите. Од нив, 406 средби се остварени преку посети на работодавачите, а 3.194 средби со работодавачите се остварени во центрите за вработување. Исто така, реализирани се групни средби со работодавачи на кои учествуваа вкупно 218 работодавачи.<br>Со активностите во рамките на овие услуги за работодавачите беа опфатени 3.818 работодавачи.<br>Во центрите за вработување се определени лица кои работат на услугите за работодавачи и посредување при вработување. Овие лица беа вклучени во обуки за работа со работодавачите. | **Проблеми**:<br>Во 2020 беше намален бројот на доставените барања за посредување при вработување од работодавачите заради ситуацијата со ковид-19 бидејќи имаше помалку барања за вработување на нови работници, а врз бројот на доставените барања за посредување при вработување до АВРСМ влијае и тоа што дел од работодавачите обезбедувале соодветна работна сила заради вработување и преку користење на активните мерки за вработување (пр. мерката Субвенционирање на плати и др .)<br>**Идни чекори**:<br>*Обезбедување на услугите согласно законските прописи | |
| в/ Унапредување на соработката на Центрите за вработување со Центрите за социјална работа, особено кога станува збор за активација на лица корисници на гарантирана минимална помош и на други парични надоместоци и бенефиции, лица под ризик од социјална исклученост, меѓу кои | **АВРСМ,**<br>ЦСР, МТСП | 2020 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Воспоставена е соработка помеѓу сите ЦВ и ЦСР, со редовна комуникација и одржување на работни состаноци (воглавно онлајн), посебно за усогласување на процедурите за селекција на лица корисници на гарантирана минимална помош и изготвување на индивидуалните планови за активација, согласно Правилникот за соработка за вклучување на корисникот на ГМП во активните мерки за вработување од мај 2019 год. Заклучно со 31.12.2020 беа изготвени 981 индивидуални планови за вработување. | **Проблеми:**<br>Соработката на центрите за вработување и центрите за социјална работа е отежната заради се уште невоспоставената електронска размена на податоци. До воспоставување на електронска размена, Индивидуалните планови за активација се пополнуваат рачно од вработените во центрите за вработување и центрите за социјална работа.<br>**Идни чекори:**<br>Продолжување со воспоставената комуникација и унапредување на постоечките процедури на соработка помеѓу центрите. Воспоставување на функционална врска за електронска размена на податоци помеѓу центрите за вработување и | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Роми, лица со попреченост | | | | центрите за социјална работа, меѓу другото со поддршка од проектот “Подобрување на квалитетот на податоците и зајакнување на креирањето политики”. | |

### 3.1.4. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ ВО РСМ НА ТРИПАРТИТНО И БИПАРТИТНО НИВО, НА НАЦИОНАЛНО И НА ЛОКАЛНО НИВО, УНАПРЕДУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНОТО ДОГОВАРАЊЕ

#### 3.1.4.1. Цел: Јакнење на капацитетите на социјалните партнери и механизмите на социјалниот дијалог

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Спроведување стратешки и маркетинг планови на организации на работодавачи и синдикати | **Социјални партнери,** МОТ, МТСП | 2021 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>Имплементирани се активностите предвидени за 2020; Активноста продолжува и во 2021 година.<br>**Остварен напредок:**<br>Во рамки на Проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог“ се развиени комуникациски стратегии за Сојузот на синдикати на Македонија (ССМ), Конфедерацијата на слободни синдикати на Република Македонија (КСС), Унија на независни и автономни синдикати (УНАСМ) и Конфедерација на синдикални организации на Македонија (КСОМ). Со поддршка на Проектот, истите се имплементираат во изминатиот период (пр. активности и објави на социјалните медиуми, рекламирање на услугите, спроведување кампања за работничките права, организирање школа за претставниците на синдикатите, итн.). | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**:<br>Продолжува поддршката за имплементација на комуникациските стратегии на социјалните партнери. | **12.500€** |
| б/ Зајакнување на постојните и развивање модернизирани услуги кои ќе ги обезбедуваат социјалните партнери (организациите на работодавачи и синдикатите) | **МТСП,** Социјални партнери, МОТ | 2021 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>Имплементирани се активностите предвидени за 2020; Активноста продолжува и во 2021 година.<br>**Остварен напредок:**<br>Започната е имплементација на 10 проекти за воведување нови услуги на синдикатите и здруженијата на работодавачи. Проектите се финансирани во рамки на проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог“, каде се избрани од вкупно 18 апликации на синдикати и здруженија на работодавачи. Фокусот на проектите на синдикатите е | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**:<br>Натамошна поддршка на синдикатите и здруженијата на работодавачи, преку подобрување на видливоста, и преку прилагодување на новата реалност со воведување на нови услуги да ги задржат постојните и да привлечат нови членови. | **126.000€** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | насочен кон обезбедување правна помош на работници и обуки.<br><br>Здруженијата на работодавачи создадоа платформа за е-учење и во тек е и развој на модули за обука. Дизајнирана е алатка за анкета за плата и во тек е нејзина промоција.<br><br>Во тек е подготовка на материјалите за правното катче и платформата за ресурси, три програми за обука за управување со човечки ресурси и вештини за иднина на работа; дигитална деловна трансформација и пристап до финансии за развој на претпријатија. | | |
| в/ Зголемување на учеството на Економско-социјалниот совет во обликувањето на економоско-социјалните политики, преку зголемување на капацитетите на ЕСС да обезбедува квалитетни мислења до Владата и спроведување кампањи во координација со ЛЕСС-те | **Социјални партнери**<br><br>МТСП, МОТ | 2021 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>Имплементирани се активностите предвидени за 2020; Активноста продолжува и во 2021 година.<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*Во 2020 година, Економско-социјалниот совет (ЕСС) непречено функционираше одржувајќи вкупно 11 седници, при што се разгледуваа поголем број на прописи и документи од економско-социјалната сфера[xiv]. На повеќето седници во фокусот беа предложување и усвојување на политики за надминување на здравствено-економската криза предизвикана од пандемијата со ковид-19. Повеќето разгледувани прописи и документи беа усвоени со позитивно мислење и без забелешки од страна на Економско-социјалниот совет, а имаше и такви кои се усвоија со заклучоци со конкретни предлози кои беа усвоени во натамошната владина процедура. Во однос на креирањето на мерките за надминување на здравствено-економската криза како последица на пандемијата со ковид-19, земени се предвид изнесените предлози на седниците на ЕСС посветени на таа тема.[xv]<br><br>* Во однос на јакнење на капацитетите на ЕСС, реализирани се две обуки - работилници за членовите на постојаните комисии на ЕСС на теми: развој на цели и индикатори за пазар на труд и сиромаштија и за стапка на колективно договарање. Постојаната Комисија за вработување и политики за пазар на труд беше вклучена во собирањето на податоци за ковид-19 и Светот на работата: Брза проценка на влијанијата врз вработувањето и соодветни политики како одговор на тоа. Комисијата за вработување и политики за пазар на труд, Комисијата за работни односи и плати и | **Проблеми**:/<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Одржување на тематски седници фокусирани на состојбата на колективното договарање во земјата.<br><br>*Реализација на тематска обука за членовите на постојаните комисии на ЕСС до крајот на 2021 година. | **65.000€** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Комисијата за социјална сигурност беа вклучени во развојот на цели и индикатори за пазар на труд и сиромаштија. Во координација со ЛЕСС-те, под покровителство на ЕСС е спроведена кампања на тема „Мој труд, мои права“, со цел на кревање на свеста на граѓаните, пред се на работниците за нивните права од работен однос и воедно промоција на ЕСС и ЛЕСС-те во пошироката јавност. | | |
| г/ Зајакнување на социјалниот дијалог на локално ниво, преку иницирање на спроведување локални партнерства за вработување во процес овозможен од Локалните економско-социјални совети | **Социјални партнери,**<br><br>Општини, МОТ, МТСП | 2021 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>Имплементирани се активностите предвидени за 2020; Активноста продолжува и во 2021 година.<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Вкупно 12 ЛЕСС-ви изразија интерес за концептот на локално партнерство за вработување (ЛПВ), но само ЛЕСС во Битола, Куманово, Скопје и Велес се квалификуваа за поддршка во рамки на проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог“ за развој на Локални пактови за вработување (ЛПВ). Локалниот пакт за вработување на ЛЕСС во Битола се спроведува и во јуни 2020 се воспостави Стартап центарот во Битола. Преку Стартап центарот беа организирани програми за обуки и менторство и беа избрани четири стартап идеи за финансирање и поддршка.<br><br>Имајќи ја предвид прогнозата за значителни загуби на работни места, ЛПВ се покажаа како важна алатка за размрдување на пазарот на трудот на локално ниво, со понуда на локални решенија за предизвиците со кои се соочуваат локалните заедници | **Проблеми**:/<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Спроведување на локалниот пакт за вработување во Битола и споделување на искуството на ЛЕСС во Битола со останатите ЛЕСС-ви. | **50.000€** |
| д/ Поддршка, ефикасно функционирање и натамошно подобрување на воспоставениот механизам за мирно решавање на работни спорови | **МТСП,**<br><br>социјални партнери, МОТ | 2022 | **Статус**: Не е имплементирана<br><br>**Остварен напредок:/** | **Проблеми**:<br><br>Како точка во Годишната програма за работа на ЕСС во 2020 година беше предвидена активност за проценка и ревизија на правната рамка за функционирање на механизмот за мирно решавање на работни спорови. Поради непредвиденото настанување на пандемијата со ковид-19 истата активност е одложена за 2021 година.<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Разгледување од страна на ЕСС на потребата од ревидирање на постојната правна рамка за мирно решавање на работни спорови. | |

# ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ И ВЕШТИНИ

## 3.2.1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТНО ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ И ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ

### 3.2.1.1. Цел: Намалување на осипувањето кај учениците и бројот на лица кои рано го напуштаат образованието

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Поттикнување на инклузијата на децата од маргинализираните групи, пред сѐ во основното и средното образование | **МОН** | 2019-2020 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>Имплементацијата е во тек<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>***** Законот за основно образование (од август 2019) предвидува ангажирање на образовни медијатори за ученици Роми и ослободување од трошоци за еквиваленција на свидетелства на ранливите групи на граѓани. Запишувањето на децата кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасната граница, го врши комисија која ја формира директорот на училиштето. За незапишани и неоправдано отсутни ученици се известува  Државниот просветен инспекторат.<br><br>**Во насока на подобрување на пристапот до образование на децата кои не биле вклучени во настава, во текот на 2020 година донесени се следниве акти:**<br><br>- Концепција за инклузивно образование (која се однесува и на ученици со надмината возраст кои се надвор од образовниот систем)<br><br>-Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за признавање на свидетелство – за ослободување на трошоци за корисници на гарантирана минимална помош<br><br>- Програма за обезбедување туторство на ученици од основното образование<br><br>- Правилник за формата и содржината на потврдата со која | **Проблеми**:<br><br>Во 2020 година предизвик претставуваше наставата на далечина, заради немањето соодветни услови за реализација на истата (ИКТ, интернет итн), кај одреден дел на ранливите категории на семејства. Во планот за реализација на наставата во основните и средните училишта е наведено дека за овие деца училиштето обезбедува печатени материјали кои ги преземаат родителите или со одобрение од Влада реализираа настава за овие деца.<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*****Континуирана работа и зголемување на бројот на ромски образовани медијатори во основно образование, се со цел зголемување на опфатот на децата Роми во основното образование, намалување на бројот на ученици кои го напуштаат училиштето, намалување на бројот на ученици Роми запишани во училишта за деца со посебни потреби, зајакнување на врските на ромската заедница и родителите со училиштето, преку борба против социјалната исклученост (десегрегација и дискриминација) и почитување на разликите и преку промовирање на интеркултурното образование.<br><br>*****Во средно образование се враќа | **649.887€** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | детето по извршена проверка, се запишува во соодветното одделение на основно образование, за деца кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница<br><br>- Инструменти за проверка на знаењата на децата кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница<br><br>- Правилник за начинот на запишување на децата кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасната граница<br><br>- Прилагодени наставни програми со кои ќе се овозможи вклучување во соодветно одделение на основно образование, за деца кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница<br><br>*****Во јули 2020 потпишан е Меморандумот за размена на податоци на национално и локално ниво за идентификација на децата на училишна возраст, од страна на МОН, МТСП, МВР, МЛС, ДПИ и Управата за водење на матични книги, кој ќе се применува од учебната 2021/2022 година.<br><br>*****Секоја година, МОН распишува конкурс за доделување на стипендии за ученици во средно образование, меѓу кои најмалку 400 стипендии за социјална поддршка на ученици (во 2020 година беа доделени 544 стипендии), 100 стипендии за деца со посебни потреби и 50 стипендии за ученици – деца без родители.<br><br>***Зголемен е и бројот на доделени стипендии во средно образование на средношколци Роми во пет категории од 800 на 900. Воедно намален е бројот на ученици Роми во специјалните средни училишта**, чиј показател е и четвртата категорија на стипендии наменета за истите. Во рамки на учебната 2019/20 година бројот на доделени стипендии беше 7, а во рамки на учебната 2020/21 година тој број изнесува само 1.<br><br>Во основно образование е зголемен бројот на медијатори за ученици Роми и општините на дејствување во рамките на периодот од 2019 до 2020 година, од 30 на 35 медијатори и од 23 на 26 општини.<br><br>*****Продолжија со имплементација два проекта за инклузија на ученици од маргинализираните групи, пред сè ученици Роми: Проектот ,,Инклузија на деца кои се надвор од училиштата во образовниот систем“, кој го спроведува Македонски центар за граѓанско образование со поддршка | менторската/туторската поддршка на средношколците Роми добитници на стипендии и од година во година ќе се зголемува бројот на стипендии на средношколци Роми. | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | од МОН, Бирото за развој на образованието, Управата за развој и унапредување на образованиоето на јазиците на припадниците на заедниците и Државен Просветен инспекторат а е поддржан од Фондација ,,Песталоци", со кој се опфатени 12 општини и 18 училишта и Проектот ,,Редовно на часови: акција за вклучување на Ромите во основното образование", кој го спроведува Фондација Отворено општество – Македонија, заедно со своите партнери, а е финансиран од Европската Унија. | | |
| б/ Континуирано обезбедување на бесплатни учебници за учениците од основните и средните училишта | **МОН** | 2019-2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>Континуирано се имплементира<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во учебната 2019/2020 и учебната 2020/2021 обезбедени се бесплатни учебници за сите ученици во основните и средните училишта.<br><br>Бидејќи поголемиот број на ученици наставата во учебната 2020/2021 година ја следат од далечина се наметна потребата од објавување на електронски содржини на учебници на порталот е-учебници како алатка за олеснување на процесот на учење;<br><br>-ажуриран е веб сајт е-учебници и на истиот се објавени 400 учебници за средно образование кои се во сопственост на МОН на сите наставни јазици;<br><br>- одржан е состанок со претставниците на издавачките куќи и на истиот е побарано да се дозволи користење на учебниците кои се во нивна сопственост во електронски верзии;<br><br>- изработени се и склучени 8 договори за отстапување на учебници за основно и средно образование за учење од далечина;<br><br>- добиена е согласност од 4 издавачки куќи за користење електронски учебници за основно и средно образование кои се објавени на веб страните на издавачките куќи преку пристапни линкови;<br><br>- објавени се електронски верзии на 31 учебник за средно образование кои беа по електронски пат доставени од страна на іздавачките куќи;<br><br>- дел од учебниците кои се во сопственост на издавачките | **Проблеми**:/<br><br>**Идни чекори:**<br><br>Заради осовременување на наставата и следење на светските трендови се пристапи кон изработка на нов концепт за основно образование, што резултира и со донесување на нов Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали. Сето тоа води кон целосната дигитализација на учебниците наменети за погорните одделенија. За учениците од 1-во до 3-то одделение, училиштата сами ќе обезбедуваат учебници со претходно обезбедени блок дотации од страна на МОН. | **6,791,354 €**<br><br>100% реализиран Буџет (342.445.992 денари за основно образование) и (78.618.010 денари за средно образование |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | куќи немаа можност за електронско објавување поради што се доставени хартиени верзии од учебниците до Финки за изработка на електронска верзија на истите. | | |
| в/ Обезбедување на бесплатно сместување на учениците во ученичките домови од градовите каде нема средни училишта (гимназиски и стручни училишта) | **МОН** | 2019-2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>Континуирано се имплементира<br>**Остварен напредок:**<br>Во учебната 2019/2020 и учебната 2020/2021 година, обезбедено е сместување на учениците во ученичките домови. Имајќи ја предвид состојбата со пандемијата ковид-19, се воведоа посебни протоколи за сместување во ученичките домови, со што се ограничи бројот на ученици кои може да се сместат во домовите. Дополнително, беа донесени измени на Законот за ученички стандард со кој се уредува дека во услови на вонредни околности на учениците кои конкурирале на конкурсите за сместување во општински односно државни домови и следат настава со физичко или комбинирано присуство, и им се одобрени барањата за сместување во ученички дом, но заради намалениот број на сместувачки легла не може да се сместат во ученички дом, им се исплаќа месечна сума на средства за покривање на трошоците за приватно сместување, или месечна сума на средства за покривање на трошоците за превоз од местото на живеење до местото во кое е средното училиште во кое е запишан ученикот.<br>Учениците за оваа цел се пријавуваа на посебна интернет платформата www.digitalizirajse.mon.gov.mk | **Проблеми: /**<br>**Идни чекори:**<br>За учениците кои нема да можат да се сместат во ученички дом во 2021/22 година, доколку останат на сила протоколите за ковид-19, направено е законско решение да им се исплаќа месечна сума на средства за покривање на трошоците за приватно сместување или месечна сума на средства за покривање на трошоците за превоз од местото на живеење до местото во кое е средното училиште во кое е запишан ученикот. | **1.397.903€** |
| г/ Засилено следење и евидентирање на учениците кои нередовно ја посетуваат наставата во училиштето и навремено преемање на соодветни (превентивни) мерки | **МОН** | 2019-2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>Континуирано се имплементира<br>**Остварен напредок:**<br>Следењето е регулирано со Законите за основното и средно образование и тековно се реализира во училиштата во учебната 2019/2020 и во 2020/2021 година, за непосетување на настава се посетува семејството и доколку нема успех се известува Државниот просветен инспекторат.<br>Дополнително, со Законот за основно образование е уредено дека во случај на утврдена причина за напуштање на воспитно образовниот процес кај ученикот, посебно во случај кога ученикот стапил во вонбрачна заедница, | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**:<br>Системско прибирање на податоци за извршени посети и исход од посетите | Нема фискални импликации |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | училиштето е должно да го извести надлежниот центар за социјални работи, Државниот просветен инспекторат и лицето одговорно за образование во општината во рок од три дена од денот на пријавувањето на промената од страна на родителот односно старателот за негово постапување согласно со закон.<br><br>Со законите е уреден и систем на советување на ученици и родители/старатели во случаи на нередовно следење на наставата (кога ученикот има направено повеќе од десет неоправдани изостаноци), за што се донесени и Програми за советување на ученици и Програми за советување на родители/старатели. | | |
| д/ Зајакната работа со родителите на учениците | **МОН** | 2019-2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>Континуирано се имплементира<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*Програмите за советување на родители/старатели на ученици од основното и средното образование кои на предлог на Педагошката служба, ги утврдува министерот овозможува да се постигнат целите на советувањето на родителите/старателите: (1) запознавање на родителите/старателите на учениците кои нередовно ја посетуваат наставата, го намалуваат успехот во учењето и/или манифестираат одредена форма на несоодветно однесување со природата и значењето на проблемот што се јавил кај нивните деца; и (2) едуцирање на родителите/старателите за начините на кои може да се подобрат вештините на воспитување на децата и да се унапредат односите во семејството за да можат нивните деца поуспешно да се справуваат со разни видови училишни тешкотии и животни предизвици. Согласно Законите за основно односно средното образование задолжен за спроведување на оваа програма е психологот односно педагогот во училиштето. | **Проблеми**:/<br><br>**Идни чекори:**<br><br>За задолжените за спроведување на оваа програма се изготви нов формулар кој содржи прашања со кои ќе се добијат информации што се релевантни за целите на советувањето. Исто така, се планира да се консултираат релевантни институции во насока на подобрување на постоечката програма за советување на ученици и родители/старатели во основните училишта. | Нема фискални импликации |
| ѓ/ Подобрување на интеграцијата и интеракцијата помеѓу ученици кои следат настава на различен јазик | **МОН** | 2019-2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>**К**онтинуирано се имплементира<br>**Остварен напредок:**<br><br>***Во рамки на секое училиште формиран е тим за училишна интеграција кој планира и организира активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот** | **Проблеми**:/<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Да се зголеми бројот на училишта за активности со меѓуетничка интергрgalaција и изготвување на Прирачник за одржување на заеднички наставни активности на ученици кои учат на различен наставен јазик | **44.354€** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **дијалог/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.**<br><br>**Доделени се грантови за реализација на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција и толеранција во основните и средните училишта, согласно Законите за основното односно средното образование и во 2019 и во 2020 година.**<br><br>*****Во 2020 година, заедно со јавниот повик објавена е листа на примери на вон-наставни активности кои може да се реализираат онлајн, имајќи ја предвид состојбата со ковид-19 пандемијата.<br><br>*****Во учебната 2019/2020 доделени се 65 грантови за основни училишта и 25 грантови за средни училишта.<br><br>Во учебната 2020/2021 доделени се 70 грантови за основни училишта и 24 грантови за средни училишта.<br><br>*****Во Законот за основното образование, е уредено дека во рамки на Годишната програма се планираат и активности за меѓуетничка интеграција и заеднички ученички иницијативи.  Дополнително, Државниот просветен инспекторат изврши промени во Прирачникот за интегрална евалуација и індикаторите за квалитет на работата на училиштата со надградени елементи од меѓуетничка интеграција. | | |
| е/ Поттикнување и поддршка на образованието на ученици - Роми | **МОН**<br><br>МТСП, НВО, РИЦ, | 2019-2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>**К**онтинуирано се имплементира<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*****Секоја година, МОН распишува конкурс за доделување на стипендии на ученици Роми, кои се поделени во пет категории: стипендија за ученици кои имаат среден успех од 4.50 до 5.00, стипендија за ученици кои имаат среден успех од 3.50 до 4.49, стипендија за ученици кои имаат среден успех од 3.00 до 4.49, стипендија за ученици Роми со посебни потреби кои имаат среден успех од 3.00 до 5.00, мотивирачка стипендија за ученици Роми кои имаат среден успех од 2.00 до 2.99.<br><br>Зголемен е бројот на стипендии за средношколци Роми од 800 во 2019 на 900  во 2020. | **Проблеми**: /<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*****Зголемување на бројот на образовни медијатори во основни училишта, како и зголемување на бројот на општини покриени со образовни ментори.<br><br>*****Повторно воведување на менторска и туторска поддршка на средношколци Роми и вообновување на соработката со Ромскиот Едукативен Фонд и зголемување на дејствувањето и опфатот на ромските образовни медијатори и во средно образование. | **354.870€** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Осипот на ученици корисници на стипендии е помал од 1%.<br><br>Зголемен е бројот на доделени стипендии во петте категории за Роми ученици во јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија и намален е бројот на средношколците Роми во специјалните училишта<br><br>*****Од буџетот на МОН ангажирани се 35 образовни медијатори во 26 општини.<br><br>*****Преку ИПА 2 обезбедени се 638 стипендии за деца Роми од прво и второ одделение. | | |
| **3.2.1.2. Цел: Унапредување на опфатот и условите за пристап до сите нивоа на образование на лицата (деца/ученици/студенти) со попреченост** | | | | | |
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Обезбедување услови за зголемена вклученост на децата со посебни потреби во предучилишното образование | МТСП, МОН, локална самоуправа, | 2019-2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>**К**онтинуирано се имплементира<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*****Со измените и дополнувањата на Законот за заштита на децата од 2019 тргнати се групите за деца со попреченост и децата се вклучуваат во редовните згрижувачко воспитни групи со што е дадена можност за нивна инклузија. Со измена на законот, органот за управување во детската градинка посветува внимание и ги следи состојбите во однос на прием на децата со попреченост и нивна инклузија во воспитните групи. Направена е измена во законот во делот на советувалиштата за деца и родители кои функционираат во рамките на детските градинки да може да се формираат мултидисциплинарни /инклузивни тимови кои ќе работат со децата и родителите за полесно вклучување и прилагодување на децата со попреченост во воспитните групи. На националниот портал ЕДУИНО во делот на предучилишното образование е достапен прирачникот за воспитувачи и стручни соработници на темата „Унапредување на инклузивните практики во раното детство". Прирачникот е наменет за унапредување на инклузивните практики во предучилишните установи со цел обезбедување услови во кои сите деца ќе имаат еднакви можности во процесот на раното учење. | **Проблеми**:<br><br>Поради пандемијата и Протоколите за постапување во градинките, намалени се воспитните групи на 15 деца во група (од 2-6 годишна возраст) и на 12 деца во група (0-2 годишна возраст) и се вклучени деца на самохрани родители и на двајца родители кои се на работа.<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Зајакнување на улогата на Комисијата за прием на деца во детските градинки и на Управните одбори, за давање приоритет при прием и инклузија на деца со попреченост во редовните воспитни групи. | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Направена е измена на стандардите и нормативите за вршење на дејноста во детските градинки во делот на стандардот за опрема и просторот со што се овозможи за децата со попреченост да има прилагоден простор. | | |
| б/ Унапредување на вклученоста на учениците со попреченост во редовното основно образование | **МОН,**<br><br>БРО, МТСП, МЗ | 2019-2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*Законот за основно образование (донесен август 2019), предвидува целосна инклузија на учениците со попреченост во редовните училишта.<br><br>**Согласно Законот за основно образование донесени се следниве подзаконски акти во текот на 2020 година:**<br><br>1. Концепција за инклузивно образование (дава објаснување на улогите на училишен инзклузивен тим, инклузивен тим за ученик, чинителите на инклузивното образование и нивната улога, видовите поддршка за учениците со попреченост, структурата на индивидуалниот образовен план и модифицирана програма, итн.)<br><br>2. Упатство за начинот на соработка помеѓу основните училишта со ресурсен центар, центрите за поддршка на учењето и другите основни училишта<br><br>3. Правилник за нормативот, описот на компетенциите и работните задачи за образовниот и личниот асистент<br><br>4. Правилник за начинот на побарување на образовен/личен асистент и начинот на селекција и избор на образовен/личен асистент<br><br>5. Правилник за начинот на оценување на учениците со попреченост<br><br>6. Решение за реонизација за соработка на општинските основни училишта со основните училишта со ресурсен центар и/или центрите за поддршка на учењето на учениците со попреченост.<br><br>Во контекст на инклузивното образование направена е ревидирана верзија на Водичот за работа на училишниот инклузивен тим согласно новите законски измени. Од страна на БРО и практичари, спроведени се обуки за инклузивно образование (тридневни) со кои се опфатени основните училишта во Скопје. Обуките се спроведуваат во рамки на | **Проблеми**:/<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Во иднина се планира спроведување обуки на наставниот кадар од основните училишта за инклузивното образование, но и специјализирани обуки за кадарот кој ќе работи во основните училишта со ресурсни центри.<br><br>*Подобрување на капацитетите (материјални и човечки) во основните училишта, основните училишта со ресурсни центри, центрите за поддршка на учењето во насока на подобрување на квалитетот на инклузивното образование. | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | секое училиште, се презентираат измените на Законот за основно образование, Водичот за работа на училишен инклузивен тим и најдобри инклузивни пракси.<br><br>**Од страна на училиштата формирани се инклузивни тимови и се изготвуваат индивидуални образовни планови за учениците за кои има потреба.**<br><br>***Во текот на 2019 и 2020 година интензивно работеше ноформираното Национално стручно тело, согласно новиот модел на проценка за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на дете или младинец, базиран на меѓународната класификација на функционирањето –МКФ.**<br><br>***Во учебната 2019/2020 и 2020/2021 ангажирани се образовни и лични асистенти за учениците со попреченост, вклучени во редовните училишта** во соработка со УНДП. Од учебната 2021/22 година во буџетот на Министерството за образование и наука се обезбедени средства за ангажирање лични и образовни асистенти за децата со попреченост согласно препорака дадена од Стручното тело за проценка според Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје.<br><br>*****Со новиот Закон за основно образование, предвидено е постојните државни основни училишта за ученици со посебни воспитно-образовни потреби да продолжат со работа како основни училишта со ресурсни центри, а постојните посебни паралелки при основните училишта, продолжуваат со работа како центри за поддршка на учењето на учениците со попреченост. Исто така е предвидено постојните државни основни училишта за ученици со посебни воспитно-образовни потреби да запишуваат ученици до учебната 2022/2023 година.<br><br>**Започна процесот на трансформација на посебните основни училишта во основни училишта со ресурсен центар**, односно се прават измени во статутите на училиштата и се прави функционална анализа за систематизацијата на работните места согласно новата организација на овие училишта. Исто така, се одвива и процесот на трансформација на посебните паралелки во центри за поддршка на учењето на децата со попреченост.<br><br>***За зголемување на инклузивноста во образованието, МОН работи на две програми со Делегацијата на ЕУ.** Со првата, | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 12 образовни објекти, по 4 од основно, средно и високо образование, ќе бидат реконструирани и ќе добијат пристапни рампи и пристапност до просториите. Исто така, во рамки на програмата „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“, доделени се и 287 стипендии за деца со попреченост коишто се вклучени во редовното образование, за прво и второ одделение, се со цел да се поддржат семејствата и учениците со основните материјали коишто им се потребни. | | |
| в/ Зголемување на опфатот и вклученоста на учениците со попреченост во средното образование | **МОН,**<br><br>МТСП, БРО, општини, средни училишта | 2020-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*Формирана е Работна група која работи на нов Закон за средно образование, кој меѓу другото ќе има и одредби за зголемување на опфатот и вклученоста на учениците со попреченост во средното образование (по примерот на Законот за основно образование).<br><br>*Во учебната 2020/2021 година, 297 ученици со попреченост се вклучени во т.н. редовни средни училишта, додека во посебните средни училишта за ученици со попреченост вклучени се вкупно 234 ученици. За учениците вклучени во т.н редовни средни училишта, формирани се инклузивни тимови кои изготвуваат индивидуални наставни планови.<br><br>*Министерството за образование и наука, секоја година распишува конкурс за стипендии за ученици, со кој се доделуваат 100 стипендии за ученици со попреченост, кои учат во средно образование. | **Проблеми**: Постои потреба од системско/законско уредување на инклузијата на учениците со попреченост во редовното средно образование, како и спроведување на обуки за наставниот кадар<br><br>**Идни чекори:**<br><br>*Донесување нов Закон за средно образование<br>*Отворање ресурсни центри | |
| г/ Подобрување на пристапноста и достапноста во високото образование за студентите со попреченост | **МОН,**<br><br>универзитети | 2020-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*Една од надлежностите на Националниот совет за високо образование, согласно Законот за високо образование е да предлага уредба со која се уредува правото на лицата со попреченост и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање, која ја донесува Владата.<br><br>*МОН со поддршка на ЕУ работи на проекти за 12 образовни објекти, по 4 од основно, средно и високо образование, кои ќе бидат реконструирани и ќе добијат пристапни рампи и пристапност до просториите. Активностите за проектот започнаа во 2020 година (изработен е основен проект). | **Проблеми**: Се уште не е основан Националниот совет за високо образование<br><br>**Идни чекори:**<br><br>*Донесување на уредбата согласно Законот за високо образование<br><br>*Основање на Националниот совет (заб. во март 2021 номинирани се членови на предлог на Владата и истите се доставени до Собранието кое согласно Законот треба да го основа Националниот совет)<br><br>*Распишување на тендер за избор на градежни фирми и ревизија на градба за имплементација на Проектот за пристапност на четири високо- | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | образовни установи. | |
| д/ Подобрување на можностите и проширување на опсегот на програмите за учење на возрасните лица со попреченост | **ЦОВ,**<br><br>даватели на неформално образование | 2020-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*Во текот на 2020 г. имајќи ја предвид состојбата со ковид-19 панедмијата, намален е бројот на поднесени барања до Центарот за образование на возрасни од страна на даватели на неформалното образование, а не е поднесено ново барање за верификација на програма за учење на возрасни лица со попреченост. На почетокот на 2021 одржан е консултативен состанок со давател на неформално образование заинтересиран за верификација на програма за возрасни лица со попреченост.<br><br>*Во тек е развој на план за надградување на услугите кои ќе ги нудат регионалните центри за стручно образование и обука. Во рамки на нивните надлежности ќе бидат опфатени постсредното образование и образованието на возрасни со посебен фокус на лица со попреченост. | **Проблеми**:<br><br>Слаб интерес кај давателите на услуги за неформално образование за верификација на програми за возрасни лица со попреченост.<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Верификација на поголем број на програми за неформално образование за возрасни лица со попреченост и целосно оспособување на сите функционалности на регионалните центри за стручно образование и обука . | |

**3.2.1.3. Цел: Подобрување на содржините и квалитетот во образованието и јакнење на капацитетите на човечките ресурси (капацитетите на училиштата и наставниот кадар)**

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Подобрување на средината за учење, вклучително и содржините, методите и техниките на учење во насока на обезбедување на индивидуален пристап кон учениците | **МОН,**<br><br>БРО, НАЕОПМ, општини, училишта, универзитети, | 2019-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>Активностите се во тек<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*Во 2020 г формирана е Работна група за изготвување на нова Концепција за основно образование, која изработи предлог Национална концепција. Предлог **Националната концепција во текот на месеците ноември - декември 2020 и јануари-февруари 2021, помина низ процес на широка консултација со сите засегнати страни, по што истата е формално усвоена на 3.3.2021 г., а ќе се применува сукцесивно од учебната 2021/2022 година (за учениците во прво и четврто одделение).**<br><br>**Врз основа на Концепцијата утврдени се и националните стандарди за постигањата на учениците на крајот на основното образование. Врз основа на клучните компетенции за доживотно учење од Европската** | **Проблеми**: Одолговлекување на процесот на донесување на новата Концепција за основно образование<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Целосна сукцесивна имплементација на новата Концепција за основно образование, врз основа на која ќе бидат изработени нови наставни програми.<br><br>*Спроведување на обуки за наставниците.<br>*Донесување на Законот за учебници, наставни и дидактички материјали во основно и средно образование | **1.242.774€** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **референтна рамка, како и врз основа на рамките на одделните компетенции развиени од Европската комисија (за странски јазици, за дигитални компетенции, за претприемништво), а особено имајќи го предвид нашиот образовен систем и знаењата, вештините и ставовите што треба да ги стекнат учнииците во основното образование во нашиот општествен контекст, определени се осум подрачја на националните стандарди во основното образование во нашата земја. Во нив се вклучени трансверзални компетенции и/или компетенции поврзани со определени предметни подрачја.**<br><br>*****Веднаш по донесување на Националната стратегија и националните стандарди, од страна на БРО распишани се јавни повици за формирање на авторски тимови за изработка на нови наставни програми од прво до петто одделение во основно образование.<br><br>*****Изготвено е ново предлог законско решение за употреба на учебници, но и други наставни и дидактички материјали во основните и средните училишта.<br><br>*****Имплементирана е законската одредба за сукцесивно намалување на бројот на ученици во паралелка во основно образование (за учениците од прво одделение во учебната 2019/2020 година, и за ученицте во прво и второ одделение во учебната 2020/2021 година) за што се обезбедени согласности за ново вработување на наставен кадар. Согласно Планот за одржување на настава во учебната 2020/2021 година, имајќи ја предвид пандемијата во основните училишта воспитно-образовниот процес се реализира во група до 20 ученици (во училница со стандардна големина) и физичка дистанца меѓу учениците од најмалку 1,5 метри, како и со задолжително почитување на Протоколот за настава со физичко присуство.<br><br>Согласно Законот за основно образование, обезбеден е т.н. тандем наставник по физичко образование за прво и второ одделение од основно образование, односно покрај одделенскиот наставник, наставата по физичко образование ја изведува и предметен наставник по физичко образование.<br><br>*****Во јануари 2020 промовиран е новиот „Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта“, во насока на полесна имплементација на одредбите од новиот Закон за основно образование кои се однесуваат на ученичко учество и | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | организирање (член 68). | | |
| б/ Подобрување на условите за работа/учење во образованието | **МОН** | 2020-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>***Во текот на 2020 година завршена е реконструкцијата на 23 училишта, а во фаза на изградба/доградба се шест нови училишта/објекти. Завршени се со изградба 12 училишни спортски сали, а во фаза на изградба се седум училишни спортски сали.**<br>*На 13.11.2020 на интернет страницата на МОН објавен е Јавен повик за доставување на апликации (барања) за финансирање на проекти за реконструкција на училишни објекти на основни и средни училишта во надлежност на општините и на Градот Скопје со средства од Буџетот на МОН. Како еден од критериумите за избор на училиште е пристапноста за учениците со попреченост.<br>*За зголемување на инклузивноста во образованието, МОН работи на две програми со Европската делегација. Со првата, 12 образовни објекти, по 4 од основно, средно и високо образование, ќе бидат реконструирани и ќе добијат пристапни рампи и пристапност до просториите, со средства од ЕУ. | **Проблеми**:<br>Обезбедување на соодветна техничка документација (дозвола за градба), потреба од донесување на измени на ДУП и сл.<br>**Идни чекори**:<br>Во Програмите за инвестиции за 2021 година предвидена е изградба/доградба на 12 училишни објекти и реконструкција на 20 училишта. | **9.437.193€** |
| в/ Јакнење на капацитетите на човечките ресурси во образованието | **МОН,**<br><br>БРО, ДИЦ, Педагошки факултет, училишта, факултети | 2019-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>Континуирано се имплементира<br>**Остварен напредок:**<br>***Врз основа на новиот Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта (усвоен во август 2019), во текот на 2020 година донесени се сите подзаконски акти кои се однесуваат на професионалниот и кариерниот развој на наставниците и стручните соработници.**<br>**Во сите основни и средни училишта формирани се тимови за професионален развој, согласно Законот за наставници и соработници во основните и средните училишта**<br>Во ноември формирана е работна група за подготовка на Каталог на акредитирани програми за обука на воспитно-образовниот кадар. Во текот на 2020 година, спроведени се неколку обуки за наставниците и стручните соработници (на национално ниво). На системот за управување со учење на | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**:<br>*Изработка на Каталог на акредитирани програми за обука на воспитно-образовниот кадар и<br>*Имплементација на системот за кариерен развој на стручните соработници во основно образование и за наставниците и стручните соработници во средно образование. | **107.741€** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | БРО, поставени се три обуки: Обука за инклузивно образование (развиена со поддршка на УНИЦЕФ), Обука/курс за реализирање на настава со користење на различни ИКТ средства за учење (развиена од страна на БРО и надворешен провајдер) и Обука за критичко размислување и решавање на проблеми (развиена во рамки на проектот ,,Училишта на 21 век”).<br><br>*Секоја година, МОН распишува конкурс за доделување стипендии на редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија, меѓу кои и 30 стипендии за студенти кои се запишани во прва година на студиски програми на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование.<br><br>***Развиен и пуштен е во употреба е-системот за кариерен развој. Владата на 35-та седница одржана на 29.12.2020 донесе Одлука за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници во основните училишта кои можат да се стекнат со звања наставник-ментор, за фискалната 2021 година. Во месец јануари 2021 објавен е јавен повик до наставниците во основните училишта за доставување на барања за напредување во звање наставник-ментор.** | | |

## 3.2.2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА ЗА КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ - ОСНОВА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ВО СИСТЕМОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

### 3.2.2.1. Цел: Воспоставување на оддржлив систем на НРК и јакнење на човечките ресурси за негова примена

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Јакнење на улогата на Националниот Одбор на Македонската рамка на квалификации | **МОН** | 2020 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Разгледувани се можностите за примена на политиките за зелени квалификации, меѓународни квалификации, средно стручно образование, валидацијата на неформалното и искуственото учење. | **Проблеми**: /<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Понатамошно активно учество во креирањето на политиките за квалификациите | **27.870€** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| б/ Формирање на Секторски комисии за квалификации | **МОН,**<br><br>МЕ, МТСП, социјални партнери | 2020 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Формирана е Секторска комисија за здравство и социјална заштита. | **Проблеми**:<br>Отежнати услови за работа поради пандемијата<br>**Идни чекори**:<br>Формирање на преостанатите секторски комисии. | **41.806€** |
| в Усвојување и имплементација на Упатства и процедури за осигурување на квалитет согласно препораките на Европската рамка на квалификации (ЕРК) | **МОН,**<br><br>БРО, ЦСОО, ЦОВ, Национален одбор за МРК, Секторски комисии и други | 2020-2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>**Усвоени се процедури и упатства за осигурување на квалитет, истите се објавени на веб страницата mrk.mk** | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**: / | Нема фискални импликации (користени се твининг проекти) |
| г/ Надградба на систем за управување со информации за НРК (Регистар на квалификации) | **МОН,**<br><br>МЕ, МТСП, социјални партнери | 2020-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Во рамки на ИПА проект предвидена е надградба на системот за НРК (регистарот на квалификации)**.** Изготвена е техничка спецификација и согласно ЕУ процедурите, објавено е известување/најавата за објава на тендер. | **Проблеми**: /<br>**Идни чекори**:<br>Објава на тендер, евалуација и избор на компанија за надградба на софтверското решение. | **16.129€** |
| д/ Подигање на свеста на заинтересираните страни и корисници за улогата и реформското значење на НРК преку јавни настани и кампањи | **МОН** | 2019-2020 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Разгледани се можности за содржината и активностите за комуникациската улога на рамката. | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**:<br>Планирано е да се работи на комуникациска стратегија и Политики за комуникација на рамката и прегледност на квалификациите. | Нема фискални импликации |

## 3.2.3. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА НА РАБОТНАТА СИЛА И ГРАДЕЊЕ НА ФЛЕКСИБИЛНИ ПАТИШТА ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

| 3.2.3.1. Цел: Развој, модернизација и зголемување на атрактивноста на СОО | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Обезбедување на поголема усогласеност на СОО со потребите на пазарот на труд | **МОН**,<br><br>БРО, ЦСОО, МТСП, работодавачи/претпријатија, други релевантни институции, социјални партнери | 2019-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>Имплементацијата е во тек<br>**Остварен напредок:**<br>***Реформирано е четиригодишно стручно образование. Изработени се и формално донесени нови модуларно дизајнирани наставни програми, за сите нови квалификации/ образовни профили во средно стручно обрзование кои се базирани на резултати од учење, изразени со EQVET кредити и поени за општо-образовните и стручните предмети од прва до четврта година, кои започнаа да се имплементираат од учебната 2019-2020 година (прва година). Во учебната 2020/2021 започнаа да се применуваат новите наставни програми во средните стручни училишта во втората година. Наставните програми за трета и четврта година сукцесивно ќе се воведат во следните две учебни години.**<br>**Наставните програми се изработени во соработка со бизнис заедницата и ги отсликуваат потребите на пазарот на труд.**<br>***Донесени се наставните програми за дуалното стручно образование, за трета година, за училиштата во кои се спроведува дуално стручно образование.**<br>***Во првиот квартал од 2021г. под слоганот „Учи паметно, работи стручно“ беа организирани низа средби со компаниите за отворање на барани профили во стручните училишта. Имено, преку социјален дијалог со компаниите и бизнис заедницата на локално ниво, МОН заедно со општините работеше на утврдување профилите кои ќе бидат отворени во средните стручни училишта во учебната 2021/2022 година.** | **Проблеми**:<br>Неусогласеност помеѓу уписната политика и потребите на пазарот на труд<br>**Идни чекори**:<br>*Континуирано промовирање и подобрување на стручните училишта,<br>*Организирање советодавни средби со локалната заедница и бизнис секторот, во насока на усогласување на уписната политика во средните стручни училишта согласно потребите на пазарот на трудот | **2.341.709€** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| б/ Воспоставување современ и ефективен систем за постсредно образование | **МОН** | 2019-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>На барање на работодавачите/коморите изработени се стандарди на занимања, стандарди на квалификација и наставни и испитни програми за три квалификации за постсредно образование | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**:<br>Уредување на системот за постсредно во новиот Закон за стручно образование и обука | Нема фискални импликации |
| в/ Мерки за подобрување на атрактивноста, условите за учење и квалитетот на СОО | **МОН,**<br><br>БРО, ЦСОО, општини, училишта за СОО | 2019-2020 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>Имплементацијата е во тек<br>**Остварен напредок:**<br>*Во насока на подобро запознавање на учениците кои завршуваат основно образование со видовите струки и образовни профили кои им се на располагање при изборот на средното училиште каде ќе го продолжат воспитно – образовниот процес, Центарот за стручно образование и обука со поддршка на проектот Е4Е - Образование за вработување во Северна Македонија, изготви „Водич низ квалификациите во стручното образование“. Истиот е објавен на интернет страниците на МОН, ЦСОО и БРО.<br>***Донесени се стандардите за простор и опрема за осумте квалификации кои ќе се обучуваат во трите регионални центри, изготвени од страна на ЦСОО. Донесени се Одлуки од страна на Владата на РСМ со кои три средни стручни училишта се транформираа и продолжуваат со работа како Регионални центри за стручно образование и обука од 1.1.2021.** | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**:<br>Спроведување на промотивната кампања „Учи паметно, работи стручно“ и организирање средби со компаниите за отворање на барани профили во стручните училишта. Преку социјален дијалог со компаниите и бизнис заедницата на локално ниво, МОН заедно со општините да ги утврди профилите кои ќе бидат отворени во средните стручни училишта во учебната 2022/2023 година | Нема фискални импликации |
| г/ Имплементација на Концептот за учење преку работа | **МОН,**<br><br>ЦСОО, училишта за СОО, работодавачи, комори | 2020 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>Имплементацијата е во тек<br>**Остварен напредок:**<br>***Од страна на министерот за образование и наука со Решение бр.08-4305/2 од 13.4.2020, на предлог на ЦСОО донесен е Концепт за учење преку работа, во насока на зголемување на практичните вештини на учениците**.<br>Концептот за учење преку работа е делумно имплементиран во 2020 година (пр. зголемен фонд на практична настава, вклучување на поголем број на работодавачи во имплементација на наставните програми, изготвена е предлог верзија на начинот на финансирање на стручното образование, преземени се активности за | **Проблеми**:<br>Концептот за учење преку работа е донесен во услови кога започна пандемијата ковид-19, поради која наставата во сите средни училишта беше прекината со физичко присуство и се организираше преку системот на далечинско учење, што значеше и приспособување, адаптација и на механизмите за учење преку работа, преку изработка на посебни протоколи<br>**Идни чекори**:<br>Донесување нов Закон за стручно образование и наука, во кој ќе бидат вградени одредби од Концептот за учење преку работа и донесување | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | институционализација на позицијата координатор за учење преку работа...) | на нова формула за начинот на финансирање на стручното образование (земајќи го предвид учењето преку работа) | |
| д/ Воспоставување Регионални Центри за стручно образование и обука | **МОН,**<br><br>ЦСОО, ЦОВ, работодавачи | 2019-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>Имплементацијата е во тек<br>**Остварен напредок:**<br>Донесени се одлуки од страна на Владата на РСМ со кои три средни стручни училишта се транформираа и продолжуваат со работа како Регионални центри за стручно образование и обука од 1.1.2021.<br>Донесени се стандардите за простор и опрема за осумте квалификации кои ќе се обучуваат во трите регионални центри, изготвени од страна на ЦСОО.<br>Отпочнати се постапки за реконструкција на трите регионални центри. | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**:<br>Реконструирање на трите регионални центри и зајакнување на нивните капацитети | 3.225€ |
| **3.2.3.2. Цел: Развој и унапредување на неформалното образование и образованието за возрасни** | | | | | |
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Зголемување на свеста за значењето, можностите и вклученоста во неформалното образование (НО) и образованието за возрасни (ОВ) и зголемување на знаењата, вештините и компетенциите на возрасните | **МОН**<br><br>ЦОВ, МТСП, даватели на обуки | 2020 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>Имплементацијата е во тек<br>**Остварен напредок:**<br>**Во текот на 2020 изработен е нов Закон за образование на возрасни кој е усвоен од страна на Владата во јануари 2021 и истиот е доставен до Собранието со цел негово донесување. Со законот целосно се унапредува системот на неформално образование на возрасните, а се уредува и системот на валидација на знаењата, вештините и компетенциите стекнати преку неформалното образование.** | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**:<br>Донесување на новиот Закон за образование на возрасни и сите подзаконски акти | Нема фискални импликации |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| б/ Подобрување на ефикасноста, содржината и квалитетот на неформалното образование и образованието на возрасни и зголемување на бројот на даватели на НО и ОВ | **ЦОВ,**<br><br>МОН, МТСП, даватели на неформално образование | 2019-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>Континуирано се спроведува<br>**Остварен напредок:**<br>Активностите континуирано се спроведуваа, а комисии за верификација на програми и установи и институции за образование на возрасните се формираа врз основа на пристигнати барања, но со намален интензитет поради пандемијата. | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**: | **233.065€** |

# СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

## 3.3.1. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА И ЕФЕКТИВНОСТА НА СИСТЕМОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ

### 3.3.1.1. Цел: Подобрување на обемот, опфатот и таргетирањето на системот на социјалната помош

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Унапредување на адекватноста и зголемување на опфатот на корисници во системот на социјална заштита | **МТСП**<br><br>ЦСР | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Владата на Република Северна Македонија во април 2020 ја измени Уредбата со законска сила за примена на Законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба[xvi] со цел да се ублажат негативните последици од кризата и да се овозможи олеснет пристап до правото на гарантирана минимална помош (ГМП) за лицата кои се без сопствени средства за егзистенција, а особено на кои им престанал работниот однос во време на пандемијата од ковид-19 (спогодбено или со отказ од работодавец), кои се дел од неформалната економија и останале без приходи или пак биле избришани од евиденција на невработени. Паричниот додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството се обезбедува континуирано на месечна основа во текот на 2020 година. Со оглед дека состојбата со пандемијата ковид-19 продолжи и во 2021 година, а со цел за обезбедување на полесен пристап до остварување на правото на гарантирана минимална помош во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), донесен е **Закон за дополнување на Законот за социјалната заштита.**[xvii]<br><br>Олеснетите услови за остварување на правото на ГМП што важеа од април до декември 2020 година придонесоа голем број граѓани да се извлечат од екстремна | **Проблеми: /**<br><br>**Идни чекори:**<br><br>Следење на примената на Законот за социјална заштита и обезбедување стручна помош на центрите за социјална работа во имплементација на истиот. | **103.157.000€** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | сиромаштија. Од донесувањето на уредбата до декември 2020, опфатот на корисници на ГМП е зголемен за 15%. | | |
| б/ Обезбедување социјална сигурност за лица над 65 години во ризик од сиромаштија | **МТСП**<br><br>ЦСР | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Се применува Законот за социјална сигурност за старите лица[xviii]. Во декември 2020, 8.573 постари лица над 65 годишна возраст, кои не можат да обезбедат средства за егзистенција по други основи го користеле правото на социјална сигурност, споредено со 7.294 корисници на ова право во февруари 2020 (зголемување на опфатот за 18% за неполна година).<br><br>Како дел од четвртиот пакет на економски мерки, беше исплатена еднократна поддршка (платежни картички за граѓаните за поголема потрошувачка и за развој на домашните економски дејности) од 6.000 денари на граѓаните со низок доход, вклучително пензионери кои имаат до 15.000 ден. пензија и корисници на право на социјална сигурност на стари лица. | **Проблеми**:/<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Следење на примената на Законот и обезбедување стручна помош на центрите за социјална работа во имплементација на истиот. | Средствата се претставени во 3.3.1.1. а/ |
| в/ Унапредување на адекватноста и зголемување на опфатот на деца во системот на заштита на децата | МТСП<br><br>ЦСР | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Со измените и дополнувањата на Законот за заштита на децата[xix] се овозможи пристап до правата за детски додаток и за децата од домаќинства/семејства со ниски примања и на приматели на гарантирана минимална помош. Со овој закон е регулирано и правото на додаток за образование, за деца од основно и средно образование од семејства со ниски примања и за деца на корисници на гарантирана минимална помош. Во 2020 за 12% бил зголемен бројот на деца корисници на детски додаток и за 178% бројот на корисници на образовен додаток (главно заради проширување на ова право и за децата во основно образование).<br><br>По прогласувањето на пандемијата, мерките на Владата за задржување на работните места, олабавување на критериумите за гарантирана минимална помош и еднократната финансиска поддршка имаа тенденција да распределат пропорционално поголем удел од средства во домаќинства со деца. На пример, над 40% од новите корисници на ГМП биле домаќинства со деца, најчесто од | **Проблеми: /**<br><br>**Идни чекори:**<br><br>Следење на примената на Законот за заштита на децата и обезбедување стручна помош на центрите за социјална работа во имплементација на истиот. | **68.250.000€** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | албанско и ромско етничко потекло. | | |
| г/ Подобрување на соработката помеѓу институциите задолжени за спроведување мерки за активација на пазарот на труд и за обезбедување социјална заштита | **АВРСМ**<br><br>ЦСР, МТСП, ГО, даватели на услуги | 2022 | **Статус:** Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Информациите за воведување на активацијата согласно Правилникот за начинот на соработка за вклучување на корисникот на гарантирана минимална помош во активните мерки за вработување, како и формата и содржината на образецот на индивидуалниот план[xx] се дадени во рамки на активноста 3.1.1.2.б/.<br><br>Во тек е прилагодувањето на софтверското решение на Агенцијата за вработување и Министерството за труд и социјална политика, со што ќе се овозможи размената на податоци во реално време и заедничко изготвување на индивидуален план за најлесно вработливиот член на домаќинството. | **Проблеми:**<br><br>Презентирани во рамки на активноста 3.1.1.2.б/<br><br>**Идни чекори:**<br><br>*Во 2021 и 2022 ќе продолжи имплементацијата, следење и евалуацијата на активностите за активација на корисниците на минимална гарантирана помош на пазарот на труд.<br><br>*Подобрување на соработката помеѓу стручните лица во центрите за социјална работа и центрите за вработување заради изготвување на индивидуални планови за корисниците на ГМП и нивно вклучување на пазарот на трудот. | |

## 3.3.2. ПОДОБРУВАЊЕ НА ДОСТАПНОСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ

| 3.3.2.1. Цел: Развој и унапредување на социјалните услуги и можностите за вклучување различни субјекти во нивно квалитетно и ефикасно обезбедување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Креирање поволна правна рамка за обезбедување социјални услуги од различни даватели | **МТСП** | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br>Реализирани се активностите предвидени за 2020.<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*Законот за социјална заштита предвидува унапредување и развивање на социјалните услуги кои ќе се обезбедуваат во домот на корисникот, во заедницата и вон семејството, како и иновативни и интервентни социјални услуги. Во однос на обезбедувањето на социјалните услуги се овозможува вклучување на локалната самоуправа, како и на здруженијата, физички лица и приватниот сектор во обезбедувањето и испораката на услугите во заедницата. Во оваа насока се воведува систем на лиценцирање на даватели на социјални услуги. | **Проблеми**:/<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Унапредување на правната рамка за обезбедување социјални услуги за разни даватели,<br><br>*Унапредување на системот на следење и квалитет на социјалните услуги (повеќегодишен процес),<br><br>*Дигитализација на процесот на поднесување на барање за лиценцирање на услугите,<br><br>*Развој на интегриран софтвер на социјалните надоместоци и социјалните услуги. | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Министерството за труд и социјална политика ги донесе подзаконските акти потребни за давање на разни услуги за лицата со попреченост како што се помош и нега во домот, лична асистенција, живеење со поддршка и одмена на семејна грижа. Ја донесе и методологијата за лиценцирање на даватели на социјални услуги, како и методологијата за утврдување на трошоците за социјални услуги. Формирани се и Комисија за лиценцирање на даватели на социјални услуги и Комисија за обезбедување средства за социјални услуги од општините и другите даватели.<br><br>До декември 2020, беа лиценцирани вкупно 20 даватели на социјални услуги.<br><br>* За преземените чекори за развој на системот на следење на социјалните услуги што е важно за постојано унапредување на социјалните услуги и гарантирање на квалитет на услугите е известено во делот 3.3.3.1 б/ | | |
| б/ Обезбедување финансиска и техничка поддршка за развој на социјални услуги | **МТСП** | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br>Реализирани се активностите предвидени за 2020.<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*Во делот на обезбедување на социјалните услуги од страна на лиценцирани даватели во 2020 и 2021 година доделени се средства на јавен конкурс за давање на социјални услуги на пет овластени даватели.<br><br>*На јавниот повик за финансирање на проекти за развој на социјални услуги до општините и општините во градот Скопје/потенцијални даватели на услуги беа одобрени вкупно 24 проекти од кои за 19 проекти се потпишаа договори. Во рамки на овие 19 проекти вклучени се вкупно 26 општини. Услугите што ќе бидат развиени се: помош и нега во домот, дневни центри за деца со попреченост, дневен центар за стари лица, рехабилитација на лица со попреченост, живеење со поддршка за жени-жртви на насилство и рана интервенција за деца со попреченост (средствата за финансирање на развојот на новите услуги се обезбедени од заемот на Светска банка за подобрување на социјалните услуги). Вкупниот планиран број на корисници (вкупен капацитет) на сите новокреирани услуги е 995 лица, при што 95% од корисниците би биле постари лица 65+.<br><br>*Подготвени и усвоени десет акциски планови за унапредување на социјалната заштита, со фокус на социјалните услуги, во десет општини (во соработка со | **Проблеми**:<br><br>Одржливост на социјалните услуги,воспоставени на локално ниво<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Проектите за развој на нови услуги ќе се реализираат до 2024 година.<br><br>*Министерството за труд и социјална од 2022 година ќе отпочне преку јавен повик да ги финансира веќе воспоставените социјални услуги на локално ниво<br><br>*Организирање информативни средби со регионалните плански региони со цел да се поттикне воспоставување на регионални совети за социјална заштита што се очекува до крај на годината | **2.686.000€**<br><br>2.661.000€<br><br>по договор, од нив исплатени: 209.000€<br><br>(заем на Светска банка)<br><br>Буџет на РСМ 25.000€ (програма 46)<br><br>Средствата за локалните акциски планови се презентирани под 3.3.3.1 б/ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | проектот на ЕУ за техничка поддршка на деинституционализацијата).<br>*Изготвен е  прирачник за зајакнување на капацитетите за социјална заштита на локално ниво и Упатство за функционирање на општинските совети за социјална заштита (со поддршка на УНДП).  Организирани се осум информативни средби на планските региони со учество на 123 претставници од општини, центри за вработување, центри за социјална работа, здруженија  на граѓани и планските региони. | | |

## 3.3.3. ПОДДРШКА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА

| **3.3.3.1. Цел: Зајакнување на процесот на деинституционализација** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Комплетирање на трансформацијата на резиденцијалните социјални институции во даватели на современи социјални услуги | **МТСП**<br><br>шесте резиденцијални социјални установи | 2022 | **Статус:** Делумно имплементирана<br>Активноста продолжува да се спроведува и во 2021<br>**Остварен напредок:**<br>*Во завршна фаза се подготовките за отворање на првите два центри за поддршка на згрижувачките семејства во Скопје и во Битола (реконструкција на потребните простории во поранешните резиденцијални социјални установи за деца, набавка на мебел, обука на обучувачи, подготвени стручни материјали и интерни документи – систематизација, програма за работа и сл.).<br>*Во завршна фаза се подготовките за отворање на првиот центар за одмена на семејна грижа (respite care) во целосно реконстуриран издвоен објект при сегашниот Специјален завод Демир Капија. Донесен правилник за новата услуга. Внатрешните подготовки се во тек.<br>* Во завршна фаза се подготовките за отворање нов дневен центар за 24 деца и млади со интелектуална попреченост на возраст од 14 до 26 години при Заводот за рехабилитација на деца и млади Скопје – Топанско Поле.<br>*Со Делегацијата на Европската Унија отпочна процесот на планирање на темелна реконструкција на Заводот за рехабилитација на деца и млади Скопје – Топанско Поле, за | **Проблеми**:<br>Состојбата со пандемијата со ковид-19 значително ги отежнува подготовките, поради отежнатите услови за директна комуникација и координација со вклучените актери. Контактите со вклучените институции се сведени на онлајн и телефонска комуникација за да се намалат можностите за ширење на вирусот помеѓу вработените и корисниците на институциите.<br>**Идни чекори**:<br>*Отворање на центрите за поддршка на згрижувачките семејства во Скопје и во Битола во втората половина на годината.<br>*Отворање на центарот за одмена на семејната грижа во Демир Капија.<br>*Отворање нов дневен центар за 24 деца и млади со интелектуална попреченост на возраст од 14 до 26 години при Заводот за рехабилитација на деца и млади Скопје – Топанско Поле (март 2021 година). [Заб. Активноста е реализирана во време на | **351.100€**<br><br>85.000€<br>Буџет на РСМ: 212,100€<br>Унииеф 54.000€ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | да прерасне во современ центар за дневни услуги за деца и лица со попреченост, вклучувајќи дневни услуги (центри), живеење со поддршка, професионална рехабилитација и сл.<br><br>* Преселбата на корисниците од резиденцијалните домови беше прекината поради пандемијата предизвикана од ковид-19. Во 2020 година започнаа три проекти во соработка и финансирани од Европската унија, кои се очекува да резултираат со преселба и живеење со поддршка во заедницата на 110 лица со попреченост кои во моментов живеат во резиденцијалните домови, пред сè од Специјалниот завод Демир Капија, до средината на 2022 година. На крајот на 2020 завршија подготовките за преселба на 8 корисници – лица со интелектуална попреченост од Специјалниот завод Демир Капија во две новоформирани станбени единици за живеење со поддршка во Демир Капија и во Неготино. | подготовка на извештајов]<br><br>*Подготовка на детален план, вклучувајќи изведбен проект за темелна реконструкција на Заводот за рехабилитација на деца и млади Скопје – Топанско Поле.<br><br>*Преселба на 8 корисници – лица со интелектуална попреченост од Специјалниот завод Демир Капија во две новоформирани станбени единици за живеење со поддршка во Демир Капија и во Неготино (со поддршка на ЕУ). [Заб. Активноста е реализирана во време на подготовка на извештајов]<br><br>*Креирање услови за преселба на 100на корисници од Специјалниот завод во Демир Капија во живеење со поддршка (со поддршка на ЕУ) | |
| б/ Развој на нови социјални услуги согласно новиот Закон за социјалната заштита | **МТСП** | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br>Реализирани се активностите предвидени за 2020. Активноста продолжува да се спроведува и во 2021<br>**Остварен напредок:**<br><br>*Подготвени и усвоени десет акциски планови за унапредување на социјалната заштита, со фокус на социјалните услуги, во десет општини (во соработка со проектот на ЕУ за техничка поддршка на деинституционализацијата).<br><br>*Усвоена методологија за утврдување на цената на чинење на социјалните услуги, како основа за јавно финансирање на нејавните даватели на социјални услуги.<br><br>*Усвоен правилникот за лиценцирање на давателите на социјални услуги; издадени се првите лиценци (наведени соодветно погоре во табелата).<br><br>*Спроведена проценка на потребите од обуки помеѓу чинителите од системот за социјална заштита, вклучувајќи ги давателите, јавни и приватни, на социјални услуги. Изработен план и материјали за обуките (во соработка со проектот на ЕУ за техничка поддршка на деинституционализацијата).<br><br>* Низ консултативен процес со вклучување на сите засегнати страни, беше изработен нацрт-документ за | **Проблеми**:<br><br>Состојбата со пандемијата со ковид-19 значително ги отежнува подготовките, поради отежнатите услови за директна комуникација и координација со вклучените актери.<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Обуки за јакнење на капацитетите на сегашните и потенцијалните даватели на социјални услуги, вклучувајќи ги општините. Планот за обуки вклучува спроведување онлајн обуки.<br><br>*Нов повик за техничка и финансиска поддршка на општините за воспоставување и лиценцирање социјални услуги.<br><br>*Усвојување на документот-план за воспоставување систем за мониторинг и оценка на квалитетот на социјалните услуги. | **220.000€**<br><br>(ИПА) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | унапредување на мониторингот и оценката на квалитетот на социјалните услуги (во соработка со проектот на ЕУ за техничка поддршка на деинституционализацијата). Се разработи деталната архитектура на системот на следење, во која се опишани елементите и процесите на следење на квалитетот на услугите на национално и локално ниво, но и на ниво на даватели на услуги и корисници. | | |
| в/ Отпочнување на деинституционализацијата на институциите за лица со нарушено ментално здравје | **МТСП, МЗ**<br><br>ЦСР, ЕЛС, НВО | 2022 | **Статус:** Не е имплементирана<br><br>**Остварен напредок:** | **Проблеми**:/<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Ова е втора фаза во процесот на деинституционализацијата: согласно Националната стратегија за деинституционализација 2018-2027, институциите за лица со нарушено ментално здравје треба да го отпочнат процесот по 2023 година. | |

## 3.3.4. УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ИНКЛУЗИЈА НА РОМИТЕ

| 3.3.4.1. Цел: Понатамошно унапредување на условите и квалитетот на живот, пристапот до услуги и социјалната инклузија на Ромите во Република Македонија | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Подобрување на можностите за вработување и намалување на невработеноста на ромската заедница и зголемување на вклученоста на Ромите во различните активни програми и мерки за вработување | **МТСП,**<br><br>МОН, АВРСМ, ЦСР, локална самоуправа, РИЦ,, НВО, КЗД, меѓународни организации | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>Целосно се имплементирани активностите предвидени за 2020 во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот; Активноста продолжува да се спроведува и во 2021 година.<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>АВРСМ ги реализираше активностите за подобрување на можностите за вработување и вработливоста на невработените лица Роми, преку нивно вклучување во активните програми и мерки за вработување и услугите од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година. Вклучено е 431 лице во повеќе активни мерки за вработување од следните програми: Поддршка за | **Проблеми**:<br><br>Заради настанатата ситуација со ковид-19 одредени видови услуги во изминатиот период се реализираа со намален обем затоа што не можеа да се спроведуваат на начин како што е предвидено (на пример групни активности во рамките на повеќе видови услуги и др). Активностите на центрите за вработување беа насочени кон услугите кои се спроведуваа со индивидуален приод<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Активностите на АВРСМ за зголемување на можностите за вработувањето на Ромите продолжуваат и со реализација на ОП за | Средствата се претставени под<br><br>3.1.1.2. а/ и б/ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | самовработување, Поддршка за креирање нови работни места, Обуки, Практикантство и Програма за работно ангажирање.<br><br>Невработените лица добиваа индивидуална поддршка преку услугите за вработување кои имаа за цел да ги информираат, советуваат, мотивираат, да стекнат вештини за да се зајакне нивната вработливост и успешно вклучување на пазарот на трудот и вработување. Вклучени се 6.539 лица во услугите: Помош при барање работа, Активација на невработени Роми и други лица во ризик од социјално исклучување (спроведена од УНДП во соработка со центрите за вработување, види под 3.1.1.2. б/), Професионална ориентација и кариерно советување, Посредување при вработување и др. Реализирани се голем број на активности за информирање на невработените лица (преку директни средби и со повикување од центрите за вработување, информирање преку услугите, преку печатени и електронски медиуми, и др.) во работењето со невработените лица. Исто така, редовно се реализираа услугите и соработката со работодавачите преку посредувањето при вработување на доставено барање од страна на работодавачите, информирање и советување преку посети и индивидуални контакти со работодавачите во центрите за вработување. Невработените Роми беа вклучени и во Гаранцијата за млади (1.530 млади невработени Роми). | активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година.<br><br>* Продолжува активацијата на невработени Роми и други лица во ризик од социјално исклучување согласно моделот Acceder и менторска програма за Роми;<br><br>*Ќе се спроведе анализа на влијанието на социјалните надоместоци на активацијата на Ромите и др. корисници на ГМП на пазарот на трудот. | |
| б/ Подигнување на степенот на образование на Ромите и нивната вклученост во сите нивоа на образование | **МОН**<br><br>МТСП, БРО, ЦОВ, ЦСОО, локална самоуправа, РИЦ,, НВО, КЗД, РЕФ, меѓународни организации | 2022 | **Статус:** Делумно имплементирана<br><br>Континуирано се спроведува<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>***** Законот за основно образование (од август 2019) предвидува ангажирање на образовни медијатори за ученици Роми и ослободување од трошоци за еквиваленција на свидетелства на ранливите групи на граѓани. Запишувањето на децата кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасната граница, го врши комисија која ја формира директорот на училиштето. За незапишани и неоправдано отсутни ученици се известува Државниот просветен инспекторат.<br><br>**Во насока на подобрување на пристапот до образование на децата кои не биле вклучени во настава, во текот на 2020 година донесени се следниве акти:** | **Проблеми**:<br><br>*Во 2020 година предизвик претставуваше наставата на далечина, заради немањето соодветни услови за реализација на истата (ИКТ, интернет итн), кај одреден дел на ранливите категории на семејства. Во планот за реализација на наставата во основните и средните училишта е наведено дека за овие деца училиштето обезбедува печатени материјали кои ги преземаат родителите или со одобрение од Влада реализираа настава за овие деца.<br><br>* Поради пандемијата предизвикана од вирусот ковид-19, и новиот режим на работа на детските градинки (со намален капацитет и приоритет и со приоритет на вработните | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
